ГОРДАНА ТРАЈКОВА – КОСТОВСКА
АКАДЕМИК ДИМИТАР МИРЧЕВ

СОЦИОЛОГИЈА

ЗА II ГОДИНА
РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ
(ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ)

Скопје 2020 год.

КНИГОИЗДАТЕЛСТВО „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ – СКОПЈЕ

Едиција: УЧЕБНИЦИ

ГОРДАНА ТРАЈКОВА – КОСТОВСКА
АКАДЕМИК ДИМИТАР МИРЧЕВ

СОЦИОЛОГИЈА ЗА II ГОДИНА

РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ (ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ)

Рецензенти:

Проф. д-р. Блага Петровска

Томе Филипов
Професор во ДСУ „Ѓошо Викендиев“ – Кочани

Трајан Крстески
Професор во ДСУ „Св. Наум Охридски“ – Македонски Брод

Со решенија на Министерството за образование и наука: старо Решение бр. 11-5171/1 од 30.09.2002 година и продолжување на важноста со ново Решение бр. 08-7105/1 од 20.07.2020 година, се одобрува употребата на овој Учебник по Социологија за II година, реформирано гимназиско образование (дополнето издание) од авторите Гордана Трајкова – Костовска и академик Димитар Мирчев.

ПРЕДГОВОР

Овој учебник е наменет за вас, учениците од втора година во гимназиското образование кои за прв пат го изучувате наставниот предмет социологија, но и за сите оние кои сакаат да стекнат основни сознанија за социологијата и за социолошката проблематика. Изборот на темите и содржините е направен согласно наставната програма по социологија која вие ќе ја реализирате со вашите наставници во текот на редовната настава. Целта е да се поттикне кај вас интерес за социолошко разбирање на општествените појави и процеси кои сега сè, но и во иднина ќе бидат ваше секојдневие, составен дел на вашите животи.

Структурата на учебникот ја следи структурата на неколку современи американски учебници по социологија чија основна цел е да ја направат социологијата поприкладна и поразбирлива за сите оние кои не се социолози. Пристапот во презентирањето и објаснувањето на социолошките поими, појави, процеси и области од општествениот живот е едноставен. Текстот содржи дозирани информации од областа на современите социолошки теории и истражувања согласно вашата возраст и интелектуалниот капацитет и е прилагоден за дидактичките потреби на наставата. Целокупниот материјал е распределен во дванаесет поглавја (теми), а секоја тема е обработена преку внимателно избрани содржини кои ќе ви овозможат полесно да ја сфатите смислата на социолошките сознанија. Освен преку основен текст, социолошката содржина во учебникот е објаснета и со дополнителни текстови кои се вметнати низ основниот текст на соодветно место. Лесно се препознаваат бидејќи се напишани во урамени и бојадисани полиња. Тие претставуваат примери, дополнување или продлабучување на основниот текст со цел да ви се зголеми интересот за проучување на социолошките теми. Учебникот содржи и достаточен процент на илустративен материјал (фотографии, слики, табели), кој е во функција на дообјаснување и подобро разбирање на основниот текст. Најголем број наставни содржини завршуваат со рубриката - Запомни кој ги содржи значајните информации кои секој од вас треба да ги запомни ако сака да ги примени во практиката.

Учебникот кој е пред вас ќе ви биде од голема полза. Голем број од содржините се обработени и проблематизирани на начин кој ја отсликува општествената реалност во која секој од нас помалку или повеќе е вклучен. Тој ќе ви помогне да сфатите дека и при пиењето кафе со другарите после часови има социологија и дека видот на кафето, местото и времето во кое го пиете во голема мера го определува вашиот животен стил. Учебникот ќе ве поттикне да размислите како најдобро да го организирате својот живот, како да го изградите својот идентитет, какви односи да воспоставувате со луѓето околу вас и колку е значајно да се живее според вистинските вредности. Учебникот можеби ќе ви помогне да се ослободите од предрасудите за кои не сте ни свесни дека ги имате и ќе направи да бидете потолерантни во однос на другите без разлика на нивната родова, културна, етничка и религиска припадност. Можеби ќе ве охрабри послободно и порешително да преземате иницијатива за внесување на промени во вашите животи и како да дејствувате во корист на општествената заедница. Ќе ви помогне да развиете социолошка имагинација за тоа како е можно да се живее истовремено во еден локализиран и глобализиран свет без поголеми последици.

Ви посакуваме успех.

Авторите

1. ШТО Е СОЦИОЛОГИЈАТА?

- ***Предмет на проучување***
- ***Основачи на социологијата***
- ***Современи ориентации во социологијата***
- ***Социолошки методи и техники***

1.1. Предмет на проучување

Социологијата е најопшта наука за општеството. Нејзина задача е да ги објасни појавите и процесите во општеството, да објасни како функционирале општествата во минатото, а како функционираат денес и што придонело за нивниот развој. Ги открива заедничките обележја на сите досегашни општества, како и противречностите со кои се соочуваат. Го проучува местото и улогата на човекот како поединец, како член на група и како припадник на општествена заедница. Дава одговори на прашањата: зошто човекот живее во семејство, зошто ја создава културата, зошто има потреба да се групира со други луѓе и какви односи воспоставува. Открива како образованието, работата, религијата, половата, расната и етничката припадност влијаат врз обликувањето на потребите, желбите, вредностите, идеите на човекот и неговото однесување во заедницата.

Сето ова укажува дека социологијата има широко подрачје на проучување и затоа на социолозите отсекогаш им било тешко да го определат нејзиниот предмет на проучување. Во социолошката литература не можат да се најдат двајца социолози со идентична определба. Според едни, социологијата треба да ја проучува структурата на општеството, според други, таа треба да ги проучува формите на општествениот живот, а според трети социологијата е наука која треба да го разбере и протолкува човековото дејствување. Постојат и определби според кои социологијата треба да ги истражува човековите проблеми и да нуди соодветни решенија.

Иако различни, сите овие определби меѓусебно не се исклучуваат, туку напротив, укажуваат на тоа дека **предметот на проучување на социологијата е мошне широк, а тоа е општеството во целина (неговата структура, општествените појави, институциите,**

односите меѓу луѓето, законитостите според кои се одвиваат општествените промени и слично*)*. Британскиот социолог Ентони Гиденс тврди дека и пиењето кафе, кое го сметаме за секојдневен и незначаен ритуал, може да биде предмет на социолошко истражување. Поканата за пиење кафе во друштво е повод за разговор, дружење, интеракција, заемно дејствување на луѓето, а тие се, пред сè, социолошки теми. А, начинот на кој го пиете кафето, видот на кафето, местото каде го правите тоа, времето кога го пиете, во голема мера го определува вашиот животен стил - вели Гиденс.

Во продолжение следат примери од кои можете да заклучите кои сè прашања можат да бидат предмет на социолошко проучување.

Пример 1. Митко секогаш се чувствуваше добро во деновите поминати на село кај својот дедо. Си седеа во дворот и долго разговараа за мали и големи нешта, сé додека баба му не ги повикаше на ручек. Дедо му беше трпелив и смирен старец, многу поразличен од Никола - таткото на Митко. Во еден момент Митко одлучи да му ја каже на дедо си својата одлука, која не ја соопштил никому.

Дедо - рече тој - Одлучив кога ќе пораснам да бидам она што е тато. Заклучив дека тој има најдобра работа на светот.

Таткото на Митко беше директор во една голема фирма. Претходната вечер некои луѓе од фирмата биле кај нив дома на гости и забава. Дедо му на Митко бил љубопитен да дознае што се случило на забавата, за да посака Митко да стане директор како татко му.

Зар не разбираш дедо? Цело време сите се сложуваа со сè што кажа и се смееја на неговите шеги.

Кога на ставовите на директорот никој не се спротивставува, значи дека тој има авторитет.

Социолошко прашање би било: Каков вид на интеракција постои помеѓу вработените и какви се последиците од авторитарниот начин на донесување одлуки во една организација?

Пример 2. Сабота наутро е. Госпоѓа Николовска одејќи кон трпезаријата, го разгледуваше убаво среднениот двор на приватниот дом за стари лица во кој беше сместена. Таа е таму само два дена, но сфатила дека не е пожелно да доцни на појадокот. Во ходникот се сретна со една од вработените, која вообичаено учтиво ја поздравува. Овој пат не беше така. Госпоѓо Николовска - извика вработената - Вие сé уште сте во ноќница, а се шетате во дворот. Во Домот првата работа наутро е облекувањето. Ве молам одете и пресоблечете се.

Социолошко прашање би било: Зошто се потребни правила и норми на однесување во општествените институции и како реагираат луѓето кога треба да ги почитуваат?

Пример 3. Домаќинката Флора на пазар ја сретнува сосетката и ѝ вели: Гледаш ли колку се високи цените на пазарот? Знаеш, кај нас дома само мажот ми е вработен. Синот и ќерката студираат. Едвај успеваме да се прехраниме. Гледам. Ти си ја наполнила торбата!

Социолошко прашање би било: Од што зависи куповната моќ на потрошувачите и како невработеноста влијае врз раслојувањето на луѓето и врз зголемувањето на сиромаштијата?

Од дадените примери можат да произлезат голем број истражувачки прашања. Но, за еден социолог најважно е: 1. Дали секоја од овие случки може од ниво на поединечен случај да се воопшти на ниво на заедница, односно дали она што важи за секој поединечен случај може да важи за сите други наредни, исти или слични случки, и 2. Дали од овие и слични случки може да се заклучи каква е вклученоста на поединците во заедничкиот живот.

Различни погледи во истражувањето на ист феномен

Проблемот на невработеност може да биде предмет на истражување на социолозите, историчарите, политиколозите, економистите и психолозите. Еве како секој од нив би го дефинирал проблемот, ако светската статистка покажува дека најмногу од невработените се на возраст помеѓу 26 и 40-години . Воочи ја разликата помеѓу дефинирањето на проблемот на социолозите и останатите.

Политиколог: Која е улогата на владата во однос на овој проблем? Дали владите донесуваат програми за решавање на проблемот?

Економист: Дали високата стапка на невработеност е предизвикана од промените на пазарот или од промената на економската структура?

Психолог: Како влијае невработеноста врз личноста на поединецот?

Историчар: Како државата го решила проблемот со невработеноста пред десет години, а како го решава денес?

Социолог: Дали видот и степенот на образование влијаат врз стапката на невработеност кај лицата помеѓу 26 и 40-годишна возраст? Постои ли родова нееднаквост при вработувањето?

Запомни - Социологијата за свој предмет на проучување го има целокупниот општествен живот, односно сите појави во општеството. Затоа, таа е најопшта општествена наука. Во своите истражувања таа го користи глобалниот научен пристап. Секоја општествена појава ја набљудува во рамките на поширок сплет на појави со кои таа е поврзана непосредно или посредно. Затоа социологијата е и воопштувачка наука. Таа е основа од која поаѓаат сите посебни општествени науки. Претставува поле на кое нивните посебни резултати се поврзуваат во широка социолошка синтеза.

Социологијата е и применета наука. Социолошките знаења ќе му помогнат секому да го разбере своето место и улога во општеството, да ги открие економските, политичките, културните и родови нееднаквости, да го изгради својот идентитет, да оствари подобра комуникација со различните од себе, да ги избегнува предрасудите и девијантните појави во општеството, да ги препознава вредностите и етички да го осмислува својот живот. Ќе му овозможи и критички да размислува и активно да учествува во решавањето на бројни проблеми во современото општество.

Пред вас е наука која поставува многу прашања, но која дозволува слободна размена на идеи, критичко мислење и интелектуален натпревар.

1.2. Основачи на социологијата

Социологијата како наука има кратка историја, но затоа има многу долга предисторија. Интерес за социолошки истражувања прејавувале уште грчките и римските мислители: Сократ, Аристотел, Платон, Херодот, Тукидит, Кикерон и Ливиј. Истражувале кое е најдоброто општествено и државно уредување, каков е односот помеѓу политиката и моралот, кои се причините за нееднаквоста меѓу луѓето и слично.

Услови за појава на социологијата се создавале во текот на долг период (од XVI до XIX век), во кој се случиле три револуции: **научната революција**, со која се намалило влијанието на црквата и религијата; **политичката революција**, со која се докажало дека човекот е способен сам да управува со својата судбина и **индустриската революција**, со која се создало новото (капиталистичко) општество, кое станало предмет на проучување на социологијата.

Научната револуција го овозможила создавањето на социологијата како наука дотолку што таа прво овозможила развој на

природните науки (астрономија, физика, хемија, медицина) и научниот метод на проучување, кој сè повеќе се применувал и при проучувањето на општествените појави. Се појавило и просветителството, интелектуално движење, чии приврзаници тврделе дека разумот е моќно средство со кое човекот можел да го разбере светот околу себе.

Во овој период избувнала и Француската револуција со која се урнал феудализмот и се создало новото, капиталистичко општество. Индустриската револуција довела до појава на нови општествени проблеми. Појавата на парната машина го променила начинот на производство од мануфактурно рачно) во машинско производство. Се отворале фабрики, кои ја привлекле работната сила од селата, а со тоа никнувале нови градови околу фабриките. Работниците работеле и живееле во многу тешки услови. Се појавил нов тип на експлоатација, со што се зголемила сиромаштијата. Сето ова ја зголемило и потребата од наука која ќе ги проучува овие проблеми и ќе понуди решенија за нивното надминување.

Социологијата, најпрво, се појавила во Англија, Франција и Германија, бидејќи во нив најмногу биле почувствувани промените од индустриската револуција. Кон крајот на XVIII и половината на XIX век, на голем број универзитети се држеле предавања по морална филозофија, социјална физика, социјална механика и социјална физиологија. Сите се обидувале да го претстават општеството како природен феномен за кој важат законите на природата. Во овој период развојот на социологијата бил во чекор со развојот на природните науки.

Сен Симон кој живеел во време на големата криза на француското општество, отворено укажувал на потребата од создавање на наука за општеството. Според него таа наука ќе треба да објасни зошто е потребна преобразба на француското општество и ќе треба да ги открие движечките сили кои водат кон развој. Науката ја нарекол социјална физика, а подоцна социјална физиологија. Некои социолози Сен Симон го сметаат за основач на социологијата, бидејќи неговите дела во елементарна форма ги содржат сите својства на развиена социолошка наука.

Осамостојувањето на социологијата како посебна наука е долготраен процес во кој едни очекуваат таа да биде чувар на постојниот поредок, а други очекуваат таа да биде духовен двигател

за негово целосно менување. Голем број мислители кои живееле пред и по Француската револуција, особено во втората половина на XIX век, учествувале во процесот на нејзиното осамостојување. Сите тие определувајќи го нејзиниот предмет и методи на проучување го оформиле ликот на социолошката наука. Некои од нив особено се значајни.

Огист Конт (1798 - 1857) и го дал името на социологијата, кованица од два збора: од старогрчкиот „logos"" и латинскиот „societas", со значење - практична позитивна наука за општеството.

Тој верувал дека е можно да се создаде наука за општеството која ќе се базира на истите начела и постапки на кои се базираат природните науки, (биологија, хемија, физика) и на тој начин ќе се докаже дека развојот на општеството се одвива според непроменливи закони. Конт тврдел дека однесувањето на луѓето е подеднакво мерливо како и материјата. Ако материјата е мерлива според тежината, температурата и притисокот, велел тој, тогаш мора да постојат и мерки да се измери и однесувањето на луѓето. Како што материјата ја менува својата тежина од некое надворешно влијание, така и однесувањето на луѓето се менува од некоја надворешна дразба. Ако поплавите ги уништуваат селата, кои се наоѓаат покрај бреговите на реките, тогаш луѓето, преку набљудување, треба да научат да ги предвидуваат и како да се одбранат од нив.

Општеството, според него, е стабилно само ако не ја менува својата физиономија, односно ако власта остане во рацете на оние кои веќе ја поседуваат (капиталистите).

Своето учење Конт го поделил на социјална статика (состојба на мирување) и социјална динамика (состојба на подвижност, промена). Во првото учење, тој ги истражува механизмите кои придонесуваат за стабилност на општеството (семејството, јазикот, религијата, поделбата на трудот), а во второто учење, како настануваат општествените промени. Според Конт, секое општество во својот развој мора да мине низ три фази: теолошка, метафизичка и позитивна фаза. Во првата фаза, важат апсолутните вистини. Појавите во општеството се објаснуваат со помош на натприродните сили, односно Бог. Втората фаза е варијанта на првата. Во неа општествените појави се објаснуваат со помош на природните сили. Во третата фаза, позитивната, се напуштаат идеите за постоење на апсолутни вистини за општеството. Значајно место му се дава на човековото дејствување, зошто само човекот има способност да мисли и да ја осознава општествената стварност. Според Конт, во третата фаза се појавила социологијата како наука и

има мисионерска улога, да го подобри општеството. Физиката ја сметал за најразвиена „позитивна“ наука која треба да послужи за пример на социологијата. Ова настојување, општествените науки да се градат по примерот на природните науки е карактеристика на позитивизмот, мошне влијателен правец во општествените науки.

Карл Маркс (1818 - 1883) е германски интелектуалец, кој поради своите револуционерни активности бил протеран од Германија и поголем дел од животот го поминал во Лондон. Англија во средината на XIX век била најразвиена индустриска земја, така што Маркс можел одблизу да ги набљудува општествените проблеми предизвикани од индустријализацијата во земјата. Го критикувал капитализмот и верувал во прогресот. Според негово мислење, **целта на општествената наука е низ практиката да го менува светот**. За него општеството е арена на конфликти во која предност имаат оние кои се веќе привилегирани. Историјата на општеството за него е постојана борба за општествени придобивки помеѓу експлоататорската и експлоатираната класа во општеството. Според него, во сите општества каде постоеле две спротивставени класи, постоела нееднаква распределба на богатството и моќта. Во древна Грција и Рим, основните противречности се помеѓу слободните луѓе и робовите.

Во средновековните држави спротивставени класи се благородништвото, свештенството и земјопоседниците наспроти кметовите и селаните. Во капитализмот спротивставени се буржоазијата и пролетаријатот. Маркс утврдил дека корените на моќта на владејачките класи во сите дотогашни општества се наоѓаат во сопственоста над средствата за производство. Значи, какви односи ќе има во општеството зависи од начинот на производство. Од овие причини, во неговото учење примарно место заземаат социоекономските односи.

Маркс тврдел дека секое општество и секој економски систем во себе развива внатрешни спротивности. Но, во еден момент, тие стануваат толку силни што не можат да се контролираат. Кога ќе се случи ова, општеството се заменува со друг вид на општество. За Маркс работничката класа е таа што преку револуција ќе ја укине приватната сопственост над средствата за производство и ќе воспостави бескласно општество.

За разлика од Огист Конт, кој општествените конфликти ги сметал за болест на општеството која треба да се лекува, за Маркс тие се нормална состојба во која се наоѓа капиталистичкото општество.

Емил Диркем (1858 - 1917) е претставник на позитивизмот, но неговите ставови и определби за општеството, социологијата и социолошкиот метод се разликуваат од оние на останатите. **Тој ја дефинирал социологијата како наука за општествените факти**.

А што се општествени факти? Тие претставуваат начини на дејствување, мислење и чувствување кои постојат независно од поединците и имаат принуден карактер. Тоа се одредени правила кои раководат со однесувањето на поединците, а бидејќи тие не секогаш се видливи, поединците се покоруваат на општествените факти, а не се ни свесни за тоа. За Диркем општествени факти се: густината на населението, технологијата, семејството, религијата, правото, моралните норми. Тие ги надживуваат поединците.

За да биде појасно, еве неколку примери.

Ако ве праша некој -Дали се облекувате според ваш личен избор, веројатно одговорот ви е ДА, но не сте во право. А знаете ли зошто? Затоа што модата (во Диркемова смисла) е општествен факт кој ве принудува. Таа ви диктира одредени правила на облекување за кои не сте ни свесни. Многу жени носат зимски шешири не затоа што им е студено, туку затоа што се моден хит и нудат уникатен изглед. Во училиште не се облекуваме како за на плажа, затоа што тоа не го дозволува кодексот на облекување. Општествените факти можат и да го ограничат однесувањето на поединците со казнување, па дури и со отфрлање.

Така, на пример, во некои професии постојат правила на облекување (дрес код) според кои вработените мора да носат соодветна гардероба (полицајците -полициска униформа, лекарите - лекарски мантил, свештениците - мантија) и доколку не ги почитуваат правилата и дојдат облечени во некоја друга облека, можат да бидат санкционирани (опоменати, да им се намали плата, да добијат отказ).

За Диркем, религијата постои независно од поединецот. Таа постоела и пред тој да се роди и ќе постои и по неговата смрт. Таа има моќ да влијае врз свеста и одлуките на поединецот, а нејзината принуда се чувствува ако поединецот и се спротивстави.

Диркем го проучувал и самоубиството и се обидел да го објасни со помош на општествените факти. Проучувајќи статистички

податоци, дошол до заклучок дека поединците не се самоубиваат по сопствен избор, туку нешто ги тера да го направат тоа. Бројот на самоубиства се зголемувал во периоди на општествени промени, кога колективната (заедничка) свест и однесување влијаеле поизразено врз одлуките на поединците. Општеството се менува многу брзо, а со тоа и вредностите. Доколку старите вредности исчезнат пред да се создадат нови, во општеството настанува состојба на аномија (недостаток на правила за општествена регулација). Луѓето кои биле воспитувани и социјализирани во стариот систем и според старите вредности се чувствуваат дезориентирани во општеството во кое нема никакви правила и вредности, не знаат што се очекува од нив и тоа може да биде причина некои од нив да се самоубијат.

Макс Вебер (1864 - 1920). Како и Диркем, така и Вебер извршил големо влијание во многу области во социологијата. **Тој социологијата ја сфатил како наука која треба да го разбере и протолкува дејствувањето на луѓето во општеството.** Според него општественото дејствување е посебен вид на човечко однесување кое е во врска/релација со однесувањето на другите. Така, на пример, секој ученик кој во својата соба учи од овој учебник дејствува општествено, затоа што неговото однесување (учење) е насочено кон општественото дејствување на наставникот (има намера да испрашува). И дете кое со денови седи затворено во својата соба, одбива да јаде и да зборува со своите родители, општествено дејствува, бидејќи неговото однесување е насочено кон родителите со цел да им покаже дека е повредено од некое нивно однесување.

Вебер разликува четири типа на општествено дејствување: целно-рационално, вредносно-рационално, традиционално и афективно.

1. **Целно-рационално** се однесува поединец кој за да ја оствари целта користи најефикасни средства. За овој вид дејствување не е важно дали е во согласност со моралните норми, туку е важно да се постигне целта. Ученикот ќе учи сé додека не биде сигурен дека ќе ги задоволи очекувањата на наставникот.

2. **Вредноснорационално** е дејствување кое поединецот го извршува затоа што се чувствува почестен да го направи тоа, поради некоја вредност, без разлика на последиците. Па така, студент на Оксфордскиот универзитет (кој се смета за еден од најстарите и најдобри универзитети во светот), нема да си дозволи да препишува на испит, затоа што е под чест, дури и да добие слаба оценка.

3. **Традиционално** се однесува оној поединец кој реагира во согласност со веќе воспоставени начини на однесување и според одредени

навики. Тоа е случај со голем број верници кои редовно ги посетуваат црквите и практикуваат однапред утврдени ритуали.

И жетварските обичаи се традиционален начин на дејствување

4. **Афективно** се однесува оној кој дејствува во согласност со моменталната душевна состојба.

За разлика од случувањата во природата за кои заклучуваме по пат на набљудување на факти и процеси и не можеме да проникнеме во нивната внатрешност, човековото дејствување, за Вебер, има значење и може да се разбере. Така, на пример, многу е јасно и разбирливо како една влада се сменила, како се определува цената на пазарот, зошто избувнал штрајк, како војуваат примитивните племиња, затоа што секој може да се проектира себеси во овие ситуации, да ги сфати желбите, целите, вредностите на луѓето - учесници во овие настани и со нив да сочувствува. Но, човекот нема објаснување зошто паднал метеор, зошто водата замрзнала. Човекот тоа го разбира како последица на една законитост, како нешто што му е дадено.

Поголемиот број негови дела се посветени на бирократијата која за него била доминантен модел на организација. Иако верувал дека бирократијата е технички најефикасна форма на организација, тој бил загрижен, бидејќи таа, според него има моќ да ги дехуманизира односите меѓу луѓето. Тој сметал дека само поединец кој умее да ја разбере културата, може да се вклопи во неа. За да може да се разбере општеството и појавите во него, треба да се познава нивната еволуција и законитостите на општествениот развој.

Талкот Парсонс (1902 - 1979) е влијателен американски социолог. Основач е на функционалистичката теорија и се смета за најчесто цитиран социолог во последните децении. За него **социологијата е наука која треба да го проучува општественото дејствување на поединците организирано во општествени системи.** Проучувајќи ги поимите општествено дејствување/општествени системи, тој настојува социологијата да ја направи аналитичка научна дисциплина која има задача да воспостави одредени правилности во општественото дејствување на поединците и во општествените системи. Тој смета дека социологијата не може да го разбере и

протолкува дејствувањето на луѓето, ако претходно не ги утврди односите меѓу појавите. За Парсонс социологијата суштински не се разликува од другите науки, бидејќи не гледа суштинска разлика помеѓу природните и општествените науки. Според него сите науки го користат аналитичкиот пристап, при проучувањата сите поаѓаат од поимот систем како целина од делови меѓу кои владеат одредени правилности. Но, се сложува со тврдењето дека социологијата не треба да ги запостави целите, мотивите и идеалите кои се двигатели на однесувањето на луѓето.

За Парсонс, **основни проблеми со кои треба да се занимава социологијата е интеграцијата на општеството, поредокот (редот) во општеството и во неговите делови**. Поконкретно, таа треба да одговори на следниве неколку прашања: Зошто поединците во општеството се поврзуваат и соработуваат? Како поединците успеваат да не водат општа војна едни против други? На кој начин се обезбедува согласност и единство во општеството?

Според Парсонс одговорите на овие прашања се наоѓаат во поимот општествено дејствување. Според него луѓето имаат свест за тоа кои се целите и средствата на нивното дејствување, а целите, пак, произлегуваат од општествените вредности, норми, од самата култура. Вака дефинирани целите овозможуваат дејствувањето на поединците да се остварува на правилен и предвидлив начин и според очекувањата на другите. На тој начин тие ги поврзуваат своите дејствувања во општествен систем. Такви системи на вредности и норми се наоѓаат во облик на морал, право, религија, обичаи, идеологија и слично.

За да функционира општеството, Парсонс вели дека неопходни му се неколку елементи, а тоа се: јазикот, сродството, технологијата и религијата.

Запомни: Корените на модерната социологија лежат во Европа, која била потресувана од серија политички револуции и длабоки општествени промени како резултат на индустријализацијата и масовната миграција во доцниот XVIII и почетокот на XIX век. Конт, Маркс, Диркем, Вебер, секој на свој начин, се обиделе да ги објаснат основите на општествената стабилност, како и динамиката со која се случуваат промените. Нивните анализи за општеството, обезбедија основа за подоцнежните социолошки проучувања.

1.3. Современи ориентации/теории во социологијата

Социолошките ориентации (теории) се учења за општеството, логички поврзани и практично проверени ставови со кои се објаснуваат и предвидуваат општествените појави. Ги има повеќе. Некои се поразвиени од другите, но сите имаат иста цел - да одговараат на прашањата: каков е односот на поединецот и општеството, која е суштината на општествените појави, каков е карактерот на општествената структура, општествените групи и институции, кои фактори ги предизвикуваат општествените промени и слично.

Функционализмот е највлијателна теорија во современата социологија. Централно место во нејзиното проучување не е поединецот, туку **општеството како систем од меѓусебно поврзани делови**. Секој дел извршува некоја функција која придонесува за доброто на целиот систем, а за делови на системот се сметаат јазикот, сродството, технологијата, семејството, политиката и религијата. Според функционалистите - задача на социологијата е да ги утврди меѓусебните односи помеѓу деловите и односот на деловите спрема општеството во целина. За нив општествениот систем функционира како човечкото тело. Ако му откаже некој витален орган, човекот нема да може да преживее. Истото важи и за општеството. Затоа, основното прашање кое си го поставуваат функционалистите е - **која е улогата на делот во функционирањето на системот**.

Функционализмот одговорил на прашањето како се постигнува општествената стабилност (рамнотежа), но не бил во состојба да објасни како се случуваат општествените промени (кои општествени спротивности доведуваат до судири, преврати, револуции). Претставници на функционализмот се: Талкот Парсонс и Роберт Мертон.

Теорија на конфликтот

Корените на оваа теорија се наоѓаат во делата на Маркс. Таа е сосема спротивна на функционализмот. Наместо стабилноста на општеството, **приврзаниците на оваа теорија ги интересирале причините поради кои доаѓа до конфликти и судири во општеството.** Откриле дека конфликтите настануваат поради нееднаквата распределба на моќ во општеството. Со исклучок на првобитното општество, во сите типови на општества, една класа секогаш ги поседувала средствата за производство (капиталот, фабриките, машините, земјата), а другата класа немала ништо, освен работна сила. Маркс открил дека богатството го создаваат работниците, но бидејќи сопственици на средствата за производство се капиталистите, тие присвојуваат најголем дел од богатството во облик

на профит. Едни се богатат за сметка на другите. Маркс предвидел дека **противречностите помеѓу двете класи можат да се решат само по пат на класна револуција**.

Теоријата на конфликтот и денес е актуелна, затоа што и денешните општества се конфликтни. Пример: Во државата Онтарио долго време се дебатирало дали треба во училиштата да постои тринаесетто одделение. Претставниците на двете спротивставени страни ги образложувале своите аргументи, со цел да одлучат што е најдобро за учениците. Меѓутоа, теоретичарите на конфликтот утврдиле дека зад оваа дебата се крие конфликт помеѓу средношколските наставници и универзитетските професори. Првите имале интерес да ги задржат учениците што подолго во училиште за да си ги зачуваат работните места, а другите да ги добијат како студенти за да им се зголемат платите.

За да опстане општеството потребен е консензус (договор), но, теоретичарите на конфликтот не го признаваат тоа. За модерни теоретичари на конфликтот се сметаат: Ралф Дарендорф, Рајт Милс и Џон Портер.

Симболички интеракционизам

Теоријата на симболичкиот интеракционизам била развиена од Американците Џорџ Мид и Чарлс Кули. Тие се обидувале да докажат дека човекот и општеството се заемно поврзани и дека е невозможно одвоено да се проучуваат. **Општеството за нив е мрежа од интеракции помеѓу поединците.** Самиот поим симболички интеракционизам доволно кажува што е во центарот на вниманието на оваа теорија. За интеракционистите луѓето со помош на симболите им даваат значење на меѓусебните односи. Нив ги интересира какво е значењето на тие односи, како поединците субјективно реагираат во објективни ситуации. Според нив, иста ситуација не мора да предизвика идентични реакции кај сите поединци. На пример, една девојка може да реагира со задоволство, страв или гнев на забелешката што ќе и ја упати некој друг во врска со нејзиниот изглед. Се́ зависи од тоа како таа ќе ги разбере зборовите кои и се упатени од другиот.



Во тек на интеракцијата може да се промени однесувањето на поединците

Симболичките интеракционисти им придаваат големо значење на симболите. За нив тоа се знаци со подеднакво значење за сите членови на групата. На овој начин, однесувањето на луѓето е регулирано во согласност со значењето на симболите. Полициската униформа е симбол за ред, безбедност, заштита, санкција (казна), и луѓето повеќе реагираат на униформата отколку на личноста што неа ја носи. За некои луѓе симболот може да означува опасност, а за други сигурност. И зборовите се симболи кои заедно го формираат јазикот како основно средство за комуникација меѓу луѓето.

Зборовите се симболи кои ја осмислуваат комуникација

Структурализам е варијанта на функционализмот. Единствена разлика меѓу нив е методологијата што ја користат во истражувањето. Затоа, социолозите, најчесто, овие две теории ги спојуваат во една, структурно-функционалистичка теорија. Творец на оваа теорија е францускиот антрополог Клод Леви Строс. Функционализмот повеќе ја нагласува улогата на деловите во системот, а структурализмот обратно, структурата на системот (целината) која е непроменлива и која може да ги преживее сите времиња.

Етнометодологијата претставува теоретски правец во социологијата кој има за цел да ги анализира постапките на луѓето во секојдневниот живот и нивната смисла. Негов претставник е Харолд Гарфинкел. Тој сметал дека општествените појави треба да се проучуваат со **народски метод**, „со очите на обичните луѓе“. До ваква идеја дошол откако открил на кој начин поротниците ги донесуваат одлуките во американските судови. Открил дека и тие, како и обичните луѓе, одлуките ги донесуваат здраворазумни, искуствено. Според ова учење, општеството опстојува преку комуникацијата на неговите членови. Секој исказ во комуникацијата зависи од контекстот во кој се јавува.

1. 4. Социолошки методи и техники

Прашањата кои си ги поставуваат социолозите денес се слични со оние кои си ги поставувале и античките мислители. Недостигот

од методи во истражувањата и специфичноста на општествените појави биле причини поради кои немале одговори на многу прашања. Без методи ниту една наука не може да го објасни предметот на своето истражување, ниту, пак, да дојде до научни сознанија. **Зборот метод (грчки-methodos) значи пристап, постапка, начин како да се направи нешто.** Методите на истражување мора да бидат приспособени на предметот на истражување. Она што и недостасувало на социологијата во времето на нејзиното создавање е **научниот метод.** Тој овозможува објективно и систематско опишување и објаснување на појавите. Се состои од теорија, логика и техника.

За да може да го дефинира истражувачкото прашање, истражувачот прво треба да направи преглед на постојната литература (теоријата) за проблемот кој сака да го истражува. Од неа зависи како ќе се формулира истражувачкото прашање, кои хипотези ќе ги постави. На пример, денешните социолози при истражувањата често се повикуваат на достигнувањата на основачите на социологијата, исто како што во физиката Њутн се повикувал на основните поставки на Кеплер, Коперник, Галилео и др. Со теоријата, прво, се дефинира појавата што се истражува (временски, просторно и структурно), а потоа се согледува причината за нејзиното настанување, нејзиното влијание врз другите појави и врз општеството во целина.

Важно е да се напомни дека едно социолошко истражување не е можно да се спроведе врз целокупната популација (со сите луѓе). Таквото истражување би било многу скапо и би траело долго време. Затоа, социолозите избираат репрезентативен примерок (дел од популацијата која верно ја отсликува реалната состојба според пол, возраст, образование, место на живеење и слично). Така, на пример, ако социолозите сакаат да дознаат дали сте задоволни од содржините кои ги изучувате по социологија, нема да ги анкетираат сите ученици од втора година од гимназиското образование во РС Македонија (5 до 6 илјади ученици), туку ќе изберат примерок од 500 до 600 ученици кој ќе соодветствува на реалната слика во согласност со процентуалната застапеност според пол, успех, место на живеење и слично.

Логиката ги утврдува правилата, логичкиот редослед на дејствата кои треба да се преземат за да се дојде до научните вистини за истражуваната појава. Логично е да се почне од познатото кон помалку познатото за појавата. Правилен е оној методолошки пристап кој има ваков редослед: 1. поставување хипотези, 2. проверување

на хипотезите 3. докажување на хипотезите. Да се постават хипотези на едно истражување значи да се претпостават можните решенија на проблемот со помош на знаењата што ги имаме за него. Проверувањето на хипотези подразбира прибирање, средување и толкување на податоци (факти) со чија помош поставените хипотези се прифаќаат или се отфрлаат. Докажувањето на хипотезите значи поврзување на проверените хипотези со претходните знаења за проблемот и поставување одредена законитост (научна вистина) за појавата која се истражува.

Техниките како елемент на научниот метод се однесуваат на активностите што се преземаат и техничките средства кои се употребуваат во различни фази на истражувањето. Тие се разликуваат меѓу себе. Едни се користат за прибирање податоци, други за нивно средување, трети за нивно толкување .

Фази (истражувачки постапки)

1. Избор на тема и дефинирање на истражувачко прашање.
2. Дефинирање на целите на истражувањето.
3. Поставување на хипотези.
4. Избор на примерок.
5. Избор на методи и техники за прибирање на податоци.
6. Обработка на податоците.
7. Анализа на податоците и подготвување на извештај од истражувањето.

Истражувачки методи за прибирање податоци

Податоците при истражувањето на општествените појави најчесто се прибираат со **набљудување**, **анкета** и **интервју**. Вообичаено се користат заедно бидејќи се надополнуваат. Она што не може да се види, може да се дознае со разговор и обратно. Набљудувањето во социолошките истражувања е основен метод за прибирање податоци. Научното набљудување се разликува од обичното (лаичкото). Се спроведува плански и целно од страна на стручно лице. Постојат два вида на набљудување: со, и без учество на набљудувачот. Важно е оној што го користи овој метод да не влијае врз појавата која се набљудува, туку да ја набљудува онаква каква што е.

Анкетата претставува стандардизиран прашалник кој содржи листа на прашања (отворени или затворени) кои испитаниците треба

да ги одговорат за одреден временски период од областа на истражувачкиот проблем. Во минатото анкетите најчесто се спроведувале по пошта, а денес се популарни телефонските и онлајн анкети. **Интервјуто** е усна анкета и мора да биде добро подготвено и организирано. Вообичаено, се подготвува таканаречената основа за разговор (прашалник) според кој се поставуваат прашањата. Недостаток на овие техники е што луѓето често пати не сакаат да зборуваат за она што го интересира истражувачот.

Експерименталниот метод се употребува поретко, обично при истражување на мали групи кај кои сакаме да утврдиме како некој настан влијае врз однесувањето на луѓето. Се избираат две слични по состав групи на луѓе, при што кај едната вештачки се предизвикува некоја реакција (им се соопштува вест за елементарна непогода, за некоја неочекувана промена), а кај другата не се предизвикува реакција. На крајот на експериментот преку анкета се мерат разликите во ставовите кај двете групи.

Техники за средување и прикажување на податоци

Кога ќе се приберат податоците потребни за истражуваната појава, следува нивна класификација, пребројување, квантитативно (бројчено) споредување. Овие постапки во социолошката литература се познати под името посебни методи. **Класификација** е логичка постапка со која прибраните податоци се делат според нивниот вид. Основно правило кое важи за оваа постапка е дека поделбата мора да биде потполна и исцрпна (поделба без остаток). Мора да постојат јасни граници помеѓу видовите собрани податоци (кој податок за која појава или група појави се однесува). Во социологијата ова тешко се постигнува поради сложеноста на општествените појави. Затоа се користи **типологијата (сложена класификација)** каде класификацијата се врши врз основа на поголем број особини на појавата што се истражува. Се прави комбинација на битните особини, се создава идеален тип на појава и со неа се споредуваат појавите во стварноста.

Мерење. Со мерењето се постигнува поголем степен на прецизност на прибраните податоци. Претставува бројно означување на податоците. Во социологијата, мерењето најчесто се комбинира со статистичките методи. Социометрискиот тест е пример за мерење во психологијата и социологијата.

Статистички методи. Овие методи најпрво се користеле во економијата и демографијата, а денес се користат во сите општествени науки. Со нив се добиваат вредни податоци за состојбите во

економијата, производството, потрошувачката, приходите, движењата на населението по возраст, пол, занимања, образование.

Социометријата е посебна техника која се користи при истражувањето на малите групи во општеството. Со неа се откриваат социопсихолошките односи меѓу поединците во групата. Најчесто се применува кога треба да се испита од што зависи изборот на политичкиот водач, раководителот во фирмата, капитенот на спортската екипа и слично.

Анализа на содржина на документи е систематско испитување на избрана содржина (пишуван материјал) со цел да се забележат некои сфаќања, ставови, намери на конкретни групи или политики за одделни прашања. Ваквата анализа може да се употреби како историски материјал, бидејќи овозможува да се прави споредба за појавите во различни периоди. Анализа на содржина се прави на новинарски, историски, религиозни текстови со одредена цел.

Техники за анализа и толкување на податоци

Откако податоците за истражуваната појава ќе се средат, класифицираат, следува фазата во која тие треба да се протолкуваат. Во оваа фаза поставените хипотези на истражувањето или се потврдуваат или се отфрлаат.

Компаративен метод (споредбен) Аристотел го употребувал за проучувањето на политичкиот систем во Стара Грција. Во социологијата го вовел Емил Диркем и го употребувал како замена за експериментот. Со него се утврдуваат состојбите на појавите во одредено време, се споредува степенот на нивниот развој, а сето тоа помага во целост да се осознае појавата.

Мултиваријантна анализа е постапка со која се откриваат причинско-последичните односи меѓу појавите и општеството. Се применува во социолошките истражувања кога се анализираат односите помеѓу голем број променливи фактори (причини) кои ја предизвикале појавата.

Истражување на случај (key study) вклучува интензивно и исцрпно истражување кое се спроведува врз една иста целина: семејство, бизнис заедница, институција. Овој метод обезбедува детални опишувачки информации. На пример, со овој метод детално е истражена културата на луѓето во еден поправен дом во Соединетите Американски Држави која била потполно различна со постојната затворска култура.

Запомни: Една од најважните задачи на социологијата е да ја открие врската меѓу општото и посебното. За таа цел, во своите истражувања таа мора да користи квалитативни и квантитативни методи. Изборот на методот зависи од предметот на истражувањето.

Провери што си научил/а од темата - Што е социологија

1. Кои три револуции создадоа услови за појава на социологијата како наука?

2. Кој е придонесот на природните науки во формирањето на социологијата?

3. Што се́ може да биде предмет на социолошките истражувања?

4. Објасни ги позитивистичките сфаќања на Огист Конт.

5. Што докажал Диркем преку анализата на самоубиствата?

5. Која е разликата помеѓу функционалистите и теоретичарите на конфликтната теорија?

6. Кој е недостатокот на функционализмот како теоретска ориентација? На кое социолошко прашање функционалистите не успеале да дадат одговор?

7. Која е користа од постоење на повеќе теории во социологијата?

8. Објасни ја улогата на научниот метод во социолошките истражувања.

9. Објасни ја разликата меѓу метод и истражувачка техника.

10. Кои општествени појави можат да се истражуваат со статистичките методи, а кои со анализата на содржина на документи?

Истражувај и анализирај:

1. Состави прашалник преку кој ќе добиеш податоци кои социолошки проблеми сакаат да ги истражуваат твоите другари од класот.

2. Гледајте го германскиот филм „Експеримент“ (2001), од режисерот Оливер Харшбигел, а потоа откријте зошто експериментот најмалку се користи при социолошките истражувања.

3. Размисли на кој начин ќе можеш да ги употребиш социолошките знаења во твојот живот.

2. КУЛТУРА

- *Определување на културата*
- *Човековата природа и културата*
- *Културата како механизам за приспособување*
- *Симболичка заснованост на културата (јазикот)*
- *Културни сличности и културни разлики*
- *Културен идентитет и етноцентризам*
- *Културен релативизам*
- *Поткултура (суткултура) и противкултура*

2.1. Определување на културата

Културата претставува целосен систем кој опфаќа знаења, верувања, уметност, морал, право, обичаи и други способности, умеења и навики кои човекот ги стекнал како припадник на општеството.
Едвард Тејлор

Англискиот теоретичар Едвард Тејлор, еволуционист, смета дека културата на човештвото се развивала по пат на еволуција, од варварство до цивилизација. Заклучил дека надвор од општеството нема култура. Поимот култура го објаснува преку одговорот на прашањето: што е човекот како суштество кое единствено создава култура?

Човекот е природно суштество. Неговиот биолошки опстанок зависел од моќта да ја приспособи природата кон своите потреби. За да обезбеди храна, изработувал орудија, алати, а за да си ги објасни секојдневните незгоди и природни катастрофи создавал митови, легенди, верувања и на тој начин ја создавал културата.

Терминот култура кој потекнува од латинскиот глагол „cultus“ со значење негува, обработува земја, укажува на исконското човеково врзување за природата и за обработката на полињата. Во секојдневниот живот го употребуваме во повеќе значења. Така, на пример, за некој кој се однесува спротивно на нашите очекувања велиме дека е некултурен. За оној кој многу чита, оди во театар, гледа филмови

велиме дека е културно издигнат. Кога одиме на вечера со пријателите во ресторан и сме задоволни од услугата, храната и атмосферата, тогаш велиме дека во ресторанот има организациска култура, а за земјоделците кои садат повеќе градинарски растенија велиме дека засадиле повеќе земјоделски култури. Во последно време се употребува терминот духовна култура за да се нагласи облагородувањето на духот на човекот.

Со термините земјоделска култура и духовна култура се објаснуваат двете фази од човечкиот развој. Првата фаза, во која човекот е целосно зависен од природата и втората фаза, во која тој осознава за природните законитости и станува надмоќен. Антрополозите велат дека културата почнала да се создава во моментот кога човекот станал независен од природата.

Со глаголот „cultis“ можеме да го објасниме и потеклото на првобитните религиозни верувања на човекот. Култ значи боготворење/обожување на избрани животни, растенија, од кои зависел човечкиот опстанок.

Денес кога ќе се каже за некој познат актер или пејач дека е „култ ѕвезда“, тоа значи дека неговите обожаватели го величаат како да е Бог.

Кога социолозите зборуваат за културата мислат на сите оние нешта кои човекот ги создал свесно и плански во борбата за опстанок.

Поимот култура е многу близок со поимот општество и многу често се употребуваат како синоними. Но, сепак, треба да се прави разлика. Општеството е систем од заемни односи кои ги поврзуваат луѓето во една структурирана целина, додека културата се однесува на вредностите, идеите што и даваат значење на таа целина.

Што се́ опфаќа културата?

- **Конкретен систем на вредности** кои правилно го насочуваат однесувањето на луѓето. Вредностите им покажуваат на луѓето што е ценето во општеството и кон што треба да се стремат. Учествуваат во градењето на ставови, односи, умеења и вештини кај луѓето. Тие му даваат смисла на животот. Такви се слободата, праведноста, хуманоста, пријателството, храброста и слично.
- **Систем на симболи**, со чија помош се остварува комуникацијата и им се дава значење на појавите и процесите во рамките на едно општество или помеѓу различни општества. Во тој систем на симболи спаѓаат: јазикот, гестовите, обрасците на однесување, мотивите, идеите, светите предмети и слично.

- **Колективна меморија**: генерациското искуство (историски континуитет на пренесувани и развивани знаења, умеења, вештини). Секоја генерација не создава одново култура, туку таа се пренесува и се надградува од поколение на поколение.
- **Норми и санкции** со кои се реализираат вредностите и се штитат интересите на општеството. Тие покажуваат како треба да се однесуваат луѓето.

Запомни: Културата ја сочинуваат и мостовите, патиштата, компјутерите, црквите, џамиите, знаењата, образованието, уметноста, верувањата, обичаите, јазикот, однесувањето, умеењата и вештините, сеќавањата, предвидувањата, законите и законитостите и многу други нешта без кои не може да се замисли животот на човекот.

Културата ги прави луѓето поразлични од другите живи суштества. Преку културата луѓето го градат сопствениот идентитет и развиваат нови цивилизациски творби и вредности. Не случајно за некои луѓе се вели дека им недостасува демократската култура, културата на живеење, културата на јавниот збор затоа што тие се посакувани типови на култура.

Луѓето често го поврзуваат зборот култура и со нивните интелектуални активности , посетата на опера, балет, уметнички изложби и филозофски расправи. Младите луѓе кои посетуваат поп - концерти и ги слушаат најновите музички хитови на највисок тон, како и љубителите на научно-фантастични филмови, исто така, се дел од некоја култура.

2.2. Човековата природа и културата

Цивилизацијата ја покажува интелектуалната и производствена моќ на човекот над природата, неговата способност да ја приспособува природата за сопствени цели.

Едвард Тејлор - антрополог

Човекот е, пред сé, природно суштество. Тој како и сите други живи суштества се раѓа, се развива, ги задоволува своите биолошки потреби, старее и умира и затоа велиме дека и за него важат природните законитости. Но, секое новородено дете во раната фаза од својот живот е беспомошно. Тоа е зависно од повозрасните членови

на семејството, бидејќи му недостасуваат обрасци на однесување потребни за живот во општеството. Новороденчето не знае да зборува, не знае како да се однесува во ситуациите, нема развиено вештини и затоа се потпира на своите биолошки нагони: плаче кога е гладно, кога му недостасува внимание од родителите, се смее кога е сито, кога ќе ја добие посакуваната играчка, среќно е кога ќе ја почувствува љубовта од родителите.

Во подоцнежните фази од животот, детето мора да стекне знаења, вештини, да усвои одредени начини на однесување воспоставени од општеството. Со други зборови, детето треба да научи како да живее, како да се очовечи. *Социолозите би рекле - да ја научи културата под водство на возрасните.*

Културата, пак, е збирка од верувања, идеи, мислења, норми, вредности од кои луѓето учат како да живеат, а потоа знаењата ги пренесуваат од генерација на генерација. Од културата зависи што луѓето мислат, чувствуваат, како комуницираат и какви меѓусебни односи воспоставуваат. Иако биолошките и антрополошките истражувања покажуваат дека размислувањето, однесувањето на луѓето во голема мера зависи од генетскиот наследен фактор, од емоционалниот развој, половата припадност и слично, сепак влијанието на културата и културните обрасци имаат пресудно влијание. Со други зборови, културата е начин на живот на луѓето во едно општество. Таа во голема мера станува дел од животите на луѓето, така што тие не ни забележуваат дека постои.

Ова може да се илустрира со неколку примери.

1. Двајца разговараат во сала долга 10 метри. Едниот е од Северна, а другиот од Јужна Америка. Го започнуваат разговорот од едниот, а го завршуваат на другиот крај од салата. Американецот од Северна Америка постојано се повлекува наназад, сакајќи да се оддалечи од соговорникот, додека Јужноамериканецот постојано му се доближува. Всушност, секој од нив се обидува да ја зачува вообичаената оддалеченост при разговор определена од културата на која припаѓа. Северноамериканецот се чувствува непријатно поради преголемата близина на соговорникот, а пак Јужноамериканецот се чувствува, исто така, непријатно, затоа што разговара на оддалеченост која му ја наметнува Северноамериканецот.

2.Тинејџер од Тексас не сакал да плати две евра откако излегол од јавен тоалет во центарот на Париз, бидејќи користењето на јавните тоалети насекаде низ Америка е бесплатно. Германски тинејџер,

кој го користел јавниот тоалет неколку минути подоцна, воопшто не направил проблем околу плаќањето. Европејците знаат дека во речиси сите европски градови користењето на јавните тоалети се наплаќа.

3. Американка која била дојдена во неколкудневна посета на Барселона, додека се шетала низ градот забележала дека помеѓу 14 и 17 часот никој ништо не работи. Барселона се наоѓа меѓу десетте европски градови кои нудат најдобар баланс помеѓу работата и приватниот живот на луѓето. Работниците работат 41 час во неделата и затоа имаат повеќе време за одмор. Американката заминала изненадена од Барселона.

4. Во културата на населението кое живее на балканските простори блискоста и непосредноста при поздравувањето е впечатлива со ракување, гушкање, бакнување 2-3 пати во образ. Посетителите - странци често пати се „затекнати“ од ваквиот близок и непосреден контакт, бидејќи во некои култури, на пример, јапонската, воопшто и нема физички контакт при поздравување туку само поклонување.

Вакви споредби често треба да се практикуваат за да се согледа моќта на културата да наметне одредени обрасци на однесување.

Културата ја создава човекот за да си го олесни животот. На човекот не му е доволно само да преживее, туку сака да си го разубави животот. Затоа гради модерни живеалишта и патишта, отвора училишта и факултети за да се образува, конструира машини за да си ја олесни работата, користи мобилни телефони и компјутерска технологија, пронаоѓа лекови и вакцини, создава семејство, се занимава со уметност, спорт и слично. Но, ова не може да го направи сам, туку заедно со другите луѓе.

Запомни: Човекот е природно суштество. Со своето свесно и целисходно дејствување, во соработка со другите луѓе ја менува природата и ја приспособува кон своите потреби. На тој начин ја создава културата. Културата, пак, е посредник помеѓу човекот и природата. Ако човекот работи само за да преживее, тој не е очовечен и не може да се реализира себеси како општествено суштество. Културата како збир на идеи, вредности, норми е сврзно ткиво помеѓу човекот и општеството. Човековото постоење не може да се разбере и протолкува доколку не се земат предвид биолошките и културните процеси кои се случувале во текот на еволутивниот развиток.

2.3. Културата како механизам за приспособување

Ако сме согласни дека културата е збирка од верувања, идеи, мислења, норми, вредности од кои луѓето учат како да живеат, тогаш треба да сме согласни и со тврдењето дека сѐ што опфаќа културата треба да има своја намена/функција. Според оваа логика произлегува дека луѓето градат текстилни фабрики и модни куќи затоа што имаат потреба да се облечат за да се заштитат од студ и невреме. Создаваат земјоделски и животински фарми за да го задоволат гладот.Градат болници, пронаоѓаат лекови и вакцини за да си обезбедат здрав живот, се занимаваат со филозофија, наука, уметност за да си го осмислат животот.

Луѓето граделе големи објекти со децении какви што се: Кинескиот ѕид, египетските пирамиди и тоа не било случајно. Мрежата на односи кои луѓето ја воспоставувале во текот на заедничката работа претставува механизам на приспособување на луѓето на заеднички живот и опстанок.

Постојат различни теории околу прашањето - Која е функцијата на културата. Според теоријата на антропологот Бранислав Малиновски, културата постои за да ги задоволи основните биолошки, психолошки и општествени потреби на луѓето и нејзината функција е исклучително биолошко-психолошка. За антропологот Ретклиф Браун функција на културата е преку своите елементи (обичаи, верувања, вредности), постојано да ја обновува структурата на општеството и да го овозможи неговиот опстанок. Постојат и теории според кои културата се смета за механизам со чија помош луѓето ги решаваат сопствените проблеми, им даваат смисла и значење на предметите и појавите. Со тоа ја нагласуваат сознајната компонента на културата.

Процесите на глобализација, новите облици на комуникација, засилената меѓународна миграција (движење) на населението, придонесоа културата да се проучува од поинакви перспективи. На културата не се гледа веќе како на стабилен и затворен систем кој важи за одреден простор/територија. Таа се проучува преку концепти за мултикултуралност кои имаат за цел да пронаоѓаат механизми кои ќе овозможат зајакната меѓукултурна комуникација и намалување на културните недоразбирања.

Мултикултуралност и меѓукултурен дијалог, културен шок

Културната различност е дел од нашето секојдневие. Ја препознаваме на медиумите, на работните места, во училиштата, додека патуваме. Нејзиното постоење е доказ дека современите општества

стануваат сé повеќе мултикултурни (со повеќе форми на културен живот). Тоа значи дека во едно општество живеат припадници на различни култури и имаат различни културни белези. Затоа, нивен најголем предизвик е како да се воспостави **меѓукултурниот дијалог.** Демократските општества, на различни начини, се обидуваат да ги намалат поделбите меѓу луѓето по различни основи, но, очигледно е дека тие сé уште постојат. Неразбирањето на културата на другите, етничката припадност, предрасудите се честа причина луѓето да се оддалечуваат едни од други. Културните разлики ги отежнуваат процесите на меѓукултурна комуникација.

Мултикултуралноста се смета за фактор кој во голема мера влијае врз ставовите и однесувањето на луѓето кон други луѓе со поинаква култура. Затоа, луѓето треба да се учат на мултикултурност. Училиштата и другите воспитнообразовни институции се сметаат за места во кои може да се стекне најдобро мултикултурно искуство. Се стекнува и со учење на странски јазик, друг јазик поразличен од мајчиниот, преку контакти со припадници на различни етнички групи, преку патувања во странство, преку интернационални образовни програми и слично.

Допирот со друга култура, поразлична од својата, најчесто луѓето го доживуваат како *културен шок*. Причина за тоа е непознавањето на културата на другите. Еве неколку изјави на поединци како тие ги доживеале културните разлики при првото пристигнување во Канада.

Зеинаб од Либан: „Бев седмо одделение кога првпат дојдов во Канада. Паметам, додека разговарав со другарчињата постојано слушав: „Викендов сум кај татко ми, следниот кај мајка ми“. Постојано слушав за нивните полуродители, полубраќа, полусестри и ми беше шокантно бидејќи во Либан, луѓето ретко се разведуваат. Мислев дека тоа е така само во филмовите“.

Дана од Обединетите Арапски Емирати: Со семејството дојдовме од Дубаи пред три години и тоа е најдобрата одлука која некогаш сме ја донеле. Една од првите работи што ја забележав кај Канаѓаните е дека се многу љубезни и подготвени да ти помогнат. Друга работа што ме шокираше е што секој може да биде вработен, особено луѓе со хендикеп, бидејќи сите се третирани исто, без разлика на сè. Овде и ЛГБТ да си, никој не те осудува“.

Ен од Виетнам: Кога дојдов да учам средно училиште во Торонто беше август, топло време, како дома. Но, кога дојде декември, сосема друга приказна. Не бев ментално подготвена за таква зима. Кога температурата падна под нула степени, само сакав да си одам дома, на топло. И никој не сфати зошто“.

Андреа од Египет: Дојдов како тинејџер. Луѓето овде јадеа многу чудно. Толку многу различни формалности околу јадењето и не можев да бидам олабавен како во Египет. Овде на едно место треба да јадеш со нож, виљушка и салфетка во скут, а на друго можеш со прсти, со макање! Се изненадив, исто така, кога видов дека на забавите 80 % од луѓето не пушат“.

И во право се некои антрополози и социолози кога велат дека културата е начин на живот на припадниците на едно општество, збирка идеи и навики кои тие ги учат и ги пренесуваат од генерација на генерација. Бидејќи човекот нема инстинкти кои управуваат со неговите постапки, неговото однесување мора да се темели на насоки кои тој ги научил, а важат за сите. Без заедничка култура, членовите на општеството не би можеле да комуницираат, да соработуваат. Би настанала збрка и неред.

Запомни: Културата е прилично апстрактен поим. Трагањето по значењето на културата отворило пат за објаснување на начините на кои човекот функционира во општеството, а со текот на времето и до нови научни сознанија со кои можеме да ги истражуваме појавите што се резултат на допирот помеѓу различни култури. Во денешниот свет кој се движи по законите на глобализацијата, невозможно е да се избегнат судирите помеѓу различните култури. Тие можат да се ублажат единствено преку интеркулурно образование и меѓукултурниот дијалог.

2.4. Симболичка заснованост на културата (јазикот)

Антрополозите забележале дека човекот е суштество кое активно учествува во сé што претставува творештво во природата, историја и духовен живот. Но, се поставува прашањето: Што е тоа што човекот суштински го разликува од другите живи суштества и му овозможува, не само да биде активен, туку и да го преобразува светот и да создава вредности?

Само човекот создава култура и таа способност го прави да биде посебен. Оваа особина на човекот да создава култура најдобро ја објаснуваат антрополозите Ернест Касирер и Лесли Вајт кога велат дека човекот е, пред сè, суштество кое создава симболи, а културата симболичка активност на човекот.

Културата зависи од способноста на човекот да создава и употребува симболи. Тие му се потребни за да си ја олесни комуникацијата.

Што се симболите?

Секој збор, цртеж, фотографија, предмет, па дури и звучен сигнал може да биде симбол. Со нивна помош полесно и побрзо се пренесуваат пораките во текот на комуникацијата. **Зборовите, знаците, предметите стануваат симболи кога со нив можат да се објаснат предмети, појави кои можат да се видат, слушнат и да се допрат.** Симболите испраќаат пораки кои можат да ги разберат само луѓето преку сетилата.

Семафорите, сообраќајните знаци, писокот на локомотивата, химната која се свири на некој меѓународен спортски натпревар, покачувањето на живиниот столб во термометарот сè тоа се симболи. Во сите случаи ние сме во состојба, преку сетилата, да ги примиме пораките од надворешниот свет.

Кои пораки ни ги испраќаат овие симболи?

Во моментот кога ќе слушнеме писок на локомотива, веднаш заклучуваме дека доаѓа воз, бидејќи само тој произведува таков звук. Писокот, односно звучниот сигнал, е замена за возот. Покачувањето на живиниот столб во термометарот е знак дека температурата на воздухот или на човечкото тело е променета. Во сите случаи станува збор за знаци кои се замена за нешто друго. Симболите нé известуваат за нештата околу нас. Па така, кога шетаме покрај пруга, кога ќе го слушнеме писокот на локомотивата се тргнуваме на страна бидејќи сигнализира опасност. Кога сакаме да излеземе од дома, висината на живиниот столб ќе ни биде критериум како да се облечеме, како да го минеме денот. Затоа велиме дека симболите во голема мера го насочуваат нашето однесување.

Знакот/предметот или звучниот сигнал станува симбол, само ако луѓето се во состојба да ја сфатат смислата, значењето на знакот. Без разум и емоции, никој нема да почувствува потреба да стане од столчето кога се свири химна на натпревар, ниту, пак, ќе се тргне од шините на писокот од локомотивата. Луѓето, пак, кои го сфатиле значењето на симболот секогаш кога ќе го видат, слушнат или допрат ќе се однесуваат на ист начин.

Што се подразбира под симболично однесување на човекот?

Со споредба на човековите активности и однесувањето на животните, најдобро се објаснува разликата помеѓу симболичното и несимболичното однесување на човекот. Пример, човекот кашла, се чеша, плаче во неволја, се прозева, се протегнува и сето тоа претставува несимболично однесување. Таквото однесување не е својствено само за човекот туку и за некои цицачи. Меѓутоа, кога човекот разговара со другите луѓе и притоа користи артикулиран говор, кога изведува магиски дејства, кога во црква го исповедува гревот; кога оди во борба во име „на крстот“ (се мисли на крстоносните војни), кога прави алатки за работа, тогаш тој се однесува симболично.

Антропологот Лесли Вајт тврди дека „симболот е тој што го преобразил човекот од обично животно во човечко животно“ и заклучува дека „без симболична комуникација човекот не би имал култура“. Целокупната цивилизација настанала и се одржува со употреба на симболите.

Пехарот со змијата ѝ припаѓал на грчката божица според чие име подоцна настанал зборот хигиена. Змијата истовремено ја симболизира смртта и бесмртноста, бидејќи отровот може да убие, но и да излекува. Во средниот век и денес се користи како симбол на фармацевтската индустрија.

Пентаграмот првично бил симбол за борба против злите сили и често се ставал пред вратата, за да не можат да влезат во куќата. Подоцна го симболизирал Христос, а денес (превртен) се смета за симбол на сатаната.

Јазикот е еден од првите облици на човековите симболични активности. Повеќе антрополози нагласуваат дека јазикот и митот се во сродство и произлегуваат од ист корен. „Каде и да е човекот говори и под влијание на митотворството создава митови“, рекол антропологот Ернес Касирер. За Маркс Милер јазикот е стар колку и свеста на човекот. Настанал од потребата на човекот за комуникација со другите луѓе, особено во процесот на трудот.

Врз основа на овие определби произлегува дека јазикот е инструмент со кој човекот се изразува, создава и ги обликува своите мисли и чувства.

Говорот е општа способност на човекот да се изрази на артикулиран начин, додека јазикот е само конкретна манифестација на таа способност. Денес во науката преовладува мислењето дека симболите имаат најголема улога во животот на човекот. Тој живее во заедници и групи и без јазикот тој не би се чувствувал како дел од групата. Јазикот му обезбедува заедништво и затоа е важно какво значење ќе добијат зборовите.

2.5. Културни сличности и културни разлики

Секоја култура гради различни вредности според кои станува единствена и неповторлива. Но, културите се подложни на промени кои настануваат како резултат на нивните меѓусебни контакти. Во тие контакти најдобро можат да се согледаат нивните разлики и сличности во одредено време и простор.

Кога две култури ќе се најдат во подолготраен контакт, тие активно влијаат една на друга. Резултатот од тој допир може да биде различен: доминација на едната култура врз другата, при што припадниците на „послабата“ култура се асимилирани (го губат својот идентитет), или појава на една или две нови култури. **Овој допир на културите во социологијата се објаснува со поимите - акултурација, транскултурација.** Таков е случајот со македонската и турската култура за време на владеењето на Отоманската Империја. Пример за транскултурација е постоењето на турски зборови во македонскиот јазик: авлија = двор, бусија = заседа, сличности во облекувањето и приготвувањето на храна, практикување на обичаи и слично.

Културните сличности се елементи кои се среќаваат во секоја култура. Тие ја олеснуваат соработката и разбирањето меѓу културите. Така, на пример, во секоја култура постои јазик со граматички правила, некаква форма на брак и семејство, поим за убаво,

религија, поглед на светот, вредносни системи, институции (училишта, универзитети, музеи, театри, верски организации). Тие се разликуваат само по обликот во кој се јавуваат во зависност од степенот на развиеност на културата. Од културата зависи што ќе се користи за храна, која девојка ќе се смета за убава, дали раѓањето на близначиња ќе се смета за вредност или срам, колку време ќе се жали покојникот, како се решава проблемот со воспитувањето на децата и слично.

Верата ја има во секоја култура само се манифестира на различен начин

Културни разлики

Она што во нашето општество се смета за добро, вообичаено и секојднево во други општества може да се смета за невообичаено, несекојднево. Некои наши обичаи и однесувања можат да имаат сосема поинакво значење за припадниците на други култури и обратно, а тоа е така бидејќи постојат разлики во културите. Еве еден пример:

Џенифер Сенијор, авторот на книгата „Парадоксот на модерното родителство“ открива како културата во која живееме влијае врз начинот на одгледување на децата.

Американците, вели таа, најмногу учат за родителството од пријателите, од книги и интернет-страници. Тие применуваат најнови стратегии за воспитување како децата да станат успешни луѓе. Во Норвешка, повеќето од децата се целодневно згрижени во институции финансирани од државата. Таму е нормално децата да спијат надвор, на свеж воздух, дури и кога е студено. Во Јапонија децата извршуваат домашни обврски уште на седумгодишна возраст. Тие за превоз користат метро и сами се движат по улица.

Во скандинавските земји најважно е да се изгради демократска врска меѓу родителите и децата. Во Шведска правата на децата се најважни. На пример, детето има право да спие во кревет со родителот кога ќе посака. Корејските родители многу ги држат бебињата во раце, затоа што за нив е најбитен физичкиот контакт. Но, во семејството најбитна е послушноста , а не демократијата.

Според еврејската традиција, детето се воспитува за да ги напушти родителите. Тоа мора да биде подготвено за предизвици. Холандските родители не сакаат децата да им се под притисок. Највисоки приоритети им се децата да имаат редовен одмор, храна и пријатна околина. Во Шпанија семејствата се фокусирани на социјалните аспекти на развојот на детето. Тие се шокирани ако детето им легнува во 18:30 часот и спие до следниот ден бидејќи за нив е најважно детето најголем дел од времето да го минува со семејството.

Некои групи австралиски домородци, Ескими, Карибоа Индијанци практикуваат инфанцитид - убивање на доенчињата и геронтицид - убивање на старите лица. Во одделни делови на Австралија се убивале женските деца со цел да се намали бројот на населението во периодот на глад. Во Тасманија, ловечките племиња воделе номадски живот со цел да ја искористат ловечката сезона. Старите и болните ги напуштале. Прехранувањето на Карибоа Индијанците, кои живееле западно од Хадсоновиот Залив, зависел од бројот на стадата. Во зима кога стадата не се појавувале, целата заедница можела да умре од глад. За да не се случи тоа, тие правеле скала на приоритети во исхраната. Храната, најпрво, ја добивале активните мажи бидејќи од нив зависел опстанокот на заедницата, потоа добивале жените (затоа што раѓале потомство). Машките деца ги сметале за поважни од женските, затоа што израснувале во добри ловци. Најлесно им било да ги жртвуваат старите лица.

Ваквата споредба меѓу општествата открива големи разлики меѓу културите. Па така, јапонската култура ќе ја препознаеме по: сакето, сушито, гејшите, кимоното, самураите, оригамите, бонсаито; мексиканската култура ќе ја препознаеме по: текилата, тортиљата, сомбрерото, пончото, маријачите; руската култура по водката, пирошките, Кремљ, Чајковски, Толстој, бабушките; американската култура по кока-колата, хот-дог, Холивуд, Лас Вегас, Статуата на слободата; италијанската култура по шпагетите, пицата, Колосеумот, Кривата кула во Пиза, мафијата; француската култура по шампањот, Ајфеловата кула, Лувр, Диор, Шанел; англиската култура по пиењето на чај во 16 часот (tea at four), Биг Бен, Шекспир, Битлси.

Културните разлики ги збогатуваат општествата. Кога не би постоеле културните разлики животот би бил едноличен, би немале мотив за патување и откривање на непознатото.

2.6. Културен идентитет и етноцентризам

Животот на луѓето во општествената заедница во голема мера зависи од тоа колку се тие подготвени да живеат заедно. Непознавањето на себе и другите е причина за нетрпеливост и непочитување меѓу луѓето кое може да заврши со непријателство, насилство па дури и војна. А како луѓето дознаваат едни за други? Преку запознавањето на идентитетите. Колку повеќе луѓето знаат едни за други, толку подобро ќе соработуваат, ќе се дружат и на тој начин ќе го зајакнуваат чувството на припадност во заедницата.

Секој човек има свој идентитет. Твојот идентитет е она што те прави различен од другите. Идентитетот е начин да се препознаеш себеси, какви погледи имаш на светот, какви вредности и норми почитуваш, како се однесуваш кон другите, но и да дознаеш што мислат другите за тебе.

Личниот идентитет е оцената што ја дава поединецот самиот за себе (како изгледа, каква личност е, какви желби и амбиции има). **Социјалниот идентитет** го покажува местото и улогата на поединецот во заедницата (што работи, каков углед има, со какво богатство располага и слично). Преку **половиот идентитет** се определува дали е некој маж или жена, а **етничкиот идентитет** ја определува припадноста на поединецот кон некоја етничка група. **Културниот идентитет** поединецот го стекнува како припадник на некоја култура.

Идентитетот многу често се поистоветува со индивидуалноста, што е грешка. Индивидуалноста се однесува на внатрешните карактеристики, квалитети и црти на личноста, а идентитетот содржи елементи на избор - можност да се идентификуваме како поединци или како членови на група. Идентитетот се создава (обликува) под влијание на надворешни фактори. Американскиот социолог Ентони Гиденс тврди дека модерниот живот во голема мера ја менува содржината и природата на социјалниот живот на луѓето, што предизвикува и промени во идентитетот. Културниот идентитет сé повеќе се претвора во „рефлексно организирање на животот со цел да се намалат ризиците кои ги носи модерниот начин на живеење“. Голем број истражувања покажале дека културниот идентитет е важен за луѓето бидејќи им помага да го формираат чувството за припадност и ги насочува како да се однесуваат кон другите. Но, тој зависи од околностите во кои се формира, од желбите и потребите на поединците.

Резултатите од едно истражување спроведено со жителите на Нов Зеланд покажуваат дека тие понекогаш се идентифукуваат како Новозеланѓани, а во други околности како Маори, Кинези или

Шкоти. Тие сакаат да се идентификуваат преку повеќе од една култура, преку повеќе етнички групи. Исто така, резултатите покажале дека идентификацијата варира од личност до личност. За некого фактор за идентификација е традицијата, за други историското минато на земјата и националните симболи, а за трети достигнувањата на земјата во спортот, уметноста. Дел од Новозеланѓаните многу често изразувале желба да се идентификуваат и преку маорската култура, бидејќи се смета за уникатна и заштитена од државата. Ова е доказ дека културниот идентитет е право на избор, право на идентификација во согласност со потребите и желбите на луѓето.

Американката Кетрин Вудвард, хуманистка и лингвистка, во својата книга „Разбирање на идентитетот“ го објаснува идентитетот како право на избор на следниот начин: „Јас можам да одам во саботите на фудбалски натпревар затоа што обожувам гласно да викам и да се придружам на толпата навивачи, но, можам да одам и во среда кога игра националниот тим, бидејќи сакам да се идентификувам со најдобрите, да носам навивачки шал, да изберам соодветно место на трибините и со тоа да покажам која сум. Задоволството е поголемо во вториот случај“.

Поради неможноста да се разбере туѓата култура и поради заштитата на сопствениот идентитет, често пати поединците ја величаат сопствената култура, а ја омаловажуваат културата на другите. Дури одат дотаму што на нив гледаат со потсмев. Оваа појава во социологијата се нарекува етноцентризам. Овој термин прв го употребил социологот Вилијем Г. Самнер и го дефинирал како „доживување на сопствената група како центар на светот и вреднување на другите од аспект на сопствените вредности“.

Етноцентризмот е својствен за секоја култура. Се среќава уште кај најстарите култури и цивилизации. Древните Персијци ја сметале Персија за центар на светот. Кина на многу историски карти е прикажувана како центар на светот затоа што терминот „кина“ во превод значи земја во центарот. Хеленските племиња себеси се сметале за храбри и разумни, кои обединети во една држава би можеле да владеат со сите други народи. Соединетите Американски Држави имаат традиционално етноцентристички став кон останатиот свет, кој најдобро е отсликан во познатата реченица на американскиот претседател Абрахам Линколн: „Соединетите Американски Држави се последна и најголема надеж на планетата Земја”. Тврдењето дека Европа е лулка на цивилизацијата е исто така етноцентристичко сфаќање. Неспорна е улогата на Европа при создавањето на модерниот свет, но не треба да се оспорува улогата и на другите култури.

Анализиран од психолошки аспект, етноцентризмот е очекувана реакција која настанува во моментот кога културата се дели на „туѓа“ и „сопствена“, при што се јавува желба сопствената култура да се прикаже како повредна од другите.

Неколку причини за етноцентризам

Една од причините за појава на етноцентризмот е **различното сфаќање на пораките при комуникацијата.** Како ќе бидат сфатени и протолкувани пораките кои се разменуваат во текот на комуникацијата помеѓу припадници на различни култури во голема мера зависи од усвоените вредности. Така, на пример, во повеќето земји подигањето на палецот (како што го подигаат автостоперите) се толкува како позитивен гест со кој поединецот ги информира другите дека сé е во најдобар ред. Но, во повеќето арапски земји тој гест е непристоен бидејќи има значење од сексуална природа. Смеата во најголем број земји е поврзана со чувството на среќа, меѓутоа во Јапонија таа е знак за несигурност и збунетост. Во африканските земји непристојно е да се гледа во очи повозрасниот соговорник. Спуштање на погледот е знак за почит, верност и добронамерност кон повозрасниот, додека во Америка, Европа и Азија овој чин би се протолкувал како знак за несигурност, слаб карактер и лоши намери. Во повеќето земји јавно да се пофали некој е чест, додека во Виетнам се сфаќа како понижување.

Јазикот, исто така, е причина за етноцетризам. Дури и кога припадниците на различни култури зборуваат на ист јазик може да дојде до недоразбирање. Тие може добро да ги познаваат речникот и граматиката, но може да не го разбираат контекстот во кој се употребуваат одредени зборови.

Голем проблем во интеркултурната комуникација претставува **погрешното толкување на мотивите поради кои е почната комуникацијата**. На пример, при средба на двајца соговорници, припадници на различни култури, едниот има намера да ги образложи своите лични сфаќања и убедувања, без намера да ги наметне на другиот, додека другиот може да е убеден дека целта му е да се наметне. **Условите во кои се одвива комуникацијата** се пресуден фактор за нејзината успешност. Ако соговорниците започнуваат комуникација од добра волја и со трпение, комуникацијата ќе биде успешна. Доколку соговорниците се под временски и друг вид на притисок, тогаш емоциите преовладуваат над разумот, комуникацијата се нарушува, и соговорниците почнуваат да применуваат агресивни тактики и стратегии на комуникација.

Задачи за размислување:

Прочитај го текстот, а потоа определи дали има елементи на етноцентризам „Народите на студениот европски север се храбри, но во нив има малку дух и уметнички склоности и затоа тие се слободни, но не ги бива многу да владеат со своите соседи. Азиските народи имаат дух и уметнички се надарени, но немаат храброст и затоа постојано се наоѓаат во ропска положба. А хеленското племе е храбро и разумно и затоа е постојано слободно. Ако е обединето во една држава би можело да владее со сите народи".

(сфаќање на античките Грци)

Прочитај го текстот и определи го културниот идентитет на Навахо Индијанците. Што е тоа што ги прави да бидат поразлични од другите? Дали би можеле да бидат тоа што се во некои други услови?

Во еден крај од големата американска пустина се наѕираат темни камени кули кои се исконско живеалиште на племето Навахо наречено Долина на споменските. Животот во неа се одвива исто како и пред стотина и повеќе години. Областа е прошарана со четинари, изобилува со кањони, вулкански врвови и планински венци каде преовладува темнозелената боја. Оваа убава земја предизвикува восхит кај посетителите и затоа Навахо Индијанците се уште повеќе привврзани кон неа. Но, сосема друга работа е како овие луѓе обезбедуваат средства за живот во таа природна убавина. Првите стотина години се хранеле со диви плодови и ловеле дивеч (елени, антилопи). Подоцна се занимавале со земјоделство и сточарство кои ги научиле од Индијанците Пуебло. За жал, земјиштето на кое живее племето Навахо овозможува одгледување само на некои земјоделски култури и го ограничува бројот на грлата. Стапката на смртност кај ова племе е висока. Бидејќи им се чинело дека со нивните животи управува стихијата Навахо Индијанците создале религија и таков начин на живот кој им влева чувство на сигурност. Многу од добрите и лошите богови овие Индијанци ги отелотвориле во камењата околу нивните живеалишта. Според нивното верување со сé што е на земјата управува божицата наречена Мајка на промените. Тие живеат во примитивни визби наречени хогани, без прозорци, а влезот секогаш е свртен кон исток како би можеле да го поздраваат Духот на сонцето. Главата на семејството е обично најстарата жена. Сродството се определува според мајката. Правилата со кои се уредуваат односите меѓу роднините се многу сложени. Семејството е

основна општествена клетка. Ја сочинуваат жени, нивните сопрузи и нивните неомажени и неоженети деца. Мажот е „шеф“ и сè зависи од неговата личност, но улогата на жената е неспоредливо надмоќна. Љубовта на децата кон мајката е јака бидејќи таткото е често отсутен. Мажите се занимаваат со изработка на кожа, златни предмети, учествуваат во обредни церемонии, патуваат до трговските центри. Нивна најважна должност е изработката на лулка за новороденото дете. Оваа задача има ритуално значење. За нејзина изработка се употребуваат два вида смреки во зависност од тоа дали детето е машко или женско. Материјалот за лулката не смее да биде од стебло во кое удрило гром, ниту на него да има траги од мечкини канџи. Стеблото мора да расте на осамено место, да е високо, со одредена старост, право и здраво. Пред да се почне со изработката таткото го посипува дрвото со поленов прав и изговара молитва. Кога лулката е готова, родителите го ставаат новороденчето лице в лице со останатите членови како знак на вклучувањето на детето во семејниот живот. Децата се воспитуваат преку сопственото искуство и никогаш не се практикуваат казни. Додека трае обуката нив им се доделуваат ситни задолженија. Физичката обука започнува во осмата година.

2.7. Културен релативизам

Поимот за културата може целосно да се разбере само доколку се разберат и некои други поими кои ја откриваат неговата структура како и историските аспекти на културната реалност.

До половината на XIX век постоело мислење дека за вистинска култура може да се зборува само во европски рамки (европска култура). Причината за постоење на вакво мислење е непостоењето на доволно информации за другите култури надвор од Европа. Доколку постоеле, нив ги доставувале мисионери (трговци и владетели) кои немале способност да ги разберат „егзотичните“ култури. Колонијализмот карактеристичен за овој период, придонесувал другите култури да се сметаат за примитивни. Некои од нив и не биле признавани. Како реакција на ваквото сфаќање се создава едно сосема спротивно мислење според кое сите култури се еднакво вредни за почит во онаа мера во која тие им обезбедуваат на своите припадници вклучување и егзистенција во општеството. Во таа смисла, не е можно да се вреднуваат, затоа што кога се прави тоа секогаш се поаѓа од вредностите и стандардите на сопствената култура.

За културите не можат да се донесуваат вредносни судови. Тие можат да се разберат само однатре, кога ќе се откријат начините како се осмислува љубовта, среќата, вредностите, раѓањето, смртта, односите меѓу луѓето итн. Културниот релативизам се среќава уште кај Огист Конт, но најмногу го проучувал Вебер.

Културен релативизам е сфаќање според кое сите култури се различни и еднакво вредни и ниедна култура нема право да проценува друга култура според сопствените критериуми.

За социолозите културата е и термин со кој се опишува посебниот начин на кој се поврзани елементите на општествената структура. Кога социолозите споредуваат неколку култури, откриваат дека елементите на општествената структура во секоја култура имаат посебна конфигурација (облик и распоред), која овозможува да се идентификува видот на општеството. Па така препознаваат дали некоја заедница е израелски кибуц (мала заедница во која сè е заедничко и сите се еднакви) или е северноамериканска заедница во која е нагласена приватната сопственост и индивидуализмот. Ова е уште една причина зошто треба да се почитува културниот релативизам.

Но, кога станува збор за културниот релативизам, американскиот социолог Е. Гиденс прашува: дали поради концептот на културниот релативизам, секое однесување или обичај ќе се смета за легитимно и прифатливо, и дали постојат стандарди на однесување што се прифатливи за сите, без разлика на нивната културна припадност. Значи ли дека убивањето на доенчињата и старите лица ќе го прифатиме како нешто нормално затоа што е дел од културата на австралиските домородци; ќе го оправдаме ли однесувањето на Талибанците кон жената со кое и се скратени сите права, само затоа што го почитуваме концептот на културниот релативизам.

Се разбира, дека нема единствени решенија и одговори на овие прашања, но она што е важно е дека треба го спречиме формирањето на етноцентристички ставови кон оние кои се поразлични од нас.

Космополитизам

Космополитизмот (грчки збор „kosmos“ - свет и „polites“ - граѓанин) е идеја според која луѓето воспоставуваат меѓусебни односи без разлика на нивните етнички, верски, расни и национални разлики и придонесуваат за унапредување на општочовечките односи. Космополитизмот го јакне заедништвото и слогата меѓу народите од целиот свет и ги оневозможува поделбите од секаков вид. Луѓето - космополити себеси се сметаат за „граѓани на светот“, а не

припадници на етнички, национални и културни заедници. Според нив, ако сме убедени дека луѓето се создадени еднакви и им се дадени неотуѓиви права, тогаш сме должни да се однесуваме кон другите во согласност со нашите убедувања.

Научи повеќе

Во Канада и во најголем број земји во светот да се биде во брак со повеќе жени е законски престап, додека во многу арапски земји да се има повеќе жени е симбол на висок статус на општеството. Редовното консумирање месо во западните општества е вообичаен дел од исхраната и нема никакво значење. Но, јадењето месо кај Индусите се смета за насилство над нивниот религиозен табу. Сите оние кои ги почитуваат овие разлики во културите, значи ги прифатиле принципите на културниот релативизам.

Диоген е грчки филозоф. Меѓу бројните занимливости од животот на овој филозоф е и неговата реченица: „Јас сум граѓанин на светот“, според што станал првиот забележан космополит во историјата. Очигледно е дека Диоген не сакал да биде идентификуван според потеклото и групната припадност, туку според универзалните човечки вредности. И филозофите стоици, следбеници на Диоген, создале слика за „граѓанинот на светот“, тврдејќи дека во секое човечко битие треба да препознаваме свој сонародник и сосед.

2.8. Поткултура (супкултура) и противкултура

Модерните општества најчесто се големи. Во нив живеат различни групи на луѓе, со различни потреби, интереси и вредности. Слободното време луѓето го користат за најразлични хобија. Но, има и луѓе со невообичаени стилови на живот. Кога сите тие ќе се соберат на едно место и тоа што го прават ги чини поразлични од другите, тогаш за нив велиме дека создале своја култура. Така, на пример, познато е дека Њујорк, Милано, Париз се светски центри на висока мода, која можат да ја следат само најбогатите луѓе, такананречените елитни поткултури. Но, кога станува збор за Африка, вакви модни центри се Киншаса и Бразавиле. Првиот е главен град на Демократска Република Конго, а другиот на Република Конго. Во овие градови се негува висока мода каква не може да се види на ниту една модна ревија. Оние што ја следат оваа мода се наречени Сапеури, „конгоански господа“. Им се шие гардероба по мерка од твид, свила, кожа, се шетаат со бастуни од најдобра слонова коска, пушат луле. Она што ги чини посебни е фактот што тие не

се богати индустријалци или наследници, туку се учители, возачи, работници, поштари, а се облекуваат како британско племство. Ќе се прашате зошто? Некои сметаат дека тоа им е наметнат стил од времето на ропството, кога морале да бидат облечени како своите господари, а други, пак, сметаат дека на овој начин позитивно се афирмираат. Тие се претставници на поткултурата (супкултура).

Со поимот поткултура се означува група на луѓе која се разликува од поширокото општество според посебни културни особености.

Во Македонија, исто така, живеат различни групи на луѓе кои се разликуваат според јазикот, етничката припадност, верата, обичаите, навиките, вкусовите, стилот на облекување и музиката. Ако за македонскиот, општ културен модел се карактеристични употребата на македонскиот литературен јазик, граматичката писменост, почитувањето на богатото културно наследство, изобилството на народно творештво, богатиот фолклор, одредените правила на однесување, почитувањето на обичаите, системот на вредности, православната религија, Албанците, Турците, Ромите и другите етнички групи во Македонија, имаат посебни културни обележја. Тоа не значи дека тие не ги почитуваат основните морални норми и вредности на културата во која живеат. Нивните културни посебности не предизвикуваат значителни промени врз македонскиот модел на култура, но, внесуваат новини во системот на исхраната, комуникацијата, во начинот на облекување (модата), музиката и танцот. Во таа смисла, дејствувањето на поткултурите е позитивно и придонесува за понатамошен развој и збогатување на македонската култура.

Поимот поткултура (супкултура) социолозите најчесто го поврзуваат со младоста. Младоста, поконкретно адолесценцијата е период во кој најчесто се создаваат поткултури. Наглите психолошки промени кај младите луѓе во овој период се причина поради која тие често го менуваат своето мислење и однесување. Ова е период во кој тие го формираат сопствениот идентитет. Се одвојуваат од родителите, а ја засилуваат комуникацијата со своите врсници. Во потрагата по идентитетот, најчесто поддршка добиваат од одредени младински групи кои им нудат нешто сосема поразлично од она што им го нуди училиштето и родителскиот дом. Тие развиваат сопствена поткултура која се базира на норми и вредности сосема поразлични, па дури и спротивни од оние на возрасните. Во таа смисла се зборува за поткултура на хипици, хип-хопери, панкери, рокери, навивачи на фудбалски клубови и слично.

Основна карактеристика на секоја поткултура е тоа што нејзините припадници најчесто не се задоволни од постојните норми и вредности во

општеството во кое живеат и се обидуваат да понудат поинакви.

За социолозите Гиденс, Хараламбос, **поткултурите се движечка сила на општествените промени, бидејќи на луѓето им овозможуваат слобода на изразување и дејствување во согласност со сопствените мислења, и верувања.** Тие им овозможуваат на различните општествени групи да изградат сопствен културен идентитет.

Една од најстарите и сé уште најпопуларна поткултура е онаа на хипиците, која настанала во шеесеттите години на минатиот век, како реакција на американското потрошувачко општество, со цел создавање на ново општество засновано на љубов. Тие ја проповедаат слободата во сите нејзини варијанти (од внатрешна слобода до слобода во љубовта), тежнеат кон независност и креативно остварување.

Меѓутоа, кога станува збор за основната смисла и карактерот на поткултурите, треба да се напомни дека, освен позитивно, тие можат да имаат и негативно влијание врз доминантната култура. Ваквите поткултури се наречени **контракултури.** Социолозите разликуваат два типа на контракултури. Едните дејствуваат во насока на радикални промени на постојниот општествен и културен живот во правец на негова поголема хуманизација. Другите, преземаат деструктивни активности, чија цел е разорување на многу важни духовни вредности без кои општествената и културната заедница не може да се одржи. **Такви се криминалот, насилството, безделничењето, анархизмот, бунтовништвото и др**.

Така, на пример, во 1955 година, на Запад е создадена една нова младинска поткултура. Се верува дека се создала веднаш по прикажувањето на филмовите „Бунтовник без причина“ и „Дивиот“, во кои тема е бунтот на младата генерација против светот на возрасните, со цел барање на нови вредности. Контракултурите радикално можат да го доведат во прашање целокупниот систем на постојни вредности и често водат кон општествена анархија.

Одамна е забележано дека меѓу одредени групи на млади постои тенденција одушевувањето и насилството да ги здружат на концертите на новите музички ѕвезди. Притоа, ритамот и заедничкото одушевување кај нив предизвикуваат нагони за рушење (кршат столчиња, чаши, инвентар итн.).

Во многу денешни општества како контракултура се јавуваат и некои нови религиски секти и култови, но и некои етнички групи кои ја откажуваат својата лојалност кон општеството.

Провери што си научил/а од темата Култура

1.Објасни го односот човек - природа.

2. Напиши есеј во кој ќе опишеш како би изгледал животот на луѓето без културата.

3. Кое е секојдневното, а кое социолошкото значење на поимот култура?

4. Објасни ја улогата на културата во животот на човекот?

5. Кои елементи се заеднички за секоја култура?

6. Зошто човекот е единствен творец на културата.

7. Обиди се да ги идентификуваш културните разлики помеѓу населението во Р.С. Македонија.

8. Идентификувај ситуации во кои си бил/а изненаден/а од однесувањето на припадници на други култури.

9. Какви последици може да предизвика непознавањето на другите култури ?

10. Зошто велиме дека човекот е суштество кое создава симболи?

11. Објасни ја улогата на јазикот во животот на човекот.

12. Од кои причини настанал културниот релативизам.

13. Посочи неколку примери на непочитување на културниот релативизам во Р.С. Македонија.

14. Со аргументи објасни дали себеси се сметаш за етноцентрист или културен релативист?

15. Кои се најчестите причини за појавата на етноцентризмот?

16. Идентификувај во твојата непосредна околина луѓе - космополити. Опиши ги нивните карактеристики.

17. Определи ги поимите поткултура и контракултура.

18. Наброј примери за поткултура и контракултура во твојата средина и нивните носители.

19. Направи листа на поткултури на кои припаѓаш, со кои се идентификуваш.

3. СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

- ***Определба на социјализацијата***
- ***Човековото однесување е општествено однесување***
- ***Животен циклус (детство, младост, зрелост и старост)***
- ***Чинители на социјализацијата***
- ***Социјализација и индивидуална слобода (конформизам – неконформизам)***

3.1. Определба на социјализацијата

Во секоја општествено - културна заедница паралелно се одвиваат неколку важни процеси: процеси на пренесување на веќе стекнатото културно наследство од постарата на младата генерација и иновативни процеси со кои се создаваат нови културни вредности. **Процесот на планско пренесување на знаењата, верувањата, вредностите на младата генерација, како и нивното творечко и критичко усвојување се нарекува социјализација на личноста.**

Секоја општествена задница настојува со помош на семејството, училиштето и другите општествени и културни институции да го пренесе културното наследство од постарите на помладите генерации. Но, како ќе биде прифатено од поединците во голема мера зависи од нивната подготвеност за критичко мислење. Затоа, социјализацијата не треба да се сфати како едностранo влијание на културата врз личноста, туку како двонасочен и динамичен однос помеѓу културата и личноста. Американскиот антрополог Клуд Клакхон овој однос се обидел да го објасни на еден духовит начин кој се препознава во исказот „ Човекот е исто што и другите и поинаков од другите, но истовремено и толку различен од другите“. Во него тој ја нагласува динамичната природа на човекот и неговата повеќекратна поврзаност со културата.

Социјализацијата трае во текот на целиот живот. Културолозите откриле дека таа се одвива во неколку фази.

Првата фаза ја нарекуваат **хоминизација (очовечување)**, латински „homo“ значи човек. Се одвива во раното детство, во семејството. Во оваа фаза детето е целосно зависно од своите родители. Ја развива говорната способност, учи да зборува, реагира на дразби, стекнува навики за храна и одење во тоалет. За рускиот културолог Соколов ова е период кога детето преку систематско и насочено водство од родителите станува „човечко суштество“.

Примарната социјализација треба да започне веднаш по раѓањето

Втората фаза е примарната социјализација. Таа е многу важна за детето. Од неа најмногу зависи идниот развој на неговата личност. Во оваа фаза детето се подготвува за живот во заедница. Ги прифаќа темелните вредносни ориентации, стекнува научни знаења, навики, вештини, усвојува начини на однесување. Сфаќа што му е одобрено, а што неодобрено од родителите, се обидува да го следи нивниот пример.

Во третата фаза - инкултурација, поединецот активно се однесува кон усвоеното културно наследство. Тој од прифатените традиционални знаења и вредности, со помош на критичкото мислење и искуство, создава нови знаења и вредности.

Во последната фаза (индивидуација) поединецот станува творечка личност. Тој ги прифаќа традиционалните знаења и истовремено со јачината на својата индивидуалност, интелектуалност успева критички да ги преработи. Само на овој начин тој ќе успее да се „пробие„ во заедницата во која веќе постојат некакви вредности и норми.

Културата влијае врз личноста на поединецот. Преку социјализацијата секој нов член се приспособува на средината и на тој начин се постигнува стабилност на општеството. Но, од друга страна, пак, поединецот како личност творечки влијае на културата, со што таа станува динамична и променлива. Што значи дека стабилноста и

променливоста на културата се последица на сложен однос помеѓу културата и личноста.

Карл Маркс со причина укажувал на разликите помеѓу човекот и животните. „Животните создаваат инстиктивно, вели тој, за да опстанат физички, додека човекот создава разумно, плански, по своја мерка и според законите на убавото“. Ако човекот се сфати само како индивидуа, тогаш тој би се претворил во пасивен примател на информации, објект на културата. А за да биде творечка личност треба да има активен и творечки однос кон неа. Од тие причини српскиот социолог и антрополог Загорка Голубовиќ тврди дека човекот е единствено суштество кое не е, туку станува личност. Со други зборови, создавањето на личноста е напор преку сопственото создавање да се надмине, да го усоврши се она што веќе е создадено во општеството. Само така човекот ќе биде субјект на општествениот и културен развој.

Но, многу често се случуваат конфликти помеѓу оштествените вредности (кои се дел од културата), од една страна, и креативните, напредни личности, од друга страна. Така, на пример, тоталитаристичките општествени системи какви што биле фашизмот, сталинизмот, нацизмот, вршеле репресија (насилство) врз луѓето и сериозно им ги загрозувале слободата и индивидуалниот развој на луѓето. Бунтот на младите во 60-тите години на минатиот век, како и бројни контракултурни движења биле насочени токму кон рушењето на вакви системи и воспоставување на слобода во сите сфери на општественото живеење.

Следните два примера укажуваат на важноста на социјализацијата во животот на луѓето.

1. Се зборува дека царот Акбар, кој владеел во Индија од 1542 до 1602 година, наредил да се соберат сите деца на едно место и да се воспитуваат без употреба на јазикот. За нив се грижеле глувонеми луѓе, сé со цел да се утврди дали децата ќе го научат хинду јазикот и покрај ваквата изолација. Децата воопшто не знаеле да зборуваат. Комуницирале меѓусебно исклучително со гестови.

2. Постои литература за деца од која дознаваме како децата можат да бидат одгледувани од животните. Еден документиран случај под наслов „Волчешки деца од Миднапор“, зборува за две девојчиња од 2 и 8 години, пронајдени во волчешка дупка во Бенгал, 1920 година. Девојчињата оделе на четири нозе, се хранеле со живо месо, завивале како волци и не употребувале никаков говор. Не се знае дали овие деца биле оставени во шумата да се снаоѓаат сами или нив ги одгледале волци.

3.2. Човековото однесување е општествено однесување

Човекот е природно суштество за кое важат сите закони на природата. Тоа се потврдува со фактот што тој поседува голем број особини кои потсетуваат на оние на неговите животински предци. Како биолошко суштество тој има одредени физиолошки потреби кои мора да ги задоволи. Но, човекот истовремено е и специфично суштество кое поседува разум, самосвест, стремежи, кои се карактеристични особини само за него како вид. Човекот има потреба да го најде своето место во светот, да биде дел од општеството, да биде негов член, рамноправен, признаен и прифатен. Тој има емоции кои сака да ги сподели со другите, си поставува цели кои може да ги постигне со помош на другите. Со други зборови тој воспоставува општествени односи, а неговото однесување е општествено.

Откако е конституирана социологијата како наука, таа никогаш не го проучувала човекот како поединец, туку секогаш како член на група, припадник на општествена заедница. Дури и основачите на социологијата, кога се обидувале да го дефинираат нејзиниот предмет на проучување, го имале предвид односот човек - општество. Да се потсетиме. За Вебер социологијата е наука која сака да го разбере и протолкува дејствувањето на луѓето во општеството. За Парсонс таа треба да открие зошто доаѓа до поврзување и соработка меѓу поединците во општеството и што е тоа што ја обезбедува интеграцијата во општеството. За Маркс човекот е збир на севкупните општествени односи. Сето ова е доказ дека човекот како општествено битие се формира преку заедничкото дејствување со другите. Секој поединец својата човечка димензија ја остварува во заедништво со другите луѓе, а општеството, пак, своето постоење и развој го должи на луѓето и нивната меѓусебна поврзаност. Како што не може да се сфати општеството без луѓето и нивните односи, така и човекот не може да се разбере надвор од општеството.

Општествени односи се, всушност, меѓусебните дејствувања на луѓето. При овие дејствувања, се менува однесувањето на секој поединец поединечно, но се менува и опкружувањето и општествената средина во кои дејствуваат. Затоа, општествените односи најчесто се јавуваат во облик на општествени процеси. Од тие причини социолозите велат дека на секој општествен процес одговараат одредени општествени односи. Промените во односите предизвикуваат промени во општествените процеси/состојби кои се одвиваат според одредени законитости.

Во зависност од положбата на поединците, општествените односи можат да бидат односи на еднаквост и односи на нееднаквост. Во односите на еднаквост сите учесници имаат еднаква положба,

односно општеството еднакво го вреднува нивното дејствување. Во односите на нееднаквост учесниците немаат иста положба, бидејќи нивното дејствување не е подеднакво вреднувано од страна на општеството. Од тие причини доаѓа до конфликти помеѓу луѓето.

Преминот од еден во друг општествен систем, кој истовремено значи и замена на едни производствени односи со други, предизвикува крупни последици врз човековата личност. Се менуваат неговите вредности и норми на однесување и тоа може да се протолкува како насилство над човекот од неговото општество.

Така, на пример, во отуѓените општества (каде постои експлоатација), човекот не се однесува според своите човечки карактеристики, туку според тоа што мислат и прават другите. Во овие услови човекот не е тоа што е, туку она што другите го посакуваат и одобруваат. Со ова се објаснуваат неговите стремежи за создавање на општествен систем кој ќе ги задоволи неговите потреби, но и докажува дека во текот на целокупната досегашна историја човечкото однесување е општествено однесување.

Човекот има потреба да создава, да биде личност, да има свој идентитет, да го разбере светот околу себе. Овие специфични човечки потреби поединецот ги стекнува во процесот на социјализацијата, кој претставува подготовка на поединецот за живот во заедница. И ова е потврда за нераскинливиот однос на човекот и општеството.

Но, ниту еден општествен систем, кој досега постоел, не му овозможил на човекот овие потреби целосно да ги задоволи. Секој од досега постојните општествени системи на човекот му поставувал многу барања, често пати спротивни на неговата суштинска природа. Затоа, однесувањето на поединецот во сите досегашни општества е компромис помеѓу суштинските човечки желби, од една страна, и барањата на општеството, од друга страна.

Каква и да е човековата посебност, и како природно и како општествено суштество е во тоа што тој живеел и сé уште живее во организирани заедници. Во нив тој, повеќе или помалку, успеал да создаде определен однос кон себе и кон другите. Сите особини што му ги дала природата му овозможиле да гради живеалишта, да создава и одгледува потомци, да создава вредности и да воспоставува односи со другите луѓе. Затоа велиме дека човекот е суштество кое активно учествува во сé што значи творештво во природата, историјата и во духовниот живот.

Но, научниците откриле дека во современото општество творечките способности на човекот во голема мера зависат од правото

на избор. Резултатите од истражувањата од областа на социјалната психологија покажуваат дека правото на избор е генератор за среќата на секој човек. Нема ништо подобро од чувството дека твојот живот, твоите активности, однесување и навики се резултат на сопствен избор и личен афинитет. Со други зборови, слободата на избор, независноста и управувањето со сопствените животи се нешта што најмногу нé усреќуваат.

Запомни: Да се биде човек значи да се биде во заедница со други луѓе, да се живее во организирани заедници. Секоја активност на човекот е поврзана со припадност во група. Не постои ниту еден дел од културата кој не е резултат на заедничко (општествено) делување на луѓето. Ниту социјализацијата на поединецот е можна без контакт со другите. Човекот и општеството се во нераскинлива врска. Како што не може да се сфати општеството без луѓето и нивните односи, така и човекот не може да опстане надвор од општеството.

3.3. Животен циклус (детство, младост, зрелост и старост)

Одредени биолошки процеси кај човекот се одвиваат по одреден редослед и законитост кои важат за сите поединци независно од нивната волја. Станува збор за четирите главни периоди во развитокот на секој поединец: детство, младост, зрелост и старост.

Детството е првиот период кој трае од раѓањето до пубертетот. Во овој период, голема улога има средината во која расте детето, постапките на родителите, особено на мајката при исхраната на детето, навикнувањето на чистота и дисциплина. Особено важна улога има степенот на внимание и љубов која му се дава на детето. Истражувањата покажуваат дека најважни предуслови за развој на здрава личност е љубовта, топлиот однос на родителите и извесна строгост и следење на непожелните реакции кај детето.

Врз формирањето на личноста особено влијаат разните случки во подоцната фаза на детството. Поаѓањето на училиште претставува важен момент. Детето треба самостојно да се снајде во училишната средина. Ако не успее да соработува со другите, ако дојде до непријателство, тоа може да влијае негативно врз формирањето на неговите особини.

Втор важен период од животниот циклус на човекот е младешкиот период **(младоста).** Во него се случуваат два многу важни процеса:

физиолошкиот и социјалниот развиток на поединецот. Од 11-тата година телото засилено расте. Доаѓа до зголемување на височината, тежината, созреваат сексуалните органи, се јавуваат полните карактеристики (промени во гласот и телесниот облик). Полното созревање кај момчињата и девојчињата може да создаде одредени психички кризи. Се јавува желба за самостојност и независност и покрај зависноста од родителите и непостоењето на искуство, ставови и знаења. Во овој период се одвива значаен интелектуален и социјален развој, кој кај младите се карактеризира со нагласена употреба на апстрактни поими и донесување заклучоци врз база на замислени претпоставки. Се зголемува интересот за општествените проблеми и се формираат многу нови ставови кои ги тераат адолесцентите да размислуваат за луѓето околу себе, општеството, расчекорот помеѓу прокламираните принципи и вредности и вистинското однесување на возрасните. Градат критички ставови кон родителите, кон возрасните и кон општествените институции. Заинтересирани се да слушаат за некаков подобар младешки живот од оној кој го живеат тие. Од желба за поголема приватност, рано го напуштаат родителскиот дом, уште како адолесценти. На пример, во Англија, Франција заминуваат на студии надвор од земјата, но животот го продолжуваат во неформални бракови во кои се раѓаат деца. Во Шведска не е необично детето да присуствува на венчавката на своите родители.

Неуспехот во решавањето проблеми, особено на полето на сопствената афирмација се причини поради кои кај младите се јавува агресија и деструктивни однесувања, повлекување во себе. Овој период на младите е влез во животот.

Зрелоста е периодот до околу 60-тата година. Уште помеѓу 20-тата и 30-тата година кај повеќето луѓе доаѓа до решавање на најважните проблеми во индивидуалниот живот: вработувањето, брачната состојба, создавањето на семејство. По правило, овие проблеми предизвикуваат промени во особините на личноста. Животот се сфаќа сериозно и се засилува чувството на одговорност.

Периодот на зрелоста е најдолг период. Во него поединецот постигнува најголема продуктивност и максимален развој на физичката сила и трае сè до 30-тата година. По 30-тата година незабележливо опаѓаат, а од 50-тата многу брзо слабеат сетилните способности: слабее слухот, видот, се јавуваат проблеми со внатрешните органи. Се менува и интересот за физичка активност, а јакне желбата за постојано интимно друштво. Современиот човек овие промени ги забавува со редовно спортување, навики за здрава исхрана, редовни здравствени прегледи и слично.

Староста е последниот период од животниот циклус. Во овој период значително се намалува функцијата на одделни внатрешни органи, а можни се и склеротични манифестации, а како последица на тоа се јавува заборавањето, неприспособливоста во новата средина, тешко менување на навиките. Истражувањата покажуваат дека овие особини можат да се зајакнат како резултат на богатото искуство и поголемата трпеливост. Најтешка проследена појава на староста е осаменоста, повлекувањето во себе (чувството дека никому не си потребен). Доколку општеството има правилен однос кон старите лица, тие секогаш ќе имаат можност да ја надминат оваа состојба. Членувањето во клубови за стари лица, занимавањето со хоби, екскурзии и туристичките патувања се само дел од активностите кои можат да го разубаваат животот на старите лица. Се разбира, вниманието од семејството е најважно од сè.

3.4. Фактори на социјализацијата

Да се потсетиме. Процесот на планско пренесување на знаењата, верувањата, вредностите на младата генерација, како и нивното творечко и критичко усвојување се нарекува социјализација на личноста. Социјализацијата трае во текот на целиот живот.

Но, следно прашање на кое треба да одговориме е: Кој ја спроведува социјализацијата, кои се нејзините фактори?

Во сложените општества, институциите имаат главна улога во подготвувањето на децата за живот во заедницата. Тоа се семејството, групата врсници, медиумите, училиштата, детските градинки и слично.

Социјализацијата, вообичаено, започнува во семејството со раѓањето на детето. Новороденчето се обликува во член на семејната група и се насочува кон откривање на непознатото во општеството. Родителите го учат да зборува, да ги осознава своите потреби. Преку примери детето учи како да се приспособи на очекувањата на другите. Порано децата се одгледувале во големи домаќинства кои вклучувале баби, дедовци, родители, па дури и подалечни роднини. Ваквите семејства биле наречени семејни задруги. Во нив за социјализацијата на новороденото дете најчесто биле задолжени повозрасните браќа и сестри.

За социолозите семејството е најважен фактор на социјализација бидејќи од него зависи во каква личност ќе се развие детето. Вообичаено, децата се социјализираат на сличен начин како и нивните родители. Правилен развој ќе има само доколку во семејството владеат хармонични односи, љубов и почитување. Денешните семејства

ги социјализираат своите деца на начин кој за нив е најприфатлив.

Во модерните општества родителите не се единствените кои се грижат за своите деца. Поради зголемените работни обврски и нивната сѐ поголема отсутност од домот, како важен фактор на социјализација се јавуваат и врсничките групи. Со сé поголемото учество на родителите во работниот процес, грижата за децата сé повеќе им се препушта на центрите за дневна грижа – градинките. Грижата и воспитувањето на децата стануваат платена работа која се извршува повеќе професионално, а помалку емотивно. Недостасуваат емоционалните врски вообичаени за односот родител- дете и поради тоа детето повеќе се чувствува како член на група. Како и да е, овие институции се делотворни бидејќи децата се охрабруваат меѓусебно сé да споделуваат. Тие преку игра и образовни програми ги добиваат првите знаења за природата и животот, се стекнуваат со одговорност, чувство за време, уредност и толеранција. Воспоставуваат најразлични меѓусебни односи и учат дека животот во општеството се одвива според одредени правила. Голема придобивка е што детето станува свесно дека е еднакво со сите во групата, дека важат истите правила за сите, се навикнува на толеранција, да почитува правила и надвор од домот и сфаќа дека не е привилегирано.

Поголемиот дел од времето, во периодот на адолесценција, децата го минуваат надвор од домот, со групата врсници кои најчесто се деца од иста возраст. **Групата врсници** во овој период има големо влијание. Тие многу често се идентификуваат еден со друг. Па така еден деветтоодделенец, кој одлучил да се запише во средно техничко училиште може многу лесно да ја промени одлуката, ако најголем број од врсниците одлучиле да се запишат во гимназија. Не се ретки случаите кога ученикот намерно постигнува послаб успех во учењето за да не биде во очите на другарите „бубалица“ и слично. Негативното влијание на врсниците може да остави трајни последици врз личноста и врз неговиот живот. Една позната германска поговорка вели: „Ако не знаеш кој си, види кои ти се пријателите“.

И училиштето е фактор на социјализацијата, кој му овозможува на детето, на организиран начин, да стекнува знаења, да се воспитува и да ја формира својата личност. Одејќи во училиште, детето забележува дека работите во училиштето не се секогаш кажани или направени на ист начин како во домот. Универзумот на детето се проширува. Социјализацијата се одвива незабележливо доколку нема поголеми разлики помеѓу нормите и вредностите во домот и оние во училиштето. Тогаш не постојат конфликти бидејќи на детето му е јасно што е добро, а што погрешно. На многу деца им е потребно време да ја прифатат промената дом - училиште. Така,

на пример, дете кое е одгледано и воспитано во патријархално семејство може да се почувствува помалку вредно во училиште каде се наградува креативноста и слободата на умот и обратно. За разлика од семејството, каде детето е третирано како посебна личност со свои потреби и проблеми, во училиштето детето се третира како член на група во која важат правила еднакви за сите. Ваквиот групен (колективистички) пристап кон детето позитивно влијае врз неговото понатамошно социјално однесување.

Личноста на наставникот, исто така, е важен фактор на социјализацијата, особено кога детето првпат влегува во училиште. Децата (оние на помала возраст) често се идентификуваат со некои наставници.

Важно е да се напомни дека низ воспитно-образовниот процес децата се учат да бидат лојални, исполнителни, да почитуваат авторитети. Преку системот на оценувањето (сфатено како наградување и казнување), децата стекнуваат претстава за себе и другите како одговорни и неодговорни, сфаќаат дека трудот се вреднува и секој вложен труд резултира со успех.

Медиумите имаат големо влијание во процесот на социјализација. Користејќи ја технологијата тие лесно успеваат да допрат до широките маси и до децата. Во современите општества е уште полесно бидејќи луѓето поминуваат по неколку часа дневно пред телевизорите, компјутерите, ајпод (iPod) телефоните кои постојано емитуваат некакви информации, пораки. Едно истражување во Соединетите Американски Држави, спроведено со шестгодишни деца покажало дека поради претераното гледање на телевизија, тие зборуваат со скратеници, користат прости реченици и имаат тешкотии во читањето.

Медиумите се моќно средство кои истовремено поврзуваат и создаваат големи разлики меѓу луѓето. На пример, медиумите овозможуваат масовните реклами за одделни продукти да стигнат во сите домови, а целта им е да ги изедначат вкусовите и сфаќањата на луѓето за тоа што е добро и пожелно. Тие не продаваат само продукти, туку и начини на живот. Добар пример за илустрација е рекламата за кока-кола која завршува со реченицата „Животот е убав“.

Во последно време сé почесто се зборува за штетното влијание на медиумите врз социјализацијата на младите. Така, на пример, емитувањето на телевизиски содржини со насилство и агресија, кај децата поттикнува агресивно однесување. Едно дете кое постојано е „бомбардирано“ со телевизиско насилство може да сфати дека агресивното однесување е единствениот начин на решавање на проблемите.

Во голем број истражувања се покажало дека агресивното однесување на младите, особено на адолесцентите е поврзано со гледањето на телевизија. И виртуелните, наместо реалните дружења и пријателства се препрека во процесот на социјализација.

Социјализацијата добива посебно место во социологијата затоа што без неа поединецот „одвај би заличувал на човечко суштество“.

Запомни. Најголема улога во процесот на социјализацијата имаат семејството, училиштето, групата на врсници и средствата за масовна комуникација. Сите имаат иста цел – да им ги пренесат на поединците вредностите и нормите на заедницата. Доколку не го прават тоа на соодветен начин, можат штетно да влијаат врз социјализацијата на личноста. Социјализацијата се одвива во неколку фази. Започнува од рана возраст и завршува во зрелите години од животот на поединецот.

3.5. Социјализација и индивидуална слобода (Конформизам - неконформизам)

„Само активните луѓе и нивната борбеност и безобѕирност го движат животот напред, а пасивните луѓе и нивната трпеливост и добрина го прават возможен и поднослив.“

(Иво Андриќ – Знаци покрај патот)

Односот на поединецот кон културата може да биде различен. Поединецот може *пасивно* да се однесува кон сопствената култура, да биде нејзин „слеп“ следбеник, но, и да биде активен творец, кој придонесува за нејзиниот развиток. Ова би била пораката која е содржана во мислата на познатиот писател и нобеловец Иво Андриќ со која започнува оваа наставна содржина.

Кога поединецот се однесува пасивно кон културата, за него велиме дека е конформист. Поединецот - конформист во секоја ситуација се однесува на пригоден начин, нема критички ставови, не прави селекција. Поконкретно, тоа е однесување во кое поединецот не може да ја покаже својата индивидуалност, својата слобода на мислење. Таква личност не создава проблеми, не предизвикува неочекувани ситуации за другите. Таа е повлечена, се согласува со сè и со сите и безусловно ги прифаќа важечките норми на однесување во заедницата.

Кога поединецот е активен носител на културата, тогаш тој е максимално творечки ангажиран. **За него велиме дека е неконформист**.

И неконформистот ги прифаќа постојните норми и вредности во општеството, исто како и конформистот, но, разликата е во тоа што тој ги збогатува, ја проширува листата на вредностите, создава нови и дотогаш непознати за општеството, дури по цена да дојде во судир со општеството. Поединецот- неконформист е носител и творец на културата. Неговите творечки способности се забележуваат во сите области на општествениот живот (уметноста, спортот, науката, музиката, филозофијата). Творештвото може да достигне ниво на совршенство и тогаш станува составен дел на нова култура, а личноста добива улога на носител на таа култура.

Што е конформизмот?

Во психологијата конформизмот е познат како чувство на единство на поединецот со општеството. Поединецот се однесува според општото расположение и според веќе формирани „клишеа“ (како што се однесуваат другите). Конформизмот е состојба во која е исклучена индивидуалноста на поединецот и мислењето на групата е поважно од мислењето на поединецот. Уште се нарекува и болест на генерациите. И кога во некои општествени средини ќе забележиме семејства, институции кои се однесуваат традиционално, тоа значи дека тие се зависни од традиционалните морални норми и вредности и нивното однесување е конформистичко.

Во филозофските учења конформизмот се определува како недостаток на верба во себе, во сопствените ставови и мислења. Другите му наметнуваат на поединецот свои ставови и мислења кои во умот на поединецот не го добиваат соодветното значење.

Конформистот се чувствува попријатно ако не е поразличен од другите

Во социологијата **конформизмот е форма на зависност од мислењата на другите**. **Поединецот свесно ги занемарува сопствените ставови и мислења во корист на мислењето на групата/мнозинството и најчесто постапува онака како што постапуваат другите**. Има бројни примери на конформистичко однесување.

Пример 1. Замисли си дека се наоѓаш со другари на вечера во ресторан во кој свири познат виолинист и сé во ресторанот е приспособено на звукот на виолината: горат свеќи по масите, се пие вино, тивко се разговара. Што ќе се случи ако наеднаш станеш и почнеш да играш како да си на рок концерт. Сигурно сите во ресторанот ќе те погледнат зачудено. Повеќето од нас сигурно нема да се доведат во таква ситуација, бидејќи своето однесување го приспособуваме на однесувањето на другите и на нормите кои ги наметнува општествената средина. Ова приспособување е конформизам.

Пример 2. Замисли си дека си во ресторан за брза храна (fast food), ресторан во кој сендвичите ги доставуваат на три пулта. На секој пулт се служи ист тип на сендвич. Меѓутоа, забележуваш дека сите што сакаат да купат сендвич чекаат во долг ред само пред еден пулт. Веројатно ќе си помислиш дека сендвичите на тој пулт се најдобри, а ти не го знаеш тоа и ќе застанеш во тој ред. Ќе постапиш така затоа што веруваш дека нешто што го прават сите е најисправно. На тој начин се чувствуваш како дел од групата и попријатно ти е. Тоа е сосема логично. Една од причините зошто се конформираме е да се чувствуваме попријатно таму каде што сме.

Во современите општества постојат реални причини за појава на конформизмот и ефектите од него се видливи во секоја област на општественото живеење. Современиот начин на живот, новите предизвици, неизвесноста од крајниот исход при донесување на одлуки, недостатокот од знаења од информатичката технологија, супериорноста на определени поединци и групи се причини да се зголемува бројот на луѓе кои се сомневаат во сопствените знаења, способности, ставови и мислења, а сé повеќе да ги вреднуваат ставовите и мислењата на другите. Стануваат пасивни, не донесуваат самостојно одлуки, прифаќаат за вистина лажни верувања, се плашат да не бидат осудени од другите и стануваат конформисти.

Провери што си научил/а на темата Социјализација

1. Определи го поимот социјализација.

2. Објасни зошто социјализацијата е важна во животот на секој поединец.

3. Која е улогата на медиумите врз социјализацијата на личноста?

4. Зошто велиме дека човековото однесување е истовремено и општествено однесување?

5. Пронајди ги причините за човечкото незадоволство и несреќа во класните општества.

6. Во што се состои човековата посебност како природно и како општествено суштество?

7. Дали младите денес имаат право на избор?

8. Кои се главните периоди во развитокот на секој поединец?

9. Со што се одликува младешкиот период? Кои процеси се одвиваат во него?

10. Во кој период од животот поединецот постигнува најголема продуктивност и максимален развој?

11. Објасни ги промените кај поединецот кои настануваат во последниот период од животниот циклус.

12. Кој ја спроведува социјализацијата на секој поединец? Кои се нејзините фактори?

13. Објасни ја улогата на семејството во социјализацијата на поединецот.

14. Зошто велиме дека социјализацијата не е едностран процес?

15. Какво е влијанието на мас-медиумите во формирањето на личноста на поединецот?

16. Препознај ги луѓето конформисти и неконформисти во твојата средина. Опиши ги нивните карактеристики.

4.ОПШТЕСТВЕНА ИНТЕРАКЦИЈА

- ***Процес и видови на општествена интеракција(размена, соработка, натпревар, конфликт)***
- ***Општествени улоги и општествена положба***

4.1. ПРОЦЕС И ВИДОВИ НА ОПШТЕСТВЕНА ИНТЕРАКЦИЈА

Секој поединец со самото свое раѓање станува дел на некоја група, општествена заедница. Во неа животот е веќе уреден. Во неа важат одредени правила и норми на однесување кои поединецот мора да ги почитува. Но, поединецот стапува во односи со другите луѓе бидејќи не може да живее сам во општеството. Така, на пример, поединецот заедно со другите членови на семејството секојдневно извршува одредени семејни обврски. Подготвувањето на оброците, грижата околу децата се само неколку од многубројните активности кои поединецот ги извршува заедно со другите членови. Во семејството, во соседството, на училиште, на факултет, на улица, на работното место, поединецот е секаде во контакт со други поединци или групи.

Во социологијата, поимот со кој се објаснуваат односите меѓу поединците и групите во општеството се нарекува општествена интеракција. Општествената интеракција е однос, меѓудејство на поединци. Овој однос предизвикува промени во однесувањето на поединците. Кога поединците се во интеракција тие се обидуваат да остават што е можно подобар впечаток за себе, да разберат што е можно повеќе еден за друг и да развиваат посебно сфаќање за животот околу себе. Интеракцијата најчесто се остварува со посредство на комуникација (вербална и невербална), а настанува од потребата на луѓето да дојдат до некоја заедничка цел.

Постојат повеќе облици на интеракција во зависност од целта (намерите) на оние што се во интеракција. Тие можат да бидат насочени кон правење добрини, пожелни нешта, но и да доведат до конфликтни состојби. Во социологијата не постои единствена класификација, но постои согласност дека постојат два вида на интеракција: интеракција која ги зближува луѓето и интеракција која ги разделува. Во првиот вид се развиваат односи на пријателство и тука се вбројуваат: кооперацијата (соработката), размената, а во другиот вид спаѓаат: натпреварот и конфликтот во кои се развиваат односи кои раздвојуваат.

За да се оствари една интеракција потребни се актери, акција и однос (врска помеѓу актерите). Актери во интеракцијата можат да бидат личности, групи, па дури и организации. Акцијата е дејството што се случува помеѓу актерите и најчесто е проследена и со реакција. Односот помеѓу актерите е важен бидејќи секој актер е зависен од другиот, еден очекува реакција од другиот и во зависност од меѓусебните реакции го формираат и своето однесување.

Кооперација (соработка)

Соработката е многу важен однос за луѓето, особено во современото општество. Неа можеме да ја дефинираме како **заедничко однесување, за постигнување на заедничка цел и за која има заеднички интерес.** Таа е основен предуслов за успешноста на поединците на личен и професионален план. Најчесто настанува спонтано, со заедничка согласност на поединците да дејствуваат заедно. Но, може да биде базирана на традиционален обичај или поттикната од повисок авторитет. Во некои ситуации соработката може да стане пречка и да ја задуши иницијативата на некој поединец доколку тој мора да се приспособува на потребите на групата.

Поради сложеноста и динамичноста на животот, поединците/групите мора да соработуваат и да се надополнуваат, да бараат компромис кога имаат спротивставени интереси. На пример, политичките партии, по правило се спротивставени едни на други во трката за освојување на власта, но во одредени ситуации тие мораат да соработуваат особено ако е доведен во прашање опстанокот на државата. И фудбалерите од различни фудбалски тимови кога се натпреварува́ат како фудбалска репрезентација на својата земја соработуваат за да постигнат успех. Соработка меѓу луѓето постои во сите области на општественото живеење, во семејството, во општествените институции, во општествените организации, движења итн.

Размена

Во основа, сите односи (интеракции) меѓу луѓето во себе вклучуваат некаква размена. Штом двајца комуницираат, тие вршат размена

на идеи, мислења и ставови за одделни прашања на вербален начин. Луѓето некогаш, а и денес, најмногу вршат размена при купопродажбата. Така, на пример, пред појавата на стоковопаричното стопанство разменувале стока за стока, а подоцна стока за пари. Луѓето разменуваат станови, автомобили, но освен размената на материјални добра, луѓето можат да разменуваат знаења, искуства, љубов и многу други нешта.

Според теоријата на размена луѓето се мотивирани за размена бидејќи при тоа задоволуваат некои потреби. Но, при размената луѓето најмногу калкулираат, проценуваат што ќе добијат, а што ќе изгубат од таа размена. Тие влегуваат во врска само ако наградата што ќе ја добијат од интеракцијата е поголема од трошоците (времето, енергијата) направени при таа интеракцијата. Притоа, тие се обврзуваат и да им возвратат со добро на сите што им направиле добро, а не да ги повредуваат. Оваа процена е наречена **норма на реципроцитет.** Нормата на реципроцитет функционира според принципот колку даваш толку добиваш, така што при размената секој може да очекува онолку колку што вложил/дал. Така, на пример, ако повозрасна личност те замоли да и отстапиш место за седење во автобусот, ти тоа ќе го направиш со задоволство. А доколку започне со навреди од типот колку младите се невоспитани, тогаш нема да му го отстапиш местото за седење.

Натпревар

Натпреварот е интеракција (однос) во која поединците или групите настојуваат да постигнат една иста цел, но подобро од друго лице или група која е вклучена во интеракцијата. За натпреварот е важно актерите да ги почитуваат воспоставените натпреварувачки правила, бидејќи постигнувањето на целта е поврзана со награда која може да биде: пари, престиж, почит, внимание. Иако по својот карактер натпреварот е спротивен на соработката и има поинакви ефекти, тој лесно може да се претвори во соработка, но и во конфликт. Натпреварот понекогаш може да се јави и како средство кое мотивира и насочува кон развој, прогрес, успех. Тоа ќе зависи од карактерот и положбата на поединците и групите кои се натпреваруваат, мотивите за натпреварот, од целите што треба да се постигнат. Така, на пример, во некои училишта учениците не се мотивирани за постигнување повисоки резултати во

учењето поради непостоење на натпреварувачки дух. Во историјата се познати историски настани, војни кои се случиле токму поради натпреварот на државите да освојат што поголем број туѓи територии. Тогаш натпреварот прераснува во конфликт.

Конфликт

Конфликтот е еден од начините за решавање на спротивностите помеѓу поединците и групите. **Претставува најзаострен облик на натпреварување,** затоа што во него една од спротивставените страни или ослабува или се уништува. За социолозите конфликтот е значаен бидејќи тој ја нарушува интеграцијата и стабилноста на општеството, а по неговото завршување настануваат општествени промени.

Конфликтот настанува поради постоењето на нееднаквости помеѓу луѓето засновани на различни интереси, потреби и аспирации. Речиси во сите области на општествениот живот постои конфликт: во семејството, религијата, економијата, политиката. Доколку во конфликтот е вклучено насилство, тогаш станува збор за војна.

За конфликтот се значајни три прашања: кои поединци/групи се во конфликт, каква форма има и која му е целта. Во зависност од тоа кои групи се вклучени, конфликтот може да биде семеен, верски, етнички, расен, меѓугенерациски. Според степенот на насилство употребен во конфликтот, тој може да биде во облик на штрајк, демонстрација, бунт, војна. Во однос на видот на промените кои ги предизвикува, конфликтот може да биде генерален штрајк, граѓанска војна, револуција, класна борба. Вообичаено, овие конфликти се насочени кон радикални општествени промени.

Конфликтот за луѓето е непожелен особено ако предизвикува насилство и жртви и се оценува како негативна појава за општеството. Но, во одреден момент тој може да биде неминовен, доколку претставува единствената можност да се поттикне општествениот напредок.

Доминација и субординација

Во секоја интеракција повеќе или помалку се воспоставуваат односи на доминација и субординација (подреденост). Доминација значи можност еден поединец/група да ја наметне волјата врз друг поединец/група, да има поголема контрола врз вредните нешта во комуникацијата со цел да извлече поголема корист/награда од подредените.

4.2. ОПШТЕСТВЕНИ УЛОГИ

Општествена положба

Сите луѓе околу нас не ни се подеднакво важни. Нашите родители, браќата, сестрите, наставниците, пријателите, претседателот на државата ни се посебно важни бидејќи, во однос на нас, тие имаат одредена положба. Знаејќи ја нивната положба ние им даваме значење и ги идентификуваме. Веројатно и тие нас не гледаат како синови, ќерки, пријатели, ученици, ученички, граѓани и ние за нив имаме некаква положба.

Секој поединец зазема повеќе различни положби во различни области од општествениот живот: во семејството, во областа на трудот, во соседството, во политиката и во пошироката заедница. Некои положби (статуси) ги има од раѓање, некои ги стекнува, а некои ги губи во текот на животот. **Припишани положби** се оние кои поединецот ги стекнува со раѓање. Такви се положбите на син, ќерка, престолонаследник и тие поединецот не ги губи во текот на животот, освен ако сам не се откаже од нив. **Стекнати положби** се оние кои поединецот ги стекнува по своја волја. Такви се положбата сопруг, родител, адвокат, лекар затоа што поединецот сам одлучува дали ќе стане родител и со кое занимање ќе се занимава. Некои положби поединецот ги губи во текот на животот. Така, на пример, положбата ученик поединецот ја губи после завршување на средно училиште, но, ако се запише на факултет ја стекнува положбата - студент.

Ако по завршувањето на средното образование се запишеш на факултет, ќе добиеш нова општествена улога –студент

Сите положби на поединецот не се подеднакво важни. За некој ученик можеби е важно што е центарфор во училишниот фудбалски тим, но тоа не е негова најважна положба. Најважна положба е онаа на која општеството дава посебна важност и според која општеството ќе го идентификува. Тоа е најчесто занимањето.

Освен што помага при идентификацијата, општествената положба го определува и однесувањето на поединецот. Таа покажува што

точно заедницата може да очекува од него. За секоја положба врзани се одреден број очекувани однесувања. **Тие очекувани однесувања се нарекуваат општествени улоги. Улогата го означува начинот на однесување на оној кој има определена положба (статус) во општеството, а положбата (статусот) го определува местото на поединецот во општествените односи.**

При вршење на секоја улога од поединецот се очекуваат одредени облици на однесување. Така, на пример, заедницата очекува од наставникот/наставничката по социологија редовно да одржува настава, да предава социологија, да го оценува знаењето на учениците. Никој не очекува тој/таа да предава биологија или математика. Од лекарот се очекува да ги лекува болните, од претседателот да ја претставува земјата во странство. Овие очекувања се наречени **нормативни очекувања**. Меѓутоа, поединецот некогаш извршува одредени улоги кои му ги наметнува ситуацијата во која се нашол. Така, на пример, логично е некој што се нашол во близина на сообраќајна незгода, пожар, да помогне во спасување на повредените, во гаснењето на пожарот. Ваквите постапки се наречени **ситуациски очекувања. Личните очекувања** се очекувањата на поединецот од сопственото извршување на улогите: студентот очекува дека ќе дипломира во предвидениот рок, родителот очекува добро да го воспита своето дете, менаџерот успешно да управува со фирмата и слично.

Поединецот ги учи улогите во текот на животот преку процесот на социјализација. Многу улоги поединците ги учат несвесно.

Улогите се регулирани со одредени правила и за нивното неизвршување вообичаено следат санкции. Улогите можат да бидат позитивни, како, на пример, улогите: татко, мајка, пријател, професор, лекар и слично, но и негативни: разбојник, питач, шверцер, криминалец.

Општествената положба може да биде висока и ниска, повеќе или помалку ценета. Таа се мери вертикално на општествената скала. Три елементи имаат особено влијание при нејзиното определување: **материјалното богатство** (доходот кој го добива поединецот за извршување на улогата што произлегува од положбата)**, општествената моќ** (можноста поединецот да влијае врз однесувањето на другите) **и општествениот углед** (колку е ценета улогата што ја извршува).

Улогите и личноста

Секој поединец во текот на својот живот извршува голем број улоги, но се труди да биде препознатлив по една, која тој ќе ја избере (улога за себе) и која најдобро може да ја изврши. На пример, која

е улогата на еден студент и како тој може најдобро да ја изврши? Како и секоја друга улога, така и оваа може да се изврши на различни начини. Студентот може да биде редовен на предавања, да учи, да се труди и да ги заврши студиите во предвидениот рок. Друг начин е: да не оди на предавања, да не се труди доволно, да го одолжува студирањето. Кој начин ќе го избере зависи од тоа по која улога сака да биде препознатлив за останатите, односно како сака да се идентификува.

Бидејќи човекот истовремено извршува повеќе улоги, а секоја улога е поврзана со општествени правила на однесување, личноста може да се најде во ситуација да не може секоја улога да ја извршува подеднакво успешно. Во такви случаи се појавува **конфликт на улоги**. На пример, студентка која заработува за да може да студира вонредно, а е мајка на две деца сигурно ќе почувствува судир на улоги, бидејќи од неа се очекува да студира, да оди на работа и да се грижи за децата. Полицаец кој е на должност, ако треба да казни прекршител на јавниот мир кој е негов роднина, исто така, ќе почувствува судир на улоги. Ученик кој сака да стане кошаркар, поради честите тренинзи и обврски кон клубот нема да има време да ги заврши училишните обврски.

Момчето на фотографијата истовремено сака да биде добар студент и добар кошаркар. Објасни што му се случува?

Во современите општества, конфликтот на улоги е неизбежен. Секој поединец зазема толку многу различни општествени положби, со најчесто неспојливи барања, така што поединецот не може да ги изврши подеднакво квалитетно улогите кои произлегуваат од нив, при што неизбежно доаѓа до конфликт на улогите. А бидејќи од начинот на кој поединецот ги извршува општествените улоги зависи неговиот општествен углед, пожелно е поединецот да поставува приоритети при извршувањето на улогите.

Општествен углед претставува оцена за вредноста на улогите што ги извршува поединецот во општеството, односно оцена за тоа колку е ценета општествената положба на поединецот.

Во современите општества постојат мрежи од општествени улоги формирани од стотици поединци на различни општествени положби. Од успешноста со која се извршуваат улогите ќе зависи и функционирањето на различните општествени структури.

Провери што си научил/а на темата Интеракција

1. Што е општествена интеракција?

2. Која е разликата помеѓу размената и натпреварот?

3. Објасни ги најчестите причини за настанувањето на конфликтот. Обиди се да изнајдеш начини за нивно надминување.

4. Каква е улогата на поединците во функционирањето на општествената заедница?

5. Како се регулираат општествените улоги?

6. Кога настанува конфликтот меѓу улогата и личноста?

7. Кои елементи влијаат врз определувањето на општествената положба на поединците?

8. Непостоењето на систем на вредности, норми и обичаи е причина за дезориентација на едно општество. Објасни зошто.

9. Направи разлика помеѓу моралните и правните норми.

10. Препознај ги и објасни ги видовите санкции (доколку ги има) во училиштето, семејството, врсничката група и општествената средина.

11. Раскажи случка кога си бил казнет/а. Опиши како се чувствуваше и како казната влијаела врз тебе.

12. Објасни го поимот конформизам.

13. Дали конформизмот е секогаш корисен за поединецот во општествената заедница?

14. Објасни го поимот општествена девијација.

5. КОНФОРМИЗАМ И ОПШТЕСТВЕНА ДЕВИЈАЦИЈА

- ***Вредности, норми санкции***
- ***Определба на конформизмот и на општествената девијација***
- ***Криминал***
- ***Ø Општествената девијација и општествениот поредок***

5.1. Вредности, норми и санкции

Културата се состои од различни елементи. Меѓу нив, од особено значење се оние преку кои таа го обезбедува својот опстанок и го насочува и контролира поведението на своите членови. Такви елементи се: **вредностите, нормите и санкциите**.

Вредности

Вредностите претставуваат општи идеи на луѓето за тоа што е добро, а што лошо, што е вистинито, посакувано, убаво, а што е погрешно, непожелно и грдо. Тие го насочуваат нивното дејствување и го осмислуваат нивниот живот и однесување. Вредностите се основа на целокупниот начин на живот на луѓето. Тие претставуваат широки апстрактни содржини, а такви се: животот, знаењето, слободата, патриотизмот, љубовта, пријателството, честа, лојалноста, богатството итн.

Најголем дел од вредностите се разликуваат од општество до општество. Така, на пример, во некои општества највисока вредност е материјалниот успех, а во други најмногу се цени традицијата и луѓето се насочуваат кон минатото. Вредностите се еден вид животна ориентација. Им помагаат на луѓето да ги решат своите животни проблеми. Еден руски универзитетски професор по социологија, Алексеј Левинсон, тврди дека последниве неколку години во Русија, Англија и во некои скандинавски земји станало модерно да се негуваат древните обичаи. Според овој социолог, „сега е во мода патриотизмот, свртувањето кон древната култура која на луѓето им овозможува да бидат во тренд. Покрај тоа, младите сакаат да носат традиционална носија зашто е убава и необична“.

Што е за тебе највредно?

Социологот Робин Вилијамс ги истражувал американските вредности и открил дека најзначајни се индивидуализмот и самодовербата, па затоа еден Американец за своите лични неуспеси не бара виновник во заедницата, туку во себе, во своите неспособности и ги припишува како сопствен неуспех. На списокот на американските вредности според Вилијамс се наоѓаат: постигнувањето на успех, напорната работа, прогресот (да се трудиме да бидеме подобри од она што сме биле во минатото), материјализмот: (активните и успешните луѓе треба да имаат повеќе материјални средства од другите), еднакви можности (можности за вработување), еднаквост и рационалност (да се служиме со најдобрите средства при остварување на целите), конформизам, моралност (да се проценува секоја ситуација од аспект на нејзината моралност), хуманост (да се помага на помалку успешните од нас кога тие не се виновни за тоа).

За Европската Унија основни вредности се демократијата, човековите права, слободното движење, мултикултурализмот, заедничкиот пазар и слично, па затоа сите земји - кандидати за влез во Унијата го насочуваат својот општествен и културен развој кон зацврстување на овие вредности.

Вредностите се формираат спонтано, во текот на социјализацијата и заедничкиот живот на луѓето. Еднаш оформени вредности се одржуваат долг временски период. Тие се најтрајниот дел на културата кој е најотпорен на промени.

Норми и обичаи

Нормите постојат за да се заштитат вредностите на една култура. Тие се правила или примери на однесување во општеството. Го определуваат општествено оправданото и посакувано однесување на поединецот кон другите луѓе во определени ситуации. Тие се дел од културата, дел од секојдневното живеење. Нив ги создаваат луѓето

врз основа на погледот на светот и вредностите, поттикнати од потребите. Кога еднаш ќе бидат прифатени од мнозинството, тие стануваат општо-важечки и добиваат интегрирачка улога во општеството.

Една или повеќе норми заедно ги штитат општествените вредности. Така, на пример, Законот за безбедност во сообраќајот, Кривичниот законик, Законот за заштита на животната средина се збир на норми кои го заштитуваат животот како најголема вредност. Нормите се сметаат за упатства како поединците треба да се однесуваат во конкретни ситуации: на улица, на работа, во црква, на плажа, на забава. Такви норми се: да се вози низ населено место 50 км на час, да не се оставаат остатоци од храна и амбалажа на излетничките места, да се одржува личната хигиена, да се почитува приватноста на другите и слично.

Постојат повеќе видови на норми (пишани и непишани) кои се од големо значење на општеството. Такви се: обичаите, правните и моралните норми.

Обичаите се непишани правила кои настанале како резултат на долготрајно повторување на одредени активности од страна на луѓето во една општествена средина. Се однесуваат на секојдневни активности: како луѓето да комуницираат меѓу себе и како да ги задоволуваат своите потреби (начин на облекување, навики при јадење, гостопримство, поздравување при средба и слично). Нивното непочитување повлекува санкции кои вообичаено се во облик на озборување, потсмев, етикетирање, отфрлање од заедницата и слично.

Обичаите се моќен механизам за регулирање на однесувањето помеѓу луѓето. Нашите најстари предци со векови практикувале голем број обичаи поврзани со секојдневниот живот. Еден од нив е маскирањето. Тие сметале дека маскирањето ќе ги одржи во нивната борба за опстанок. Сметале дека нивните маски се доволно страшни за да ги уплашат и прогонат лошите сили, злите духови и демони во кои тие верувале.

Моралните норми претставуваат построги правила од обичаите. Тие укажуваат како треба да се постапува. Можат да бидат позитивни и негативни. Позитивните норми одредуваат што е прифатливо и очекувано, додека негативните норми забрануваат одредени активности. Моралните норми се разликуваат од едно до друго општество, но постојат и универзални норми кои се среќаваат во сите општества. Некои од нив претставуваат строги забрани на однесување кои се нарекуваат **табуи.** Такви се инцестот (забрана на

полови односи помеѓу блиски роднини), канибализмот (човекојадството).

Правните норми претставуваат пропишани и строго санкционирани правила на однесување. Најчесто се среќаваат во форма на закони. Обично ги воспоставува/донесува државата, но правни норми донесуваат и претпријатијата, здруженијата, религиските организации. Предност на правните норми (закони) е што тие можат да се сменат доколку не функционираат.

Санкции

Паралелно со создавањето на нормите, општеството создава и соодветни методи како да се обезбеди нивното почитување. Тие се наречени казни/ санкции. Санкциите се изрекуваат на поединци кои со своето однесување прекршиле некои норми. За непочитување на некои норми, санкциите се мали, а за други остри и вклучуваат парични и затворски казни.

Санкциите се среќаваат во два облика: надворешна санкција (презир или пофалба, казна или награда) која ја изрекува општествената средина и внатрешна санкција (грижа на совест) која е самокритика, самоказнување на сопствените постапки. За да може општествената заедница правилно да функционира, потребно е сите членови да ги почитуваат правилата на однесување. Ако не функционираат, треба да ги заменат со други.

5.2. Определба на конформизмот и на општествената девијација

Определба на конформизмот

Во лекцијата Социјализација и индивидуална слобода веќе е кажано кои луѓе се сметаат за конформисти, а кои за неконформисти. Утврдивме дека секоја општествена група поседува специфичен систем на вредности, правила и норми од кои зависи какви цели ќе си постави групата, какви ќе бидат ставовите и облиците на однесување на нејзините членови. Но, понекогаш целите на групата не се совпаѓаат со ставовите на поединците. Тоа значи дека успешното дејствување на групата не мора да биде успешно и за секој нејзин член. Постоењето на индивидуални интереси можат да доведат до распаѓање на групата. За да не дојде до тоа, секој член на групата се усогласува, до извесен степен се конформира. (латински збор komformire = усогласување). **Под поимот конформизам се подразбира приспособување на членот на групата кон правилата, барањата и стандардите на однесување на групата на која и припаѓа.**

Поим за општествена девијација

Кое е значењето на поимот девијација? На што помислуваш кога ќе се каже дека постои девијација на патот? Веројатно, помислуваш на скршнување од правата линија. Многу социолози токму вака и го дефинираат поимот општествена девијација, како скршнување/отстапување од нормите што ги воспоставила општествената заедница.

За да постигнат некоја цел, луѓето воспоставуваат заеднички правила на однесување. Не постои област од заедничкото живеење без правила. Дали сте се запрашале како би изгледал еден фудбалски натпревар без правила на играта. Како ли би се движеле возилата и пешаците без сообраќајни правила. Правилата го регулираат животот во општеството и кога поединците ги почитуваат, се избегнува опасноста од хаотичност. Почитувањето на правилата е неопходност, императив за постапките на секој цивилизиран човек.

Општествената практика покажува дека сите луѓе не се однесуваат во согласност со правилата/нормите и во таков случај станува збор за девијантно однесување. Оние што ги прекршуваат се сметаат за девијантни личности. Ова значи дека социјализацијата кај овие луѓе не ги постигнала посакуваните резултати. Треба да се спомене дека постапките на еден поединец се сметаат за девијантни само во однос на нормите на одредена група или на одредено општество. Затоа, она што се смета за девијантно во едно општество, не мора да биде девијантно и во друго општество. Може да постојат разлики во сфаќањата за девијантноста и во рамките на едно општество, ако во меѓувреме се промениле нормите и вредностите. Така, на пример, хомосексуалноста неодамна се сметаше за девијантна појава, а денес за неа се зборува во контекст на човековите права. Во многу земји дозволени се истополни бракови.

Во социологијата девијантното однесување на луѓето се дефинира како однесување спротивно на општоприфатените норми, односно однесување при кое се кршат општествените норми и очекувањата од личноста.

Поимот девијантност се разликува од поимот криминал. За криминал се смета она однесување при кое се прекршуваат правните норми и за кое секогаш следи построга казна.

Постојат голем број на теории за девијантноста. Според биолошките теории, девијантноста е биолошки условена. За италијанскиот криминолог Чезаре Ломброзо, кој е претставник на оваа теорија, девијантното однесување е производ на телесната конституција на човекот. Тој утврдил дека криминалците се луѓе со вродени физички и морални карактеристики (имаат карактеристичен облик на коските

на лицето, главата, мускулите и слично). Психолошките теории го истакнуваат наследниот фактор како причина за девијантноста. Според претставниците на оваа теорија, склони кон девијантно однесување се личностите кои имаат недостаток на љубов во детството, психички нестабилните личности и личности без его (сопствено јас). Девијантното однесување според функционалистичките теории е резултат на недостаток на општествена регулација. Да се потсетиме, за функционалистите сѐ што постои во општеството има некоја функција. Истото важи и за девијантноста. Таа е потребна за општеството бидејќи според неа поединците одредуваат што е добро и пожелно да се прави, а што е непожелно и лошо. За Диркем, девијантноста е функционална бидејќи предизвикува општествени промени.

Во социологијата постојат голем број теории со кои се објаснува општествената девијација. Една од нив е на американскиот социолог Роберт Мертон. Тој смета дека сите поединци во општеството имаат исти вредности и се стремат кон исти цели, но немаат исти можности да ги остварат, особено оние кои се на дното на општествената скала. За да ги остварат своите цели и за да бидат успешни, користат недозволиви средства.

Општествената девијација е штетна за општеството. Без разлика на обликот во кој се јавува, таа го попречува неговиот развој. Најчесто се јавува во облик на пороци, агресии и токсикомании.

Пороците се девијации кои се поврзани со нагонскиот живот на човекот (гладот, жедта, сексуалните потреби). Во текот на животот нагоните се социјализираат, најчесто преку образовниот процес. Образованието му овозможува на поединецот да ја подобри својата општествена положба и е најдобар начин за хуманизација на меѓучовечките односи. За пороци се сметаат: скитништвото, питачењето, коцкањето, обложувањата, пушењето, сексуалните пороци.

Агресиите се насилни реакции од страна на поединци и групи кои се незадоволни од општеството, поради неможноста да ги задоволат своите потреби. Незадоволството може да биде насочено кон себе во облик на автоагресија и кон другите во облик на хетероагресија. За првиот облик типичен пример се самоубиствата, а за вториот сите видови на криминал, престапништво, злосторство. **Токсикоманиите** се зависности кои настануваат со земање на опојни средства, најчесто алкохол и дроги. Се јавуваат кога поединците се во неповолна состојба. Тие се облик на бегство од реалниот живот. Последиците од токсикоманиите се многубројни: нарушено психофизичкото здравје, лоша економска состојба, неморално однесување поради кои поединецот има проблеми со законот (кражби, сообраќајни незгоди и слично).

Најновите истражувања покажуваат дека покрај дрогата, алкохолот и цигарите, кај младите се појавуваат и нови видови на зависности: интернетот, социјалните мрежи, видеоигрите. Тие се појавија со цел да ја олеснат комуникацијата меѓу луѓето, но со себе донесоа и нов тип на деликвенција- дигитално насилство, насилство на интернет. Интернет-насилниците лажно се претставуваат, шират лаги, испраќаат пораки со навредливи содржини, етикетираат, ја нарушуваат приватноста на другите.

Секој што е жртва на дигитално насилство треба да побара помош од компетентни лица

Причините за појавата на општествената девијација се многубројни, но за социологијата се важни оние од социоекономска природа: сиромаштијата, невработеноста, необразованоста, миграциите и слично.

5.3. Криминал

Честа појава предизвикана од несоодветното однесување на поединци во општеството е и криминалот. Треба да правиме разлика помеѓу општествена девијација и криминал. Општествената девијација е широк поим и се однесува на секое отстапување од општествените норми, додека со криминалното дело се прекршува законска норма. Така, на пример, просјачењето се смета за девијантно однесување, но не е криминално дело. Но, ако еден поединец употреби насилство над друг или посегнува кон туѓ имот, тогаш се прекршува правната норма и соодветно на прекршокот следува и казна.

Помалку сериозните прекршувања на законот се наречени прекршоци, додека најсериозните се наречени злосторства. На пример, непрописно паркирање на возилото не е злодело/злосторство, но пренесување на дрога преку граница претставува злодело. Казните за злоделата се подолги престојувања во затвор, па дури и смртна казна. Такви чинови се: убиства, грабежи, трговија и шверц со луѓе, шверц на дрога и други недозволиви супстанци. Посебен тип на криминал е оној во сферата на економијата: прикривање на даноци, недозволени финансиски трансакции, присвојување туѓ имот, црн пазар и црна економија.

Постојат повеќе социолошки објаснувања за тоа како настанува криминалот и зошто некој има потреба да прекршува правна норма/закон.

Според функционалистичкото сфаќање секое однесување кое отстапува од заедничките вредности кои ги воспоставила заедницата, по претходен договор на нејзините членови се смета за девијантно. За Емил Диркем „криминалот е постапка со која се повредуваат заедничките вредности на колективната свест“ за која следи санкција. Санкциите, пак, се во закон преточени заеднички вредности на заедницата кои го спроведуваат судството и полицијата, односно законски избраната власт во државата. Диркем смета дека преку казнувањето со закони се штитат заедничките вредности и се контролира девијантното однесување.

Претставниците на интеракционистичката теорија не се сложуваат со функционалистите. Тие криминалот го поврзуваат со моќта во општеството. Според нив, заедничките вредности (законите) не се воспоставуваат според договор на сите членови, туку ги донесуваат претставниците на власта и со нив ги штитат сопствените интереси. Ваквите закони најчесто се спротивни на нормите и вредностите на населението, па затоа може да се случи некои постапки на населението да бидат прогласувани за девијантни/криминални само затоа што власта не ги разбира нивните културни белези, традиција и обичаи. Така, на пример, во американското општество кое е мултикултурно, често им се суди на Индијанците кои го прекршуваат Законот за лов и риболов, иако нивното однесување во рамките на нивната традиција и култура не се смета за девијантно. Истото се случува и со мексиканските доселеници во Соединетите Американски Држави. Тие често се казнувани поради живеење во вонбрачни заедници, сексуални односи со девојки помлади од 16 години, употреба на марихуана и поседување на оружје, а сето ова е дел од нивната традиција и култура.

За голем број марксисти, причината за појава на криминалот е капиталистичкиот начин на производство за кој најважни се стекнувањето на што е можно поголем профит и акумулирање на богатство/капитал. Капитализмот се темели на приватната сопственост за која се најважни конкуренцијата и индивидуалното богатење, а тие се најчесто причина за агресија, непријателство, фрустрации особено кај оние што губат. Тие велат дека во капитализмот криминал е можен на секое ниво во општеството. Припадниците на секоја класа ги користат сите можни средства и прилики да направат криминал. Така, на пример, за пониската класа, која живее во сиромашните квартови карактеристични се: грабежот, крадењето на ситно, препродавање на дрога, проституција, додека повисоката класа се занимава со деловни трансакции и лажни финансиски манипулации кои овозможуваат приграбување на големо богатство.

За американскиот економист Давид Гордон криминалот е оправдан. Тој тврди дека во општество во кое конкуренцијата е главно начело и важи правилото „рибата го јаде рипчето“ поединците мора сами да се борат за да преживеат. Тој утврдил дека во американското општество, постојат мал број на служби за социјална помош, па затоа стапката на криминал е поголема. Криминалот е сосема нормална последица предизвикана од нееднаквоста помеѓу луѓето.

Малолетничката деликвенција

Под поимот малолетничка деликвенција се подразбира општествено неприфатливо однесување на младите, кое најчесто се манифестира со прекршување на морални и обичајни норми, но и со прекршување на законски норми (извршување на злодела). Кога се прекршуваат морални норми, станува збор за асоцијално однесување на младите, додека кога се извршуваат злодела, тогаш станува збор за **антисоцијално однесување**.

Девијантното однесување може да стане општествен проблем кога тоа е континуирано, хронично и широко распространето и кога поголемиот дел од населението го доживува како закана за општата добросостојба на општеството. Тоа девијантно однесување добива уште поголема тежина кога е сторено од страна на најмладата популација во општеството. Малолетничката деликвенција претставува негативна општествена појава во којашто како главни фактори се јавуваат деца кои немаат наполнето осумнаесет години. Тоа претставува сериозен проблем на денешните општества.

Во улога на прекршители на морални и правни норми се јавуваат малолетни лица кои се на возраст од 7 до 18 години. Малолетниците до 14 години се кривично неодговорни.

Својата криминална кариера малолетниците најчесто ја започнуваат со имотни деликти (кражби во куќи, во станови, на возила). Групното извршување на кривични дела претставува типичен белег на малолетничката деликвенција, а тоа е кога два или повеќе малолетници заеднички го извршуваат делото. Прашањето е -Зошто? Поради чувството на несигурност, од потребата за меѓусебна поддршка при извршување на кривичното дело, поради потребата да се покаже моќ пред врсниците.

Во последниве години, на светско ниво, малолетничката деликвенција покажува поголемо учество во севкупниот криминал, поголема динамика, со потешки и поопасни облици на напад врз општествените вредности и добра. Загрижува фактот што во последно време во вакви деликти сé почесто се вклучени деца на помала во-

зраст, рецидивисти (лица кои и покрај мерките за социјализација продолжуваат да се однесуваат девијантно).

Криминал на државата

Криминалот може да биде неорганизиран и организиран. Неорганизираниот криминал го вршат поединци или групи составени поради одредена криминална акција. Организираниот криминал е долгорочна активност која ја извршуваат хиерархиски подредени групи. Иако државата е таа која треба да се бори против криминалот, неретко и самата е учесник и организатор на криминални дела.

Криминалот на државата во американската криминологија и социологија се смета за посебен облик на криминално дејство. Познат е како „криминал на белите јаки". Во улога на криминалци се јавуваат лица од владејачките кругови, функционери, кои ја злоупотребуваат својата општествена положба за вршење кривични дела кои им носат огромна материјална корист. Тајно изведуваат големи деловни трансакции и лажни манипулации. Најчести криминални дела се: фалсификување на финансиски состојби на трговски здруженија, манипулации на трговски берзи, подмитување во трговијата и слично. Тие се нарекуваат и „великани на крадењето". Ги има меѓу политичарите, полицијата, администрацијата, судството.

Овој криминал е многу сличен на организираниот криминал. Криминалот на државата тешко се санкционира и спречува бидејќи најчесто е навлезен во нејзините институции.

Организиран криминал

Криминалците се организираат во разни групи, банди (се вмрежуваат) со цел меѓусебно да соработуваат во изведување на кривични дела како долгорочна активност. Тоа е организиран криминал. Поврзани се со лица од државните институции (високи функционери) за да можат полесно да го извршат кривичното дело и да избегнат санкција. Овој криминал најчесто е мрежа на добро организирани криминалци од сите нации и раси и не познава граници и држави. Најчести криминални дела се трговија со оружје, дрога, бело робје затоа што носи голема заработувачка. За овој облик на криминал карактеристична е цврста организација базирана на хиерархиски односи и големата оперативност во акциите. На чело на криминалната организација стои водач кој најчесто е моќен гангстер од подземјето. Се користи уцена, сила, закана, подмитување и други незаконски средства, така што бизнисот станува ризичен не само во материјална, туку и во физичка смисла. Поради имунитетот што го имаат сторителите од кривичното гонење, тој тешко се открива и

најчесто не се запишува во криминалната статистика. Организираниот криминал не познава граници. Криминалците често дејствуваат од повеќе континенти преку таканаречени мафии.

На 11 септември 2001 година два киднапирани авиона ги урнаа кулите близначки во кои беше сместен Светскиот трговски центар во Њујорк, по што следеше удар на третиот авион врз зградата на Пентагон во Вашингтон. На крајот е соборен авион во Пенсилванија. Акцијата на 19 припадници на Ал Каеда почна со киднапирање на четири патнички авиони, кои полетале од аеродромите во Бостон, Њујорк и Вашингтон. Киднаперите влегле во кабините на авионите и користејќи ножеви за сечење хартија, кои ги прошверцувале, ги убиле пилотите и ја преземале контролата врз леталата. Првиот авион на „Американ ерлајнс“ во 8:46 часот по локално време удрил во северната кула на Светскиот трговски центар во Њујорк, а 17 минути подоцна вториот киднапиран авион на компанијата „Јунајтед ерлајнс“ удрил во јужната кула, додека третиот го погодил седиштето на Пентагон. Од кулите-близначки во Њујорк само 20 луѓе, кои биле на катовите над местото на нападот успеале безбедно да ја напуштат зградата пред да се урнат. Меѓу жртвите, на 11 септември, имало 371 странец, а 343 пожарникари загинали во падот на кулите-близначки додека се обидувале да им помогнат на повредените да ги напуштат зградите. Подоцна надлежните служби на Соединетите Американски Држави оцениле дека мозокот на нападите бил Халид шеик Мухамед, кој е уапсен во март 2003 година, во Пакистан, а во февруари 2008 година е обвинет за воени злосторства.

Со терористичкиот напад им стана јасно на сите Американци дека тероризмот, корупцијата и подмитувањето се инструмент на организираниот криминал кој се заканува да добие планетарно значење и да го загрози опстанокот на човекот, економијата, животната околина, како и основните достигнувања и вредности на човековата цивилизација. Со цел борба против тероризмот, корупцијата и другите видови организиран криминал, донесени се низа важни меѓународни документи...

(исечок од новинарски текст)

5.4. Општествена девијација и општествениот поредок

„Никој не се раѓа како криминалец, алкохоличар, наркоман. Нив ги создава општеството“.

Во лекцијата Определба на конформизмот и општествената девијација, осознавте дека биолозите и психолозите, причините за

девијантното однесување на луѓето ги бараат во биолошката, односно психолошката природа на човекот. Социолозите сметаат дека девијантноста не може да се објасни без да се земат предвид и општествените и културните фактори.

Функционалистичката теорија во социологијата причините за девијантноста ги бара во општеството. Тоа најдобро го објаснува Емил Диркем. Тој тврди дека злосторството во општествениот живот е неизбежно, затоа што членовите на општеството немаат исто чувство за припадност кон заедницата (колективни чувства), ниту имаат ист однос кон заедничките вредности и морални норми. Поединците се изложени на различни влијанија од околината и затоа не можат подеднакво да ја разберат сериозноста од непочитување на закони.

За Диркем секоја промена во општеството започнува со некој облик на девијантност па вели: „За да настане промена, колективните чувства не треба да бидат премногу јаки и непријателски настроени кон промените. Тие треба да бидат умерени. Кога се премногу јаки, тие не дозволуваат да дојде до израз нечија оригиналност (кој каква личност е), а секому мора да му се даде таква можност. Една оригиналност не е можна без друга. Диркем прашува: Како ќе беше забележана оригиналноста на луѓето од типот на Исус, Мартин Лутер Кинг, Мајка Тереза, ако колективните чувства на луѓето беа премногу јаки“.

Диркем некои девијантни однесувања ги сметал за предвесници на некоја нова иднина. Такви се еретиците (оние кои биле осудени за кривоверство во времето на инквизицијата), борците за слобода, бидејќи сакале да создадат нов систем на вредности и норми, односно нов општествен поредок. Според функционалистичката теорија, девијантноста е корисна за општеството до одреден степен, бидејќи таа придонесува за неговото одржување. Доколку се зголеми многу повеќе отколку што треба, тогаш таа станува некорисна.

За Диркем здраво општество е она во кое има и злосторство и казни. Диркемовиот заклучок е дека со порастот на девијантноста, општеството преминува во состојба на „аномија“ (болно општество). Општеството им поставува на луѓето високи барања и цели, кои за најголем дел од нив се недостижни и неостварливи и затоа тие користат морални и правно недозволени средства.

За американскиот социолог Роберт Мертон причините за девијантноста треба да се бараат во структурата и културата на општеството. Според него членовите на општеството имаат заеднички

вредности. Но, бидејќи имаат различни општествени положби (припаѓаат на различни класи), не можат подеднакво да ги остварат заедничките вредности, а тоа кај нив може да предизвика девијантно однесување. Мертон преку примерот со Соединетите Американски Држави ја образложува својата теорија па вели: „За членовите на американското општество постигнување на личниот успех, кој се мери преку стекнатото богатство, е најголема вредност. „Американски сон“ на секој Американец е да вози кадилак, да има куќа на Беврли Хилс и солидна сума пари на банкарската сметка. Ним им е јасно дека единствен начин за постигнување на оваа цел е образованието, талентот, амбицијата, решеноста, енергијата, напорната работа и тоа е сосема логично бидејќи целта и средствата се подеднакво важни. Но, за Американците најважен е успехот без разлика на кој начин се постигнува. Тие се борат за успех со сите расположливи средства. Тоа наликува на партија покер во која за да се постигне добивка, се занемаруваат правилата на играта“. Според Мертон, кога ќе престанат да важат правилата во општеството доаѓа до состојба на аномија која поттикнува девијантност.

Според *теоријата на етикетирање* која ја застапувал американскиот социолог Хауард Бекер, дали некоја постапка ќе се смета за девијантна зависи од тоа како другите ќе ја проценат, каква „етикета“ ќе и залепат. Така, на пример, да се види гол човек на нудистичка плажа се смета за нормално, но гол човек на улица би се сметало за девијантно однесување. Во војна убиствата се очекувани, ама во мир тие се најголемо злосторство. Дали нешто ќе се смета за девијантно зависи и од општествените околности. Откритијата на Никола Коперник некогаш биле доживувани како најголем ерес, а денес врз нив се заснова целокупниот технолошки развој.

Општ заклучок е дека девијантните појави се карактеристика на современите и динамични општества. Модернизацијата на општествениот живот е основна причина за порастот на девијантното однесување. Во традиционалните општества, девијациите се сведени на минимум бидејќи се базираат на традиционални односи кои ја јакнат општествената заедница.

Во современото општество функциите на семејството се намалуваат. Со тоа му се намалува моќта правилно да ги социјализира своите членови. Недостатокот на социјализација може да биде причина за девијантно однесување. Слично на семејството, и локалната заедница е немоќна да одговори на потребите и барањата на луѓето. Пренаселеноста, миграциите, урбанизацијата, индустријализацијата и модернизацијата се причини за усложнување на животот на луѓето. Во вакви услови се јавува расчекор помеѓу барањата на

општеството и можностите на луѓето кои доведуваат до појава на девијантно однесување.

Медиумите во последно време се јавуваат како моќно средство за насочување и контрола на однесувањето на поединците. Гледањето филмови со насилничко однесување на главните јунаци, кај гледачите може да предизвикаат различни ефекти. Едни може да го имитираат нивното однесувањето со цел да се ослободат од фрустрациите што ги носат во себе, а други можеби ќе го правдаат своето девијантно однесување со она што го виделе на ТВ медиумите.

Општеството создава механизми за превенција и заштита од девијантноста. Воспоставува разгранет, специјализиран систем за откривање и сузбивање на девијантните појави, создава институции кои дејствуваат превентивно, образовно и воспитно. Таква институција е училиштето кое преку образованието и воспитанието ги насочува поединците кон добро однесување.

Провери што си научил/а од темата Конформизам и општествена девијација

1. Што е општествена интеракција?

2. Која е разликата помеѓу размената и натпреварот?

3. Објасни ги најчестите причини за настанување на конфликтот.

4. Направи разлика помеѓу девијантните појави и криминалот.

5. Што се подразбира под криминал на адолесценти?

6. Кои поединци се јавуваат како актери во државниот криминал?

7. Каде социолозите најчесто ги бараат причините за девијантно однесување кај поединците?

8. Проучи го Диркемовото сфаќање за девијантните појави во општеството и обиди се да ја утврдиш оправданоста за таквото тврдење.

9. Посочи примери на етикетирање во твоето непосредно опкружување.

10. Како го сфаќаш тврдењето „Никој не се раѓа како криминалец, алкохоличар, наркоман. Нив ги создава општеството“.

11. Според тебе, кои се причините за малолетничката деликвенција? Зошто е во пораст?

6.ОПШТЕСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

- ***Општествена организација***
- ***Определба и видови на општествена организација***
- ***Општествени групи***
- ***Формални организации***

Животот и односите на луѓето во општеството се одвиваат во некакви форми на организација и ова не е својствено само за луѓето. И многу животински видови, водени од инстинктот за преживување, градат заедници во кои постои некаква организација. Но, само човековата заедница е свесно и целно организирана.

Ние се раѓаме во болници, а знаењата за животот и работата ги стекнуваме на училиште, работиме во претпријатија и фирми, се венчаваме во матични служби, спортуваме во клубови, членуваме во стручни здруженија. Болниците, училиштата, претпријатијата, фирмите, службите, клубовите се организации. Колку е поорганизирано општеството, толку е порационално, поефикасно и поекономично во задоволувањето на потребите на луѓето.

6.1. Определба и видови на општествена организација

Сите досегашни општества, дури и првобитните заедници имале некаква организација. Ловот, исхраната, земјоделството, домувањето, војната и одбраната, трговијата и сообраќајот не биле можни без организација. За американскиот социолог Амитаи Еционі, **организацијата е општествена целина која претежно е насочена кон постигнување на определени цели.** Но, за да се постигнат целите, мора да се воспостават пишани и непишани правила на дејствување, средства и постапки како да се постигнат целите и поделба на улогите на оние што се вклучени во организацијата. Модерната болница е добар пример за организација. Во неа вработените се групирани според некакви критериуми со цел да ги лекуваат луѓето и да им пружат медицинска нега. И не само болницата, туку и државата, локалните заедници, маркетите, фабриките за автомобили се организации кои, пак, зависат од некои други организации.

„Се раѓаме во болници, се образуваме и воспитуваме во училишта, се вработуваме во државни и приватни фирми, членуваме во синдикат и професионални здруженија и одиме на починка во црква. Секаде постои организација. Во модерното општество животот бара поголема организација“, вели Амитаи Еционі. „И кога сме здрави, и на работните места и во слободното време, животот ни се одвива во организации. Затоа, модерното општество е организациско општество“.

Макс Вебер прв започнал да ја проучува модерната организација. Таа за него е стабилен начин за ускладување на различните активности на луѓето во време и простор, особено во процесот на производство. Открил дека организацијата најмногу зависи од поделбата на работата (трудот) и поделбата на улогите. На пример, организацијата на ловот и обработката на земјата, како главни дејности кај примитивните општества, била едноставна и неразвиена. Мажите ловеле, а жените собирале плодови, преработувале производи, изработувале облека и слично. Подоцна, улогите започнале да се специјализираат. За секоја улога биле потребни посебни знаења и вештини. Улогите што ги извршувале луѓето морале да се координираат и насочуваат, да бидат управувани од некого. Само на овој начин било можно да се постигнат добри резултати. Но, оние кои управувале брзо станувале помоќни од другите, се бирократизирале (biro=маса за пишување, cration=владеење од биро, чиновници).

Не се сите општествени целини и групи организации. Семејството, соседството, љубителите на музиката личат на организации, но се типични општествени групи, затоа што немаат точно определени цели, правила и средства за дејствување и улогите на членовите не се јасно и хиерархиски подредени.

Организациите се релативно трајни. Тие не престануваат да постојат откако ќе исполнат една одредена цел. Но, тоа не значи дека тие не ја менуваат својата структура и функција. Во современите општества организациите се приспособуваат на промените и значително се разликуваат едни од други. Така, на пример, постојат големи разлики помеѓу црквата и армијата, помеѓу противпожарната бригада и филателистичкото друштво, помеѓу автомобилската компанија „Дајмлер-Бенц“ и Црвениот крст, помеѓу Министерството за образование и Градското сообраќајно претпријатие. Организациите се разликуваат според целите за кои се формирани, големината, просторот, бројот на припадници и начинот на кој се организирани.

Социолозите ги делат организациите на **формални и неформални.** Првите, по правило, дејствуваат според цели и правила што се

општоприфатени во заедницата, а вторите најчесто немаат такви цели и правила. Така, на пример, една фирма кога вработува работници мора со нив да потпише договори за работа и плата. На тој начин таа е обврзана да ги штити нивните интереси. Додека со верниците тоа не е случај. Тие доброволно и пристапуваат на верската организација, активни се колку сакаат и до кога сакаат и не мора до крај да ги почитуваат нејзините цели, правила и хиерархија.

Целите на организациите можат да бидат политички, економски и културни. На пример, целта на училиштата и универзитетите е да образуваат и социјализираат деца и млади; целта на музеите, библиотеките и галериите е зачувување на културното наследство, а цел на банките е да обезбедат заштита на финансиските заштеди на граѓаните. Некои организации имаат специфични и едностранi цели. Такви се, на пример, организациите за заштитата на Охридското Езеро, за подобрување на статусот на лица со инвалидитет. Други организации имаат универзални и повеќестрани цели. Такви се организациите за зголемување на образовното ниво на населението, организациите за помош на земјите во развој. Тие не само што имаат поинакви цели, туку имаат и поинакви средства, правила, членување и начин на управување.

Организирањето на активностите и уредувањето на односите во секоја општествена заедница, подразбира постоење на некое количество на моќ да се влијае на однесувањето и дејствувањето врз другите. Не случајно државата, партиите, парламентот, владата, имаат политичка моќ. Некои поединци и групи што поседуваат имот, производни капацитети, финансиски средства се смета дека имаат економска моќ, поголема од другите. Земјите во светот што имаат големи и добро вооружени армии се сметаат за воено помоќни од другите. Во организациите, какви и да се, постои организациска моќ. Организациската моќ се гледа во способноста на сите, а особено на раководниот тим ефикасно да се постигнуваат целите. Се разбира, многу е значајно таа моќ да се користи и изразува демократски.

Поради улогата и значењето што го имаат организациите во општествениот живот, во рамките на социологијата се развила и посебна дисциплина наречена *социологија на организациј̄ата*.

6.2. Општествени групи

Човекот од своето создавање до денес живее во најразлични облици на здружување и меѓусебно поврзување. Тоа поврзување на луѓето произлегува од природата на човекот како општествено суштество. За да ги задоволи своите потреби и интереси тој воспоставува раз-

лични односи со другите луѓе. Како резултат на тоа се појавуваат општествените групи.

Човековата егзистенција и дејност се одвиваат во рамките на голем број различни групи. Токму од овие причини прашањето за општествените групи станува централно прашање во социологијата. **Групата претставува збир на повеќе лица кои се во интеракција и кои имаат определени заеднички карактеристики.** Колку едно општество е поразвиено, поиздиференцирано и посложено, толку повеќе се зголемува потребата на поединците од групирање.

Многу социолози ги проучувале општествените групи, но позначајни се Фердинанд Тенис, Георог Зимел и Чарл Кули.

Германскиот социолог Фердинанд Тенис ги дефинирал примарните групи врз основа на критериумот *блискост на членовиште*. Примарни групи ги смета семејството, групите на врсници, роднинските групи. За него тие се групи во кои постои близок, долготраен и директен (лице в лице) однос помеѓу членовите. Овие групи директно се одговорни за развојот на детето.

Поимот секундарни групи го користи за да ги означи групите во кои односите помеѓу членовите се формални (краткотрајни и без емоции) и воспоставени поради остварување на некој заеднички интерес. За такви групи ги смета големите фирми-корпорации.

Тенис ги проучувал односите, внатре во групите и утврдил дека постојат разлики помеѓу заедница и општество. Заедницата ја карактеризираат блиски односи и чувство за припадност на заедницата, додека во општеството луѓето се водени од личниот интерес и амбиција што придонесува односите помеѓу луѓето да се слаби.

Георг Зимел, германски социолог, проучувал како големината на групата влијае врз нејзиниот опстанок. Утврдил дека групите со поголем број на членови се постабилни од малите групи. Бракот како двочлена група го смета за понестабилна отколку тричлена група. Во бракот се двајца и од нив зависи опстанокот на групата. Во тричлената група ако двајца се скараат, третиот ќе посредува помеѓу нив додека не се реши конфликтот.

Карактеристики на општествените групи

Групата ја сочинуваат најмалку двајца, но обично и повеќе луѓе кои се групирале поради извршување на некоја заедничка дејност/цел. Вообичаено, членовите на групата имаат исти потреби, интереси, ставови и вредности кои во голема мера се разликуваат од интересите, ставовите и вредностите на поединците кои не припаѓаат на таа група. Нормите на однесување најчесто ги создава

самата група, но може да ги пропише и државата. Тоа е случај, на пример, со политичките партии. Во групите на врсници нормите на однесување најчесто ги воспоставува нивниот водач.

Положбата и улогите на поединците во групата не се исти. Секоја положба е проследена со правила на однесување односно очекувања што треба да ги исполнат носителите на положбата и тоа е основа за хомогеноста на групата. Секоја група има правила кои се однесуваат исклучително на нејзиното членство. Во групата обично постојат заеднички интереси, идеали и вредности. Интересот ги здружува луѓето за подобро и поефикасно остварување на заедничките цели (спортско друштво, семејство, соседство итн.). Секоја група има систем на признанија и санкции со кои ги наградува своите членови за доброто извршување на улогите или ги казнува поради кршењето на групните норми.

Врз основа на сите овие карактеристики можеме да заклучиме дека **општествената група претставува релативно трајна заедница на луѓе, меѓусебно поврзани поради извршување на некоја општествена дејност и задоволување на некои заеднички интереси и потреби.**

Класификација на општествените групи

Општествените групи се разновидни по својата природа и затоа можат да се класификуваат според нивната дејност, според степенот на чувството на припадност, големината на групата, целта итн. **Според функцијата и дејноста што поединците ја извршуваат во групата, тие можат да се поделат на семејно-роднински, економски, воспитно-образовни, политички, културни и религиозни**.

Во зависност од степенот на регулираноста на односите меѓу членовите, групите се делат на формални и неформални. За формалните групи карактеристични се цврсти и регулирани односи меѓу членовите на групите кои се санкционирани со официјални норми. Во неформалните групи, положбата на членовите и нивниот меѓусебен однос не е регулиран. Тие се уредуваат во самата група. Овие групи се создаваат спонтано и во зависност од конкретните потреби и интереси на поединците. Вакви групи се: групите на пријатели, гледачите на некој спортски натпревар и др.

Меѓу најпознатите класификации на општествените групи е онаа која групите ги дели на **примарни и секундарни**.

Примарните групи се први и основни и во нив се оформува и социјализира човековата природа. Тие се засноваат на висок степен на интимност на односите меѓу членовите и развиено чувство на

меѓусебно припаѓање, љубов и почит. Вакви групи се: семејството, групите на врсници, но до некаде и старите соседства. Во примарните групи членовите се целосно посветени на групата со волја, емоции и разум. Во овие групи постои интензивна и доверлива комуникација.

Секундарните групи по својата природа се многу поширокі од примарните и се базираат на формално уредени односи. Во нив отсуствуваат емоциите. Луѓето во нив се здружуваат со цел да задоволат некоја конкретна цел. Такви се трговските здруженија, производствените организации и слично.

Според тоа, дали во групите се одвиваат сите општествени процеси, дејности и односи или само некои од нив, тие можат да се поделат на глобални и парцијални групи.

Во **глобалните** групи се одвиваат сите општествени процеси и дејности. Тие се долготрајни, а членовите меѓусебно се цврсто поврзани. Пример, за вакви групи се ордата, родот, племето, народот и нацијата. **Парцијални** се оние групи во кои се одвиваат само некои видови општествени дејности, процеси и односи. Во нив луѓето не можат да ги задоволат сите потреби. Постојат во рамките на глобалните општествени групи како нивни составни делови. Пример за парцијални општествени групи се: разните професии, класи, слоеви.

Со комбинација на белезите на групата се добиваат голем број сложени типологии на општествените групи кои одговараат на глобалната општествена структура. Па така можеме да зборуваме за просторни групи какви што се: населбите, селото, градот кои не се групи во потесна смисла на зборот, туку се сложени просторни структури во кои постојат локални територијални заедници (селски колективи, соседство). Според бројот на членовите општествените групи можат да се поделат на големи и мали. Според времетраењето тие може да се поделат на постојани и привремени групи. Во зависност од можноста за влез и излез на членовите од групата тие можат да се поделат на затворени и отворени групи. Според распределбата на моќта на поединците, општествените групи се делат на авторитарни (со нееднаква моќ) и егалитарни (со распределена моќ меѓу поединците), а според степенот на поврзаноста на поединците во групата тие можат да бидат краткотрајни, лабави и трајни.

При социолошките истражувања најчесто се вкрстуваат и поврзуваат наведените белези на општествените групи, па така семејството може да се истражува како примарна група поради постоењето на сродннички односи помеѓу нејзините членови. Поради нејзината

репродуктивна функција, таа може да се набљудува и како функционална група. Може да се набљудува и како група со одреден општествен статус (богато или сиромашно семејство), како мала и трајна група со неформални и блиски, емоционални односи. Од аспект на распределбата на моќта, семејството може да биде патријархално, во кое моќта ја има најстариот член на семејството, или современо семејство во кое постои еднаквост помеѓу членовите.

6.3. Формални организации

Формалните организации се поважни од неформалните, бидејќи најголем дел од општествениот живот на луѓето се одвива во формални организации, а такви се: училиштата, градинките, универзитетите, болниците, фабриките, претпријатијата, црквите, џамиите, факултетите итн.

Една од важните карактеристики на формалните организации е што нивната дејност е јавна и може да се контролира. Тоа е важно за да се види дали ја исполнуваат целта за која постојат (кој е општествениот интерес од нив). Доколку организацијата не ги исполнува целите тоа значи дека раководниот тим или начинот на организирање треба да се променат. Така, на пример, целта на училиштата и универзитетите е да образуваат и да ги социјализираат децата и младите; целта на болниците е да ги лекуваат болните, а на црквите и џамиите да проповедаат одредени религиски верувања и слично. Според целите, организациите можат да бидат економски, политички, културни и слично.

Но, се случува внатре во формалната организација да постои друга, неформална, која им се спротивставува на принципите на првата. Во таков случај настанува таканаречен внатре-организациски конфликт. Така, на пример, во една фирма, која има свој производен план и динамика, може да се случи група на незадоволни работници од платата (неформална организација) незабележително да ги бојкотираат работните задачи и обврски. Сè додека внатре-организацискиот конфликт не се разреши, организацијата ќе биде неуспешна.

Неформалните организации многу често дејствуваат наспроти општествените норми и институции и доаѓаат во судир со законите и се општествено неприфатливи. Такви се, на пример, мафијата и корупциските групи во стопанството, заговорничките и пучистичките групи во политиката кои се стремат да ја преземат власта на недемократски начин. Меѓутоа, има и општествено прифатливи

неформални организации кои се залагаат за хумани цели и активностите им се насочени кон решавање на определени општествени проблеми. Акциите за помош на сиромашните, на бегалците, на болните и за подобрување на општествената положба на инвалидизираните лица најчесто се организирани од неформални организации. Во најширока смисла, јавноста во една земја е општествена група, но и неформална организација која има позитивно и критичко влијание врз политиката.

Формалните организации се големи секундарни општествени групи создадени поради ефикасно постигнување на одредени цели. Во нив се воспоставуваат односи меѓу поединците кои се базираат на јасни и однапред утврдени правила и норми на однесување.

Со социолошките проблеми на организацијата многу се занимавал споменатиот социолог Макс Вебер. Според него, постојат три основни типа на човечко дејствување: емотивното или афективното, во кое доаѓаат до израз емоционалните состојби на поединецот, традиционалното дејствување, кое се базира на обичаите и рационалното дејствување во кое постои јасна свест за целта и како таа може да се постигне. Вебер смета дека во модерното индустриско општество преовладува рационалното дејствување. Така, дејствуваат големите формални општествени организации: државната управа, образовниот систем, здравствениот сектор, воената организација и многу други.

Проучувајќи го човековото дејствување, Вебер ја открил современата формална организација и ја нарекол бирократска организација која во буквален превод значи владеење од канцеларија. За Вебер бирократијата има друго значење. Таа има централно место во процесот на рационализација на општествените односи, бидејќи се однесува во согласност на рационално дефинираните цели. Таа е организациски модел за ефикасно постигнување на целите. Вебер тврди дека на бирократијата и нема рамен во однос на прецизноста, постојаноста, дисциплината, строгоста, верноста, успешноста при работењето. За бирократски организации ги смета државата, црквата, војската, партијата, стопанското претпријатие.

Според Вебер бирократијата има неколку карактеристики: *специјализација* (поделбата на работата), *хиерархија* (вертикално рангирање на вработените при што повисоко рангираните ги контролираат пониско рангираните), *строго почитување на пишани правила, стручност и знаење* стекнати со диплома и *безлични односи* во кои не се меша професионалниот со приватниот живот. Вебер

бил свесен и за последиците кои може да ги предизвика зголемувањето на бирократската моќ на поединците, а како такви ги наведува: отуѓувањето, ритуализмот, инерцијата, олигархијата и слично. Отуѓување е состојба во која наместо бирократијата да им служи на граѓаните (се мисли на државната бирократија), граѓаните се во служба на бирократијата. Ритуализам е штетна состојба за бирократската организација која е предизвикана од слепото почитување на правилата дури кога тоа и не е потребно. Инерцијата е тенденција на бирократизираните структури да опстојуваат што е можно подолго и поради тоа измислуваат непотребни работни задачи. Олигархија е владеење на малкумина во бирократската хиерархија.

Социолозите Роберт Мертон и Питер Блау сметале дека за да биде ефикасна, формалната организација на членовите мора да им обезбеди слобода, самоиницијативност и мотивираност во дејствувањето. Така ќе се чувствуваат како заедница која извршува иста цел.

Социолозите сметаат дека успешноста на формалната организација во голема мера зависи од човечкиот фактор. Од тие причини стопанските организации, оние на државната управа, на јавниот и на приватниот сектор често истакнуваат дека нивна цел не е само профитот, туку и условите за работа на вработените, платите и нивниот животен стандард. Затоа на вработените им дозволуваат да учествуваат во управувањето преку синдикати или преку сопственички удел (акции).

Социолозите, исто така, тврдат дека една формална организација за да биде успешна и ефикасна, во неа треба да се развива позитивна организациска клима и организациска култура, односно поволни меѓучовечки односи и чувство на припадност на организацијата.

Организациската култура е систем од вредности, норми, правила на однесување во организацијата, начин на кој мислат вработените, како се чувствуваат. Секоја организација која има цврста организациска култура постигнува големи резултати. Американскиот бизнис-консултант Питер Дракер, кој се смета за татко на современиот менаџмент, во една прилика рекол: „Причина за пропаѓањето на најголем број организации во криза е немањето на систем на вредности и верувања кои се во согласност со барањата на опкружувањето, односно немањето цврста организациска култура“.

Провери што си научил/а за темата Општествена организација

1. Кои се разликите на општествената и инстиктивната организација?

2. Кои се основните карактеристики на општествената организација?

3. Какви видови општествени организации препознаваш?

4. Што е општествена група?

5. Од кои причини луѓето ги формираат општествените групи?

6. Според кои критериуми можат да се поделат општествените групи?

7. Кои организации се формални, а кои неформални? Наброј по неколку од двата вида.

8. Зошто се значајни формалните организации за современото општество?

9. Објасни го Веберовото сфаќање за формална организација.

10. Според Вебер, кои карактеристики ги има бирократската организација? Што ја прави да биде најефикасна?

11. Секоја организација која има цврста организациска култура постигнува големи резултати. Како го разбираш ова тврдење?

Во бирократската организација постои хиерархија и крути правила

7. ОПШТЕСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ

- ***Семејство***
- ***Религија***
- ***Политика, власт и држава***
- ***Економија***
- ***Образование***

7.1. Семејство

Семејството како општествена група секому му е блиска и позната затоа што, речиси, секој поединец во неа го започнува и завршува својот живот. Но, ако за семејството треба да се зборува од научен аспект, тогаш воопшто не е лесно, особено ако се има предвид дека тоа е постојано изложено на влијанието на општествените промени кои ја менуваат неговата форма и функции. Денес, освен за вообичаените семејства со два родитела и едно или повеќе деца, сè почесто се зборува и за семејства со еден родител, за реконструирани семејства кои настануваат со склучување на нови бракови и деца од претходни бракови, семејства со родители од ист пол и посвоени деца и слично. Некои од овие типови на семејства може некому повеќе, некому помалку или воопшто не му се допаѓаат. Социолозите не можат да кажат кој тип на семејство е најдобар, но укажуваат дека е сè потешко да се зборува за вистински семејни вредности кои би биле заеднички за сите луѓе.

Семејството е логичка последица на бракот, а бракот е општествено признаен однос помеѓу двајца возрасни, најчесто помеѓу еден маж и една жена.

Во текот на историјата бракот се среќавал во различни облици. Бракот склучен помеѓу една група жени со една група мажи бил наречен групен брак. Полигамен брак е оној во кој во брачен однос стапуваат повеќе партнери и се јавувал во два облика: полигинија (еден маж со повеќе жени) и полиандрија (една жена со повеќе мажи).

Бракот може да се склучи од повеќе причини и на повеќе начини и од тоа зависи какви односи ќе се воспостават меѓу сопружниците. Не ретки се браковите помеѓу двајца кои не се правно регулирани, познати како кохабитација, бракови без деца, како и истополни (хо-

мосексуални) бракови. Денешните бракови се моногамни (во брак се само двајца партнери) и граѓански (се склучуваат пред претставници на државните органи и се регулираат со правни прописи). Во историјата се познати обичајните бракови, типични за традиционалните општества; црковни бракови склучени пред црковните органи и регулирани со црковни норми.

Со раѓањето или посвојувањето на деца, бракот прераснува во семејство во кое се воспоставуваат роднински односи. Сродството е биосоцијална врска помеѓу членовите на семејството, како резултат на брачниот однос. Забранува родоскрнавење (инцест), односно полови односи меѓу татко и ќерка, мајка и син, брат и сестра.

Семејството низ историјата

Семејството е интимна заедница, но со определена организација што значи дека таа не е препуштена на волјата на нејзините членови. Односите меѓу членовите се регулираат со правни и морални норми што зборува за значењето на семејството во општествениот живот. Семејството има свој историски развој. Во секоја фаза на човековата историја се развивале соодветни облици на семејство и семејни односи. Она што е заедничко за сите е постоењето на сродничките врски и грижата за децата.

Во дивјаштвото постоело **семејство на крвно сродство** во кое половите односи не биле регулирани. Тие биле дозволени меѓу сите членови на ордата. Како резултат на материјалното производство, од брачните и половите односи биле исклучени родителите и децата, предците и потомците. Ова семејство на крвно сродство прераснува во такана-речено **семејство пуналуа,** во кое од брачните односи се исклучени и браќата и сестрите. Кај овој облик на семејство, сестрите на еден род биле заеднички жени на браќата од друг род. Во сите овие семејства потеклото на децата се определувало според мајката зошто таткото бил непознат и се наречени **матријархатни семејства.**

За целиот период на варварството карактеристично е **синдијазмичкото семејство,** кое настанало со одвојување на одделни двојки (парови) меѓу кои се воспоставувале попостојани врски. Ова семејство е преоден облик кон моногамниот брак и моногамното семејство. Мажот сѐ почесто имал само една жена. Мајчинскиот род почнал да се распаѓа и се воспоставила доминацијата на мажот. Ова е периодот на патријархатот и создавање на **моногамното семејство.**

Моногамниот брак и моногамното семејство се карактеристични за целиот период на цивилизацијата (мали исклучоци од ова се

муслиманските држави во кои и денес еден маж, под одредени услови, може да има повеќе од една жена).

Најстар облик на моногамно семејство е **патријархалното/традиционално семејство** кое го сочинуваат припадници на повеќе генерации (баби, дедовци, чичковци, вујковци, тетки, нивните партнери и деца) и затоа е наречено проширено семејство, семејна задруга. Во него таткото е „глава на семејството“ и има доминантна улога при донесување на одлуките. Наследството се пренесува по хиерархија на најстариот син. Поради високиот степен на смртност предизвикана од примитивните услови за живот и недостаток на лекови, ова семејство било многудетно (се раѓале по десетина деца). Поради недостиг од работна сила, децата многу рано се вклучувале во производствените активности. Се склучувале бракови на рана возраст, и тоа не по волја на младенците, туку со договор на родителите (договорни бракови). Според некои истражувања, на балканските простори, при крајот на XX век, во ваков вид на семејство сè уште живееле дури две третини од селските домаќинства.

Со индустриската револуција овој тип на семејство сè повеќе бил потиснуван од **нуклеусното семејство** (nucleus = јадро) кое го сочинуваат најчесто родителите и нивните деца. Во моментот кога фабриките почнале да произведуваат средства за егзистенција, традиционалните семејства ја изгубиле производствената функција и проширеното семејство веќе не било неопходно. Се раѓале помалку деца, кои не работеле, туку сè повеќе се вклучувале во образовниот процес. Старосната граница за стапување во брак се поместила, а со тоа и раѓањето на првото дете. Во брак стапувале оние кои биле економски независни. Се променил и начинот на избор на партнер. Бракот од љубов го заменил договорниот брак (присетете се на Шекспировата драма Ромео и Јулија). Роднинските односи почнале да го губат своето значење. Семејството почнало да ја менува својата структура, но односите во семејството суштински не се смениле. Патријархалноста и понатаму била доминантна. Мажот обезбедувал средства за живот, а жената била задолжена за домаќинството и одгледувањето на децата.

Современо семејство

Дури кон крајот на XX век , во таканареченото постиндустриски период, со појавата на феминистичките движења настануваат големи промени во партнерските односи и поделба на семејните обврски. Се намалува бројот на членовите и нивните функции. Мажот сè почесто самостојно настапува во процесот на трудот, а тоа бара

поголемо отсуство од домот и семејството. Жената во напорите да се изедначи со мажот настојува рамноправно да учествува во обезбедувањето на средства за животна егзистенција. Раѓањето на деца се ограничува на едно или две. Во вакви услови грижата и социјализацијата на децата е доверена на детските установи и училиштата. На овој начин улогите на членовите во семејството се менуваат. Односите меѓу сопружниците, родителите и децата добиваат „партнерски“ карактер што истовремено значи нивно психолошко оддалечување. Мажот почнува да извршува обврски во семејството кои биле незамисливи за неговиот дедо и татко. И како што вели социологот Ентони Гиденс - семејните односи сè повеќе зависат од соработката и комуникацијата меѓу членовите.

Функциите на семејството

Независно од промените и облиците во кои се јавува, семејството/семејниот живот опстојувал во текот на сите фази на човековата историја. Некои антрополози и социолози сметаат дека опстанокот се должи на функциите кои ги има семејството, неопходни за човековиот опстанок и општеството. Вакво мислење застапувал и познатиот американски антрополог Џорџ Мердок. Тој проучувал различни општествени заедници и утврдил дека во секоја од нив постои некој вид семејство кое има неколку основни функции: сексуална, репродуктивна, економска и воспитна. Сексуалната функција им овозможува на поединците да ги задоволат своите сексуални нагони. Репродуктивната функција (раѓање на деца) е најважна бидејќи преку неа се обезбедува опстанокот на човечкиот род. Економската функција се состои во обезбедување и трошење на материјални средства за живот на членовите на семејството. Воспитната функција (социјализацијата) е подготовка на младите за живот во заедница.

Од ова следи заклучок дека семејството е повеќефункционална општествена група која се разликува од другите општествени групи.

Но, социолозите забележуваат дека со развитокот на општеството сè повеќе се создаваат институции кои на семејството му ги одземаат овие функции. Со појавата на фабриките семејството ја губи производствената функција. Градинките, училиштата и телевизијата на семејството му ја одземаат воспитната функција, а институтите за медицина и генетскиот инженеринг му ја одземаат репродуктивната функција.

Како и да е, основна функција на семејството и понатаму е примарната социјализација од која зависи развојот на личноста и со

оваа констатација се сложуваат најголем број социолози. Согласни се дека семејството ги губи старите функции, но согласни се, исто така, дека современиот начин на живот му доделува нови функции. На овој начин семејството и понатаму останува најважна примарна општествена група и клучна институција во современото општество.

Запомни: Семејството е примарна општествена група. Она што најчесто ги поврзува неговите членови е сродството. Семејството ја менувало своја структура и функциите, но тоа сеуште претставува примарен фактор на социјализација на младите. Истражувањата покажуваат дека животот на поединецот е незамислив без интимност, љубов и поддршка од најблиските, а кои сеуште му припаѓаат на семејството. Денешното семејство се смета за слободна заедница во која секој може да ја реализира својата индвидуалност, без жртвување, без односи на зависност, крути правила и обврски.

7.2. Религија

Определба на религијата

Преку оваа содржина ќе се запознаеш со поимот на религија, нејзините функции, со видовите на религии и религиските организации и веројатно се прашуваш зошто треба да го знаеш сето тоа. Независно дали си верник или не, знаењето за религијата ќе ти помогне подобро да ја разбереш општествената стварност. Социолозите велат дека тешко може да се разбере општеството и културата ако во него не се разбере местото и улогата на религијата.

Религијата како поим не ти е сосема непозната. Во прва година, наставникот по историја ти предавал за појавата и ширењето на христијанството, мухамеданството. На часовите по македонски јазик си учел за словенската писменост и црковнословенскиот јазик, за митологијата во епот за Гилгамеш. На часовите по етика си ја барал/а смислата на Христовата порака за љубов кон ближниот. Преку наставата по ликовна уметност си се запознал/а со уметноста на Стара Грција и Рим и ранохристијанската уметност, за прекрасните внатрешни и надворешни декорации на Шарената џамија во Тетово. Си дознал/а како се претставени скулптурите на боговите и какви пораки пренесуваат иконите и фреските. Дури и на часовите по физичка култура веројатно си слушнал/а дека источните религии (хиндуизмот и будизмот) големо значење им посветувале на телесните вежби какви што се јогата и медитацијата и дека олимписките игри во Стара Грција се одржувале во чест на боговите.

Религијата е присутна во секоја човечка заедница во текот на целиот историски развој. Се јавува во најразлични форми на верувања и ритуали и тешко може да се дефинира. Најчесто се дефинира како верување во Бог, како учење за настанокот на светот, ја изедначуваат со натприродните сили, ја сфаќаат како збир од норми кои го регулираат однесувањето на луѓето. Ја објаснуваат и како сфаќање кое настанало поради немоќта на човекот рационално да го објасни создавањето на природата и светот.

Поимот религија потекнува од латинскиот глагол religere кој во превод значи поврзува, односно поврзување на човекот со Бог.

Најприфатена е Диркемовата определба на религијата која гласи: **„Религијата е цврсто поврзан систем на верувања и практики кои се однесуваат на светите нешта, и кои своите приврзаници ги обединуваат во единствена морална заедница наречена црква“.**

Најприфатена е од причина што Диркем во неа ги истакнува сите елементи од кои е составена религијата: **систем од верувања (идеи), религиско искуство, религиски практики (ритуали) и приврзаници (верници),** кои обединети сочинуваат религиска организација. **Религиските верувања** се идеи што луѓето ги имаат за природата на светите нешта. Се наоѓаат во светите книги, митовите, преданијата, молитвите, пророштвата.

Мит е предание за потеклото на светот, човекот и за други важни нешта на кои се заснова некоја општествена заедница (култура). Обично е во облик на фантастична приказна преку која членовите на некоја заедница дознаваат за вистините околу настанокот на природата, светот, смислата на животот, за доброто и злото. Митот секогаш содржи елементи на световно, натприродно а неговите јунаци најчесто се боговите.

Предание е усно пренесување на историски настани или искуства од минатото кои се пренесуваат од генерација на генерација

Пророштво е претскажување на иднината, на идни настани.

Ритуалите се активности кои ги преземаат свештениците и верниците со цел да го остварат саканиот однос со световното (Бог). Тоа се одредени движења, зборови, звуци, молитвени песни и слично. Се изведуваат во точно определени ситуации и временски периоди. Така, на пример, ритуалите кои се изведуваат при крштевка не се исти со ритуалите при венчавка или на погреб. Молитвата е религиски текст за обраќање со молба до Бог или до некој светец.

Постојат два вида религии базирани на верување во Бог: **политеистички** (верување во повеќе богови) и **монотеистички** (верување

во еден Бог). Постојат и таканаречени етички религии чие верување не е во божество, туку во етички идеали, кои на верниците им нудат душевен мир и единство со универзумот. Тоа значи дека верската слика на современиот свет е мошне разнолика. Во светот постојат повеќе илјади религиски заедници, меѓутоа најголем дел од нив се групираат во неколку поголеми кои поради нивната распространетост го добиле епитетот светски религии. Такви се: **јудаизмот, христијанството, исламот, будизмот и конфучијанството.**

Според адресарот издаден во 2008 година, во Република Северна Македонија се регистрирани 18 цркви, верски заедници и религиозни групи.

Јудаизмот е религија основана околу 2000-та година пред нашата ера и е најстара монотеистичка религија. Денес таа има најмал број приврзаници затоа што ја проповедаат само припадници на еврејскиот народ. Нејзин пророк бил Мојсеј кој на Светата Планина од Господ ги добил основните правила на верскиот живот, познати како Десетте Божји заповеди. Оваа религија се заснова на идејата дека Господ, преку пророкот, склучил сојуз со еврејскиот народ тој да биде господов избран народ, а пак за возврат Евреите да го почитуваат Господ како единствен господар и законодавец. Овој настан се смета за почеток на создавањето на јудаизмот. Светата книга е хебрејската Библија (Танах), или уште позната како Стар завет. Ја сочинуваат пет книги на Мојсеј и други списи наречени Тора.

Денес јудаизмот е државна религија на Израел. Приврзаниците на оваа религија имаат посебен начин на живот кој се состои од почитување на неколку обичаи: правила на исхрана (кошер), помош на сиромашните (цедака), носење на посебни капи (кипа), читање на Тората (Светата книга) и колективна молитва на хебрејски јазик во синагогата.

Христијанството е монотеистичка религија што се издвоила од јудаизмот и е најраспространета во светот. Нејзин основач е Исус Христос, кој според христијанското учење е син Божји. Христијанството се појавило во I век од нашата ера, во источните провинции на Римската Империја. Негова основна претпоставка е дека општеството треба да се трансформира во Божјо царство засновано врз љубов и разбирање меѓу луѓето. За христијаните, Исус е пример за моралност кој треба да се следи. Распнувањето на крстот, воскреснувањето и други моменти од животот на Исус се основа на христијанското учење и извор за главните христијански ритуали и празници. Така, на пример, крштевањето е ритуал кој

го симболизира прифаќањето на христијанската вера, Велигден (ден на неговото воскресение), Божиќ (ден на неговото раѓање), постењето и молитвите се постапки за целосно посветување на Бог и слично. Како државна религија христијанството било признато дури во 313-тата година и оттогаш брзо се ширело во рамките на Римската Империја и надвор од неа. Во 1054 година христијанството се поделило на православно и католичко, а подоцна започнале да се издвојуваат и многу други христијански фракции. Светата книга е Библијата, составена од Стар и Нов завет, во која најчесто споменуван е зборот љубов. Христијанството се смета за религија на љубовта и надежта.

Исламот е, исто така, монотеистичка религија, основан во VII век, во Медина, на Арабискиот Полуостров. За негов основач се смета Мухамед наречен Пророк. Исламската религија се заснова на: вера во единствениот Бог - Алах, во избор на Мухамед за Божји пратеник, предодреденост на човековата судбина, награда за добрите дела и казна за лошите, вера во судниот ден и воскресение на мртвите. Исламски да се верува значи да се верува дека е вистина сѐ што Алах објавил во Куранот (Светата книга) преку пророкот.

Пророкот им советувал на богатите да го поделат својот имот со сиромашните со цел сите муслимани да бидат рамноправни пред Бога. Но, богатите трговци се плашеле за своето богатство и затоа се обидувале Мухамед да го протераат од Мека. Честопати неговите проповеди доведувале до безредија. Животот му бил во опасност и затоа од Мека преминал во Медина. Ова преминување, во исламот е познато како Хиџра - почеток на исламската ера и ден во одбројувањето на годините според исламскиот календар. Куранот е извор за исламската вера, морал и право. Во него се претставени божјите намери и волја, како и задачите на луѓето кон Бога и во животот. Според исламските научници, исламот се дефинира како систем на закони кои им го олеснуваат живот на луѓето и прифаќање на Бог како создател. Според Светата книга - Куранот, секој верник треба: отворено да ја исповеда верата, пет пати во денот да се моли, а во петок да се моли и во џамија, да дава одреден процент од своето богатство за сиромасите, да пости во текот на Рамазан (да не јаде и пие од изгрејсонце до зајдисонце) и барем еднаш да го посети светилиштето во Мека.

Будизмот и конфучијанството се доминантни религии на далечниот Исток. Познати се уште и како етички религии затоа што според нивното учење до личен спас може да дојде само доколку човекот на овој свет живее во согласност со моралните норми и правила.

Будизмот настанал во Индија, а нејзин основач е Сидарта Гаутама, подоцна наречен Буда. Ги проучувал традиционалните хиндуистички техники кои можат да ги намалат страдањата во животот. Според будистичкото учење постојат четири вистини: 1. животот е патење (човекот пати и после смртта), 2. потеклото на страдањата се копнежот и незнаењето, 3. страдањата можат да престанат ако престане копнежот и незнаењето, 4. тоа се постигнува преку нирвана (состојба без пориви, копнеж, незнаење, омраза).

Функции на религијата

Во текот на историјата религијата имала различни функции: сознајна (се сметала за поглед на свет), психолошко-емоционална, етичка и општествена.

Сознајната функција била доминантна во периодот на просветителството кога од религијата се барало да го објасни светот во кој живеат луѓето, да се пронајде смислата на животот, страдањата, злото, неправдата.

Психолошката функција доаѓа до израз во тешките моменти од животот на луѓето. Тие во неа гледаат начин да ја осмислат својата егзистенција, да ги совладаат своите проблеми и стравувања, (стравот од непознатото и неизвесното, стравот од смртта).

Етичка функција има секоја религија која ги учи верниците да ги почитуваат етичките начела. Во христијанството оваа функција се согледува преку 10. Божји заповеди, а во исламот преку 5. правила за однесување на секој муслиман. Иако сме сведоци дека религијата низ историјата се злоупотребувала и се ставала во функција на политички цели, таа е учење со високи морални вредности.

Религијата има и неколку **општествени функции**: **интегративна, функција на општествена контрола и функција со која се оправдува општествениот поредок.** Познато е дека преку традиционалните вредности религијата го одржувала и оправдувала постојниот општествен поредок. Голем број владетели, со помош на религијата, успевале со децении да владеат прикажувајќи ја својата власт како Божја волја. Религијата помага и во контрола на општествената девијација. Секогаш кога општеството требало да обезбеди почитување на општествените норми и вредности, со цел да се намали девијантното однесување на луѓето, тоа се постигнувало со помош на религијата. Интегративната функција на религијата се огледа во нејзината моќ сите поединци во општеството да ги интегрира во општеството и да ја афирмира идејата за еднаквоста меѓу луѓето. Религијата ги поврзува луѓето преку ритуалите.

Ги изведуваат заедно и тоа им создава колективна свест. Таквата свест помага да се развие чувството на припадност во заедницата, чувството за заемна помош и солидарност. Сите овие функции зборуваат дека религијата игра голема улога во одржувањето на општествената интеграција. Историски гледано, тоа е нејзина основна функција и таа е понагласена во постарите и традиционалните општества.

Религиски организации

Религијата е институционализирана на повеќе начини. Најчесто се поврзува со црквата, а всушност постојат четири типа религиски организации: цркви, секти, деноминации и култови.

Црквата е голема, широко распространета, формална и бирократска организација со голем број членови. Во неа постои хиерархија на црковни службеници (архиепископи, папи, кардинали, бискупи, архијереи, попови, клисари итн.). Црквата обично ги прифаќа нормите и вредностите на општеството и се смета за чувар на општествениот поредок. Во основа таа е конзервативна институција бидејќи поддржува статус кво состојби (непроменливи).

Сектата е помала и помалку организирана религиска организација во која членувањето е доброволно. Таа често ги отфрла нормите и вредностите на општеството и ги заменува со верувања и практики кои на оние што не веруваат во Бога им се чинат необични. Сектата обично настанува кога луѓето се незадоволни од црквата. Таа е еден вид протест. Сектите се залагаат за обновување на религиозните верувања и ритуали од минатото. Меѓу најпознатите секти се: Јеховини сведоци, Мормоните, следбениците на Хари Кришна итн.

За разлика од црквата, **деноминацијата** е помалку универзална појава на религиозно организирање коешто се одвива во класни, расни, етнички или национални рамки. Тоа се верски организации кои го почитуваат верскиот плурализам и отворено се залагаат за одвојување на црквата од државата.

Култот е најмала и слабо организирана, краткотрајна, религиска организација. Настанува со групирање на верниците околу некој харизматичен водач, но може да постои и без него. Се занимава, главно, со проблемите на индивидуата, како што е болеста, отуѓеноста и слично. Религиозните чувства кај култот се изразуваат преку невообичаени ритуали од оние на другите религиозни облици. Добар пример за култот е сатанизмот.

7.3. Политиката, власта и државата

Веќе утврдивме дека човекот е општествено и политичко суштество и дека според својата природа е одреден да живее во заедница. Но, не во каква и да е заедница, туку во заедница во која може да ги задоволи своите животни, духовни и културни потреби и во која преку заемни односи со другите стекнува свест, разум, чувство на заемна поврзаност, слобода, љубов, среќа.

Но, во природата на човекот постојат и вродени инстинкти, страсти какви што се себичноста, егоизмот, индивидуализмот, желбата за доминација, наметнување на сопствен интерес, па и деструктивни нагони. Во општеството, особено во современото, во кое дејствуваат многу поединци различни по природа и имаат различни интереси и погледи на светот, се јавува потреба од нивно усогласување. Тоа усогласување се постигнува низ процесот на социјализација. Ако, пак, социјализацијата не е доволна, тогаш се дополнува со принуда и казни. Во современите општества политиката е таа која ги усогласува различните потреби, мислења и интереси на луѓето. **Социолозите сметаат дека моќта на уредување и насочување на односите во една заедница ја чини суштината на политиката и дека таквата заедница е политичка заедница. Во најопшта смисла на зборот политиката е начин да се надминат спротивностите и конфликтите кои постојат во општеството.**

Што е политиката и како настанала?

Политиката настанала од потребата да се организира општествениот живот. Зборот политика потекнува од старогрчкиот збор polis. Полиси во античкиот период биле градови - држави во кои живееле од пет до десет илјади луѓе. Уредувањето во нив било различно и се разликувало од полис до полис. Тоа биле заедници во кои сите граѓани немале право на глас. Секој полис економски бил независен од друг полис, а помеѓу нив се одвивала трговија. Најпознати грчки полиси биле Спарта, Атина и Коринт. Политиката за нив била основа врз која се гради заедницата која во суштина ја содржи идејата за правда и заедничка корист како најголема вредност. Во Рим, на пример, политиката била директно поврзана со правото и со институциите. Затоа дошло до одвојување на јавната од приватната сфера на животот.

Политиката денес е посебна дејност на човекот во која, врз основа на мислење, говорење, аргументирање, се одлучува за јавните работи на заедницата. А, јавни работи се оние кои се однесуваат на нејзината состојба и уредување. Најопшта дефиниција би била следната: **политиката е дејност која е насочена кон креирање,**

организирање, водство и регулирање на заедничкиот живот на луѓето во една заедница во согласност со нивните потреби и интереси, со нивна согласност или потчинетост, со или без употреба на сила.

Голем број социолози (меѓу кои и Вебер) тврдат дека „кај политиката секогаш е во прашање моќ. Политиката се појавува кога меѓу луѓето се појавуваат разлики во моќта“.

Власт и типови на власт

Политиката, во потесна смисла на зборот, се смета и за вештина на владеење. Но, за да се одговори на прашањето што е владеење (власт), треба да се одговори и на прашањата кој и како владее, што е држава, што се политички партии и политичка култура.

Власта подразбира постоење на хиерархија, односно односи на надреденост и подреденост. Се дефинира како право на одредена група на луѓе да користат моќ на легитимен (законски) начин. Највисока власт над која нема друга се нарекува суверена власт. Суверенитетот значи владеење по сопствено убедување и никој од надвор не смее да се меша во внатрешното уредување на заедницата. Во демократијата суверената власт му припаѓа на народот. Суверенитетот има свои симболи: химна, грб и знаме на државата. За власта е најважно да е легална (да е законски стекната и да се спроведува според законите) и да е легитимна (да е прифатена и да произлегува од волјата на народот).

Вебер разликува три типа на власт: традиционална, харизматска и правно-рационална. Традиционална власт е онаа која се заснова на традицијата. Поданиците се покорувале на власта на кралевите бидејќи го почитувале традиционалниот обичај на наследување на круната. Харизматската власт е онаа која произлегува од посебните особини на владетелот. Александар Македонски имал неограничена власт бидејќи го сметале за голем воин, непобедлив и бесмртен освојувач. Правно-рационална е онаа власт која се базира на почитување на уставот и законите. Оваа власт ја имаат сите денешни современи претседатели и премиери.

Државата - организација со моќ да ги уредува општествените односи

За да опстане општеството и да се развива како заедница со уреден и организиран живот потребни се различни средства и моќ. **Најмоќно средство за принуда и авторитетна организација со моќ за уредување на општествените односи е државата.** Затоа, вообичаено, кога се проучува политиката и моќта во општеството

најчесто се почнува од државата и нејзините органи: парламентот, владата, судството, апаратот за принуда (законите, армијата, полицијата, управата).

Постојат голем број теории за настанокот на државата: теолошки теории според кои државата е божја творба; патријархални кои се засноваат на идејата дека државата е продолжение на семејството, родот и племето; теоријата за општествениот договор според која државата настанува по пат на договор помеѓу луѓето кои живеат на иста територија; марксистичката теорија според која државата е класна творба за да ги штити интересите на владејачката класа.

Историски, државата се појавила некаде кон крајот на првобитната заедница кога настанала и првата поголема општествена поделба на трудот, кога се зголемила продуктивноста и кога се создал вишокот на производи (повеќе отколку што било потребно). Присвојувањето на тој вишок на производи, размената, потрошувачката, влијаеле луѓето да се поделат во класи. Ова довело и до распаѓање на племенската организација со водач и племенски совет и создавање на државата со распределена моќ, послушност, дисциплина и нови функции: управувачки, заштитни, одбранбени и слично. Се создале и органи за донесување и спроведување на закони, за собирање на даноци. Почнале да се уредуваат односите со странските држави, се организирало јавно здравство, образование, сообраќај итн.

Државата, пред сѐ, е политичка организација. Моќта најчесто ја спроведува преку утврдени правни норми. Таа воспоставува односи на надреденост и подреденост, односно едни власта ја поседуваат, а други ја спроведуваат.

Државата има сестрано право на уредување на односите во заедницата, вклучувајќи ја и употребата на принуда. Државата е и територијална организација бидејќи нејзината власт важи на ограничена територија. Така, на пример, власта на Република Северна Македонија не важи надвор од нејзините граници.

Во историјата, државите најчесто биле недемократски. Имено, власта им припаѓала на монарси, кралеви, робовладетели, феудалци, на аристократија. Во нив населението малку учествувало во владеењето, а власта се спроведувала со груба принуда и насилство. Недемократски облици на власт биле деспотиите, тираниите, апсолутистичките монархии и воените империи. Во поново време такви се диктатурите, тоталитарните режими и воените хунти.

Според својата структура државите се делат на прости (унитарни) и сложени (федерации и конфедерации). Најголем број од денешните држави се унитарни бидејќи власта ја има само еден орган на управување. Пример за федерација се Соединетите Американски Држави, Русија, Швајцарија и некогашната СФРЈ (Социјалистичка Федеративна Република Југославија). Тие се сојуз на држави и во секоја од нив постои одредена независност во спроведувањето на власта, но најважните одлуки ги донесува централната власт. Конфедерација е сојуз на две или повеќе независни држави кои се здружуваат поради полесно остварување на заедничката цел, со право да се раздружат кога сакаат. Во минатото, конфедерации најчесто склучувале држави за време на војна за да се одбранат од заеднички непријател.

Според карактерот на власта и политичките институции, државите можат да се поделат на републики и монархии. Во републиката власта е избрана од претставници на народот. Оние кои ја водат државата се избираат или непосредно на избори или во парламентот. Нејзини главни карактеристики се владеење на правото, поделба на власта на законодавна, извршна и судска, слобода на говор и почитување на човековите права.

Монархија е облик на уредување во кое власта се наследува. Со државата управува еден човек - монарх (крал, цар, кнез) кој е над државата и со неограничени права. Монархијата може да биде апсолутна и парламентарна. Пример за апсолутна монархија е денешна Саудиска Арабија, во која монархот ја поседува апсолутната власт, а пример за парламентарна монархија е Кралството на Велика Британија во кое улогата на монархот е незначајна (церемонијална), а сите одлуки ги донесува парламентот и владата.

Обележја на демократската држава

Демократската држава со Устав ги обезбедува основните човекови права и слободи на граѓаните. Во неа постојат три независни власти: законодавна власт (парламент), извршна власт (влада) и судска власт (врховен и други судови). Власта се избира на слободни и непосредни избори. Животот е организиран во локални самоуправи. Дозволува политички плурализам и членување во политички партии. Со Устав се заштитени посебните права на малцинските групи и заедници. Во неа постои слободен пазар и претприемништво, како и слобода на медиумите и јавниот збор.

Република Северна Македонија од 1991 година е независна и суверена држава. Таа е парламентарна република, а највисоко законодавно и претставничко тело на граѓаните е Собранието, составено

од 120 пратеници. Извршната власт ја имаат претседателот на Републиката, кој се избира на непосредни избори со мандат од пет години и Владата која ја избира Собранието од редовите на партијата или коалицијата што победила на парламентарните избори. Парламентарните избори се одржуваат на секои четири години. Врховниот суд го избира Собранието и е највисок судски орган. Уставниот суд ја штити уставноста и законитоста во државата, како и човековите права и слободи.

Политички партии

Политичките партии се релативно трајни политички организации чија цел е да учествуваат или да ја преземат власта. Секоја политичка партија има своја идеологија, одредена организациска структура, статут и програма за работа. Во нашата држава има повеќе од 45 регистрирани политички партии кои ги изразуваат интересите на различните слоеви на население, вклучувајќи ги и етничките заедници. Според Уставот, кој е највисок правен акт на државата, Република Северна Македонија е демократска, правна и социјална држава во која власта им припаѓа на граѓаните, кои владеат посредно преку свои избрани претставници.

7.4. Економија

Повеќе пати спомнавме дека човекот е општествено суштество кое ги задоволува своите животни потреби во општествена заедница. Но, треба да нагласиме дека тоа не е можно доколку човекот не работи, не произведува, не твори и не вложува труд. Дури и во примитивните заедници со ловечко, собирачко и просто земјоделско производство, луѓето имале свест и идеја за заедничко преживување. Американската авторка Кејт Гринт вели дека и најпримитивните народи, племиња, ловечки фамилии имале заеднички концепт за трудот.

Денес тој концепт е наречен економија. **Економијата е област од општествениот живот која ги опфаќа производството, размената и потрошувачката на материјални добра и услуги.** Материјалните добра се предмети кои служат за задоволување на различните потреби на човекот (храна,облека, за домување), а услугите се дејности преку кои се создаваат нематеријални добра, и, исто така, задоволуваат некои потреби (лекувањето, образованието, советувањето). Добрата и услугите се вредни затоа што имаат употребна вредност за човекот. Но, тие истовремено имаат и пазарна вредност која се определува на пазарот. Пазарот, пак, е институција која ја регулира размената, односно ја утврдува цената на производите и

услугите. Кога ќе се појават материјалните добра и услуги на пазарот тие стануваат стока со одредена цена која се формира во зависност од количеството вложен труд во нив. Така, на пример, еден пар кожни чевли е поскап од еден пар гумени апостолки, бидејќи за изработка на чевлите е потребен повеќе труд, знаење, способност, кожа, посебна методологија, поскапи машини и слично.

Во производството постојат три сектори од кои зависи вредноста на произведените стоки: примарен, секундарен и терцијарен сектор. **Примарниот сектор** го сочинуваат оние дејности на човекот преку кои тој ја експлоатира природата (земјоделството, рударството). Овој сектор се смета за најстар, најмасовен и доминантен во долг период од развојот на човештвото. Во **секундарниот сектор,** вообичаено, се обработуваат суровини. Со помош на човечкиот труд суровините се претвораат во добра кои имаат свој облик. Во овој сектор пченицата станува леб, памукот станува облека, железото се претвора во машини, автомобили, мостови. Со развојот на индустријата овој сектор привлекува голем дел од работоспособното население, но со автоматизацијата во производството и замена на човечкиот труд со машини, бројот се намалува. Економскиот развој на државите, сè уште се мери според обемот на индустриските производи кои се произвеле во овој сектор.

Во **терцијарниот сектор** спаѓаат дејности кои повеќе нудат услуги, отколку производи. Тука спаѓаат транспортот на производите од местото на производство до местото за продажба, самата продажба, образованието потребно на производителите, здравствените услуги, услугите од областа на културата, туризмот, банкарството и слично. За овој сектор е карактеристично што во него се „продава знаење“.

Трудот како сфера на нужноста и на слободата

Во првобитните заедници трудот бил нужност и претставува постојана борба на човекот со природата. Производната способност на човекот била мала, колку да може да се прехрани себе и семејството, колку да преживее заедницата. Првата голема револуција во трудот и технологијата се случила кога човекот започнал организирано да ги употребува огнот и металите за производство на алати. Тогаш земјоделското производство и примитивното занаетчиство започнале помасовно да го заменуваат ловот, риболовот и собирањето плодови. Сево ова се случило кон крајот на првобитната заедница.

Со напредокот на технологијата, човекот започнал да произведува повеќе отколку што му било потребно. Настанала првата техничка

поделба на трудот и првата натурална размена. Така, на пример, некој којшто произведувал вишок на алатки ги разменувал (трампал) за облека или садови за чување и приготвување на храна, кои биле произведени како вишок од некој друг. Техничката поделба значела и општествена поделба на трудот. Групи на луѓе во општеството или цели општества се занимавале со производство на еден вид производи, други со друг вид. Настанала специјализацијата. Едни се занимавале исклучително со управување, други со организирање на производството, трети со одбрана. Имало групи на луѓе кои се занимавале со физички труд. Првите, обично, го присвојувале вишокот на трудот и средствата за производство.

Се смета дека така настанале класите и класното општество.

Старите Грци и Римјани трудот го сметале за „подрачје на нужноста' наспроти „подрачјето на слободата". Тие го презирале трудот, особено производниот, којшто го извршувале робовите. Кејт Гринт утврдила дека во Стара Грција сите оние кои извршувале физичка работа, потекнувале од пониските слоеви. Најголем углед имале оние кои се занимавале со политика, која се темелела на трудот на другите.

И прединдустриските општества биле класни. Општествените односи, развојот, напредокот и благосостојбата на општеството и човекот зависеле од тоа кој ги поседува средствата за производство. Робовладетелското општество било првото класно општество во историјата, со строга поделба на трудот на физички (производен) и умствен (управувачки).

Карл Маркс и марксистите сметаат дека класната поделба на општествата е последица од конфликтот во областа на трудот помеѓу двете спротивставени класи: во робовладетелството помеѓу робовите и робовладетелите, во феудализмот помеѓу кметовите и феудалците, во капитализмот помеѓу работниците и капиталистите поради сопственоста на средствата за производство. Првите морале да работат за да преживеат и да создадат вишок на производство, а вторите, сопствениците на средствата за производство го присвојувале тој вишок и живееле удобно.

Индустријализмот и индустриското општество

Индустриската револуција која се случила кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век (претежно во Европа) се смета за пресвртница во општествениот развој. Работниците почнуваат да го напуштаат примарниот сектор и да се префрлуваат во секундарниот сектор, односно од земјоделството да преминуваат во индустрискиот

сектор. Тоа било условено од воведувањето на нови енергетски извори во производството: пареата, електриката, нови машински погони, алати и иновации кои значително придонеле за помасовно производство на телефони, машини за железничкиот сообраќај, експлозиви, нови метали, легури, хемикалии, итн. Тоа не значи дека се намалило производството на храна, туку дека земјата почнала да се обработува машински што предизвикало појава на вишок на работна сила.

Сцена од филмот "Модерни времиња". Фабрички работник (го игра Чаплин) никако не може да го фати ритамот на производната лента.

Работата на машинска лента станала основен вид работа и довела до висока продуктивност на трудот. Тоа влијаело да се развие и терцијарниот сектор (занаетите, трговијата, услужните дејности, образованието, науката, администрацијата и надзорот).

Се смета дека во почетокот на XIX век, во развиените европски земји и во Соединетите Американски Држави, 50-60 % од населението работело и преживувало од индустријата, 25-30 % од земјоделството и 15-20 % од услужните дејности. Видливо се обликувале три класи: работничка, средна класа и буржоазија. Нивните работни и животни услови се разликувале исто како и стандардот, слободното време, образованието и културните обрасци. Современите социолози укажуваат на фактот дека индустриското општество не само што произведува големи групни нееднаквости и судири, туку дека и човекот, неговиот труд се во состојба на расцепканост, исцрпеност и отуѓеност, дека човекот е обезличен и се сведува на својата производна, потрошувачка и нехумана димензија. И денес голем број социолози ги проучуваат општествените последици од поделбата на трудот во индустриското општество и согласни се дека се повеќе негативни. Трудот на работниците е исцрпувачки, отуѓен и доволен само за проста егзистенција. Поради тоа во општеството се јавуваат социјални и класни конфликти, револуции и бунтови.

Францускиот социолог Емил Диркем во својата позната студија „Општествената поделба на трудот", до некаде се согласил со Маркс дека специјализираната поделба на трудот ги става луѓето

во професионални улоги, а општеството го дели на две спротивставени класи. Но, Диркем бил оптимист. Сметал дека иако поделбата на трудот во индустриското општество создава проблеми, сепак, преовладуваат позитивните страни. Тој тврдел дека во првобитните и класните општества меѓу луѓето владеела таканаречена механичка солидарност, (вкалапување на луѓето во групи и класи). Во индустриското општество, пак, преовладува органската солидарност, која се темели на разлики, но и на свеста дека општеството како целина мора да се одржува. Доколку не е така, доаѓа до појава на општествена аномија. Но, за Диркем индустриското општество умее да се справи со аномичната состојба.

Постиндустрискиот и информатичкиот поредок

Современото општество забрзано го надминува индустријализмот. Кон крајот на минатиот век, во производството се појавуваат нови извори на енергија (соларната, водената и воздушната енергија, обновливата и одржливата еко-енергија) нови материјали и технологии (информатичката, дигиталната и биогенетската технологија и инженеринг). Се појавуваат алтернативните обрасци на стопанисување. Тие условуваат редефинирање и прегрупирање на трудот, производството, образованието и знаењето во општеството и нова поделба на трудот, поинаква социјална поделба и раслојување на населението. Се менува општествената структура, творештвото и производството. Човекот сè помалку е отуѓен од сопствениот труд и што би рекол Емил Диркем - преовладуваат обрасци на органска солидарност, новиот морален и општествен поредок без аномични белези.

Но, современото општество сè уште живее со последиците (остатоци) од индустријализмот: големи разлики, нееднаквости и конфликти меѓу луѓето, класите, слоевите, помеѓу жените и мажите, помеѓу генерациите, религиите, расите па дури и регионите и цивилизациите во светот.

7.5. Образование

Современи образовни системи

Во модерните индустриски општества образованието се смета за човеково право и затоа државите на своите граѓани им обезбедуваат образование преку формални и неформални институции (основни и средни училишта, факултети, курсеви и слично). Во најголем број држави образованието е задолжително, бесплатно и регулирано со правни норми. Современите луѓе се свесни дека новите

потреби на пазарот на трудот бараат и знаење, а не само физичка сила. Факт е дека машините работат наместо луѓето, но луѓето треба да се образуваат за да можат да управуваат со нив. Денешните општества се наречени и општества на знаење и по тоа може да се заклучи колкаво е значењето на образованието за овие општества.

Од последните извештаи на Обединетите нации дознаваме дека Данска е една од земјите која има квалитетно образование, а учениците се најсреќни деца на светот. Тие преку образовните програми се оспособуваат да бидат индивидуалисти, да умеат сами да се грижат за себе. На Данците не им е важно дали нивните деца се одлични ученици, туку им е важно во која мера училиштето, наставните програми развиваат кај детето способност за саморазвој и себепочитување. Тие се убедени дека да се знае да се биде свој е еднакво важно како да се знае да се чита и пишува. Децата се поттикнуваат самостојно да истражуваат, да доаѓаат до информации, да анализираат, да експериментираат, критички да размислуваат и самостојно да донесуваат заклучоци и да не ги прифаќаат туѓите мислења за конечни вистини. Од мали нозе учат дека парите не се пресуден фактор за среќа. Да се работи тоа што се сака и во тоа да се биде успешен за нив е поважно од полниот паричник. Во повисоките одделенија наставниците и учениците редовно одржуваат состаноци на кои разговараат за нивните идни планови и занимања.

Цел на данскиот образовен систем е да се развие кај ученикот индивидуалноста

Јапонците се познати како многу интелигентен народ, кој се гордее со својата долговечност, но и со љубезноста кон сите. Такви ги создава нивниот образовен систем кој од мали нозе ги учи на почитување на вредностите на јапонското општество. Во првите три години од школувањето, учениците ги учат манирите и ја развиваат личноста, учат како да ги почитуваат другите луѓе, како да бидат нежни кон животните и природата, да бидат великодушни и солидарни, но и како да воспостават самоконтрола во однесувањето.

Учениците сами ги чистат своите училници, кафетерии и тоалети. Нивниот образовен систем верува дека така се учат на тимска работа, но и дека им се помага да научат да го вреднуваат туѓиот труд. Секојдневно на менито имаат здрава храна. Јадат во училница заедно со наставниците за да ги зацврстат меѓусебните односи. На часовите читаат странска поезија и со тоа се учат да ја почитуваат сопствената и туѓата култура. Сите носат униформи и на тој начин ги отстрануваат социјалните бариери и се почитува еднаквоста. Во Јапонија ретко кој отсуствува од училиште. Процентот на доаѓање на часовите е неверојатни 99,99 %. Повеќе од 91 % од учениците никогаш не избегале од час.

Образованието и општеството

Во собирачките и ловечките општества формалното образование како поим било сосема непознато. Сè што требале да знаат, младите учеле преку практиката и преку примери од повозрасните. Во средновековните држави почнале да се формираат формални образовни институции, но тие биле привилегија за мал број од населението (за децата на богатите, за идните свештени лица). Формалното образование за најшироките народни маси започнало дури со индустријализацијата.

Во минатото образованието било привилегија на богатите деца

Кога станува збор за образованието, за социолозите значајни се две прашања: која е улогата на образованието врз општеството и од што зависат образовните постигања на различни општествени групи.

За функционалистите образованието има функција да го одржи општествениот систем. Според Емил Диркем, образованието претставува врска помеѓу поединецот и општеството. Тој тврди

дека основна функција на образованието е да ги пренесува нормите и вредностите на општеството од генерација на генерација. За него општеството може да преживее само ако меѓу луѓето постои доволен степен на хомогеност која се постигнува преку образованието. Образованието кај детето ги зајакнува битните карактеристики кои ги бара заедничкиот живот. Диркем вели: За да стане детето приврзано и поврзано со општеството, мора во себе да чувствува нешто вистинско, живо и моќно, нешто што владее со личноста и на кое припаѓа најубавиот дел од личноста. Образованието, а особено наставата по историја претставува врска помеѓу поединецот и општеството. Ако историјата на општеството оживее пред детето, тоа ќе почне да ја доживува како дел од нешто што е поголемо од него и ќе развива чувство на приврзаност кон својата општествена заедница.

Диркем бил во право со ваквите размислувања и доказ за тоа е, на пример, образовната практика на Соединетите Американски Држави. Преку заедничка училишна програма овие држави им помагаат на семејствата со различно етничко, расно и социјално потекло да ги прифатат заедничките норми и вредности на американското општество. Оваа програма обезбедила заеднички јазик, заедничка историја на доселениците од европските земји. Американскиот ученик учи за основачите на државата, за Уставот, за Абрахам Линколн, за неговиот животен пат. Ваквата програма му всадува на ученикот американски вредности кои обезбедуваат еднакви шанси и постигнувања. Започнувајќи го секој училиштен ден со заклетва на верност пред ѕвезденото знаме (симболот на американското општество), ученикот се воспитува на приврзаност кон општеството.

Со ова Диркем докажал дека во сложените индустриски општества, училиштето го обезбедува она што семејството и врсниците не можат. Припадноста во семејството се темели на роднинските односи, а припадноста во групата на врсници, на сопствен избор. Припадноста на општеството не се темели ниту на едно од овие начела. Поединците мора да научат да соработуваат и со оние поединци кои не им се роднини, ниту пријатели. Овие вештини поединците ги стекнуваат само во училиштето. Со почитувањето на училишните правила, детето учи да ги почитува правилата на општеството, развива навики за самоконтрола и вештина потребна за неговото идно занимање. Последната функција на училиштето е особено важна за индустриските општества со сложена и специјализирана поделба на трудот. Така, на пример, производството на еден производ ангажира повеќе стручњаци од разни области. Во тој процес тие ќе соработуваат и ќе воспоставуваат однос на солидарност, само доколку училиштето им ги пренело овие вредности.

Слични се размислувањата и на функционалистот Талкот Парсонс. За него училиштето, веднаш по семејството, е втор важен фактор на социјализација. Во него децата ги прифаќаат нормите и вредностите на општеството и се подготвуваат за нови општествени улоги, а успехот им се мери според меритократското начело (кој колку заслужил).

За марксистите, пак, образованието е начин на репродукција на работната сила која му е неопходна на капитализмот за да опстане. Според нив образованието во капиталистичките држави има две цели: 1. младите да стекнат знаења и вештини потребни за капиталистичкото производство и 2. да им ја пренесе на младите луѓе идеологијата на владејачката класа според која тие треба да останат послушни и дисциплинирани работници, да се покоруваат на заповедите на работодавачите и да ја прифатат сопствената експлоатација. Образованието има за цел нееднаквостите помеѓу луѓето, недемократските постапки во секојдневниот живот да ги прикаже како законски и праведни.

Образование, образовни можности и постигања

Различни образовни студии покажале дека постојат значителни разлики во образовниот успехот кај учениците чии родители припаѓаат на различни општествени класи и слоеви. Овој став прв го образложил американскиот социолог Херберт Хјуман во еден свој напис под наслов „Вредносниот систем на класите“. Служејќи се со голем број на податоци од социолошки истражувања и истражувања на јавното мислење, тој утврдил дека разликите во образовните постигања помеѓу учениците од различни класи се должи на постоење на разлики помеѓу нивните норми и вредности, внатре во класата. Работничката класа, вели тој, помалку го вреднува знаењето, бидејќи го смета за небитно за постигање на личен успех. Таа сака стабилна, сигурна и добра работа и затоа не била мотивирана за постигнување на повисок статус на работното место. Од овие причини децата на припадниците на работничката класа, со ист коефициент на интелигенција како и нивните другари чии родители се припадници на средната класа, постигнувале послаби резултати во училиште. Тоа бил индикатор дека класната и етничката припадност, односно супкултурата, нормите и вредностите на класите влијаат врз успехот и постигањата на учениците.

Во текот на 50-тите и 60-тите години на минатиот век, многу англиски и американски социолози спровеле истражувања со цел да утврдат дали се намалил степенот на нееднаквите образовни можности кои постоеле во капиталистичките општества и утврдиле дека степенот постојано се намалува. Така, на пример, во 1944 година, во Англија е донесен Законот за образование со кој образованието станува

бесплатно за сите. Од овој датум се зголемува бројот на учениците во повисокото образование, се зголемуваат можностите за користење стипендии како поддршка на оние на кои таа им е потребна. Се претпоставувало дека на овој начин ќе се овозможи пристап до сите нивоа на образование, а со тоа ќе се зголеми и успехот на учениците и студентите од работничката класа кои покажувале послаби резултати во однос на средната и високата класа.

Во современото општество образованието се наметнува како неопходен услов за извршување посложени работни задачи и станува достапно и за пониските општествени слоеви. Во земјите во кои за првпат се воспоставува масовно образование, сè уште не е направен обид за намалување на разликите во образованието. Во американското општество сè уште постојат приватни училишта и елитни универзитети во кои учат само децата на американската висока класа.

Голем број истражувања во социологијата се насочени на прашањето зошто членовите на одделни општествени групи постигнуваат повисок успех во школувањето од членовите на друга општествена група. Статистиките покажуваат дека во класните општества, образовниот успех расте од долу нагоре. Децата на повисоките општествени слоеви постигнувале повисоки образовни успеси од децата на пониските слоеви. Успехот во школувањето варирал и помеѓу припадниците на различни етнички и расни групи. Од досегашната историја се забележува дека образованието било привилегија на богатите слоеви во општеството. Тоа било активност која се реализирала во слободното време на оние кои не работат физички.

Провери што си научил/а за темата Општествени институции

1. Кои заеднички елементи ги поседува секоја религија?

2. Зошто му е потребна религијата на човекот?

3. Објасни ја улогата на религијата во општеството.

4. Зошто улогата на религијата е поголема во кризните моменти во животот на луѓето?

5. Кои се разликите и сличностите помеѓу големите светски религии?

6. Кои се твоите размислувања за настанокот на религијата?

7. Што е општествена поделба на трудот и кога настанала таа?

8. Кои се последиците, а кои се придобивките од индустријализацијата за човекот и за општеството?

9. Објасни го влијанието на современите технологии врз начинот на живот на луѓето.

10. Какво е влијанието на образованието врз животот на поединците?

11. Како ги објаснуваш разликите во образовните можности?

12. Од што зависи образовниот успех на поединците?

13. Објасни ги сопствените можности за напредување во образованието.

14. Кои религии се наречени монотеистички?

15. Прочитај повеќе за етичките религии и воочи ги разликите во однос на останатите религии.

15. Зошто е потребна држава во општеството?

16. Што значи сувереност на држава и кој е нејзин носител во современото општество?

17. Кои се симболите на суверенитетот на една држава?

18. Кои се функциите на модерната држава?

8. НАСЕЛЕНИЕ И ЕКОЛОГИЈА

- ***Демографска структура***
- ***Социјална екологија***
- ***Урбаниот живот и општествената организација***

8.1. Демографска структура

Население претставува збир од луѓе кои живеат во одредено време и на одредена територија на која го организираат својот живот.

Демографијата е наука која го проучува населението. Името и потекнува од грчкиот збор „ demos“ - народ, „ grafein“ - опишува. Нејзина основна задача е да го мери и објаснува зголемувањето, односно намалувањето на бројот на населението, а колкав ќе биде неговиот број зависи од три важни процеси: од наталитетот (колку луѓе се раѓаат), од морталитетот (колку луѓе умираат) и од миграциите (преселување на населението од едно на друго место). Демографијата го проучува и распоредот на населението според неколку обележја, како што се полот, возраста, брачната состојба, занимањето, работниот ангажман, имотната состојба, степенот на образование, етничката и верската припадност. Ваквите податоци за населението таа ги добива преку посебна постапка која ја организира државата во одреден временски интервал наречена попис на населението.

За социолозите населението е многу важен елемент на општеството. Тие тврдат дека за да може квалитетно да се уреди животот во општеството, мора да се познава неговата демографска структура. Од вкупниот број на населението и неговите карактеристики зависи обемот и структурата на општествените потреби, бидејќи во процесот на општествената репродукција населението се јавува во двојна улога: и како производител и како потрошувач. Во зависност од бројот на работоспособното население се определува вкупниот работен потенцијал во стопанството, но и потребите на пазарот и личната потрошувачка. Врз основа на демографската структура на населението, државата ги планира своите активности (изградбата на училишта, старечки домови, спортски и детски игралишта, економски капацитети, одбраната и слично).

Основни демографски поими

Бројот на новородени деца на одредено подрачје/територија се нарекува **наталитет**. Се мери со вкупна **стапка на наталитет** која претставува бројот на живородени деца на 1000 жители во текот на една

година. Според светската статистика најголема стапка на наталитет во 2012 година имала Нигерија каде на секој илјадити жител се родило 51 дете, додека, пак, најниска стапка е забележана во Јапонија со 7 новородени деца на 1000 жители. Во Република Северна Македонија стапката на наталитет е 10,3 живородени деца на 1000 жители. Вообичаено, стапката на наталитет е обратно пропорционална со развојот на општеството. Колку земјата е понеразвиена, толку стапката на наталитет е поголема. Но, наталитетот зависи и од **стапката на фертилитет** која претставува број на новородени деца на 1000 жени на возраст помеѓу 15 и 49 години (фертилитет е плоден период кај жената).

Бројот на умрени лица на одредено подрачје/територија се нарекува **морталитет**. Се мери со стапка на морталитет која претставува број на смртни случаи на 1000 жители. Најголема стапка на смртност во последните десетина години е забележана во Ангола (повеќе од 20 смртни случаи на 1000 жители), а најмала во Обединетите Арапски Емирати и Кувајт (2 смртни случаја на 1000 жители). Според последната статистика, во Република Северна Македонија стапката на смртност се движи околу 9,5 смртни случаи на 1000 жители). (Податоците за Република Северна Македонија се преземени од Државниот завод за статистика).

Разликата помеѓу бројот на живородените деца (наталитетот) и бројот на умрените лица (морталитетот) во текот на една година се нарекува природен прираст на населението.

Миграциите претставуваат просторно преместување на населението (движење од едно на друго место). Причините за тоа се најразлични. Луѓето може да мигрираат поради физичка принуда или закана што е случај со бегалците, емигрантите од воени подрачја, но можат да бидат и доброволни од економски, социјални и културни причини. Миграциите се делат на емиграции и имиграции. Ако дел од населението ја напушта сопствената земја тогаш емигрира (се иселува), а ако се населува во некоја друга земја тогаш имигрира.

Миграциите одиграле значајна улога во човековата историја. Без нив денешниот свет не би изгледал вака. Соединетите Американски Држави, Канада, Австралија, Нов Зеланд па и сите латиноамерикански земји не би го имале денешниот изглед доколку не се случеле миграциите од Европа и Африка.

Структура на населението

Структурата на населението го покажува распоредот на вкупното население во групи според некој белег. Најчесто групирање на населението се прави според полот, возраста, дејноста, образованието.

Групирањето според полот покажува колку од населението се машки, а колку женски лица и претставува биолошката структура на населението по пол. Оваа структура се мери со процентуалното учество на мажите и жените во вкупното население. Бројот на мажите во однос на 100 или 1000 жени ни го дава коефициентот на маскулинитет. Оваа структура е значајна поради тоа што од неа зависи репродукцијата на вкупното население, обемот на работната сила и слично. **Биолошката структура на населението според возраста ја покажува распределбата на населението по возрасни групи и тоа од 0 до 14 години, од 15 до 59 години и од 60 години и повеќе**. Оваа структура зависи од повеќе фактори како што се: наталитетот, морталитетот, природниот прираст, миграциските движења, економските кризи, војните, епидемиите и природните катастрофи.

Економската структура на населението ја отсликува стопанската структура на една земја. Таа го групира населението според дејноста, занимањето, положбата во занимањето, сопственоста, местото на живеење (град и село), големината на домаќинствата, висината на приходите и слично.

Образовната структура на населението ја покажува распределбата на населението според образованието (писмени, неписмени, степен на образование и слично).

Споменатите демографски структури се основа за формирање организирани заедници кои се во состојба во општествената поделба на трудот да ги преземат соодветните општествени улоги и да ги извршуваат на начин кој е прифатен од културните обрасци на општеството. Од бројот, територијалниот распоред и карактеристиките на населението во голема мерка зависат видот и квалитетот на општествените односи меѓу поединците и групите.

Демографски промени

Бројот на населението во светски рамки од XVIII век па наваму забрзано се зголемува. Во почетокот на неолитот овој број се движел помеѓу 3 и 5 милиони. По неколку милиони години, сè до XVIII век, се зголемил на една милијарда, а денес на Земјата има 7,7 милијарди жители. Се смета дека рапидно зголемување на бројот на населението се случило во периодот на индустриската револуција. Технолошкиот и научниот напредок во голема мера ги подобриле условите за живот на населението. Пронајдени се лекови за многу заразни болести, се подобрил квалитетот на исхраната се намалила смртноста кај новородените деца.

Демографската експлозија најдобро ја објаснил англискиот економист Роберт Малтус во својот „вечен закон за развојот на население-

то“. Според него, зголемувањето на бројот на населението е директна последица на зголемувањето на благосостојбата. Населението, вели тој, има тенденција да се зголемува побргу од средствата потребни за неговиот опстанок. За да се воспостави рамнотежа, порастот на населението ќе мора да биде запрен од гладот, војните, болестите и природните катастрофи. Човештвото, според него, е осудено да живее во беда, а единствен начин таа да се избегне е „моралното воздржување“, односно намалување на наталитетот. Ова гледиште во демографскиот развој се нарекува малтузијанство.

Противниците на малтузијанството сметаат дека научно-технолошкиот развој ќе обезбеди доволно брз раст на потребните средства за живот на населението и дека културниот развој ќе придонесе намалување на наталитетот на населението. Малтусовите „јавачи на апокалипсата“ како што се гладот, војните, болестите сè уште царуваат во неразвиените земји, а некои нови епидемии на болести се појавуваат и во развиените земји. Ако во иднина не се преземе нешто порадикално во планирањето на демографскиот развој, светот може да се соочи со повеќекратно зголемување на населението. Во таа смисла многу се очекува од популациската политика.

Популациска политика е збир од практични мерки кои некоја држава ги презема со цел да се воспостави контрола над демографските процеси, особено контрола врз раѓањата. Најчесто, мерките се од економска природа. Така, на пример, за да се поттикне пораст на популацијата, државата воведува детски додаток, го продолжува времетраењето на платеното породилно отсуство на еден од родителите, ги намалува даноците на семејствата и обратно. За да ја намали стапката на наталитет воведува рестриктивни мерки. Кина како најнаселена земја во светот, во 1980 година воведе така-наречена „политика на едно дете“ и за семејствата кои одлучуваа да имаат повеќе од едно дете спроведуваше тешки ограничувања и економски санкции. Во Индија бројот на населението за неполни седумдесет години се дуплирал и е со тенденција на зголемување. Владата постојано воведува антинаталитетни мерки, но не успева да го спречи порастот на населението. Се претпоставува дека оваа земја до крајот на овој век ќе стане најнаселената земја со повеќе од милијарда и половина население.

Запомни! Население е збир од луѓе кои живеат на одредена територија во одредено време. Населението во општественио живот се јавува во двојна улога како производител и како потрошувач. Структурата на населението го означува распоредот на вкупното население во групи во зависност од нивните заеднички белези.

8.2. Социјална екологија

Десетици илјади години човекот го земал од природата сè она што му било потребно за живот, но притоа не ја менувал и уништувал. Со развитокот на земјоделството тој започнува да ги сече шумите со цел да добие што поголема обработлива површина и со тоа предизвикува ерозија на почвата. Со развитокот на индустријата тој сè помасовно ја експлоатира природата. Го вади од неа рудното богатство, нафтата, јагленот, гасот, водата, со што сериозно ја нарушува природната рамнотежа. Со индустрискиот отпад сè повеќе ги загрозуваат обновливите ресурси како што се водата и атмосферата. Атомската хаварија во Чернобил, пробивањето на озонската обвивка над северната хемисфера, масовното излевање на нафта во морињата и уништувањето на шумите, изградбата на термоелектраните се само мал дел од загадувачите на природната средина во поново време, а ги има многу повеќе. Сите знаеме дека неотуѓиво е правото сопствениците на автомобили да се возат колку што сакаат и каде сакаат, но тие произведуваат јаглен диоксид кој ја менува атмосферата и климата и ја загадува земјата и водата. Пушачите уживаат во димот, сопствениците подигаат фабрики на места каде што им е најзгодно и најевтино, но тие исфрлаат хемиски материи и гасови кои ги загадуваат водата и воздухот.

Општ е заклучок дека како последица од технолошкиот развој, современите општества стануваат загадени општества, а тоа е закана на целокупниот жив свет на планетата Земја. Целокупната индустриско- урбана цивилизација и е спротивставена на рамнотежата на природната средина и хармоничниот однос на човекот, општеството и природата.

Научната дисциплина, поконкретно филозофијата која се занимава со еколошките проблеми се нарекува *социјална екологија*. Прв ја развил американскиот историчар и филозоф Муреј Букчин (Murray Bookchin). Според оваа филозофија, еколошките проблеми во денешниот свет се последица на економските, етничките, културните, родовите проблеми кои постојат внатре во човечките општества, а кои се со хиерархиска општествено-политичка структура. Тие ја прифаќаат натпреварувачката филозофија според која смртноста е единствена можност за економскиот раст, а растот не може да се постигне доколку не се наруши рамнотежата помеѓу природата и човекот. Според социјалната екологија, природата ќе почне да се заштитува во оној момент кога луѓето ќе воспостават нов (совесен) однос кон природата.

Социјалната екологија се обидува да пронајде решение за заштита на природната средина од понатамошното загадување и уништување.

Едно од решенијата е да се подигне еколошката свест на луѓето на повисоко ниво, за да сфатат дека тие самите се виновни и одговорни за еколошката криза. Оваа задача ја имаат голем број еколошки здруженија и организации, но и министерствата за заштита на животната средина формирани во многу земји во светот.

Во последно време сè повеќе се актуализира идејата за одржлив развој. Таа промовира економски развој со користење на нова технологија која ќе остави минимум штетни последици на природата (ќе ги заштити растителните и животинските видови, водата, воздухот и почвата). Одржливиот развој ќе овозможи една генерација на луѓе да ги задоволи своите потреби, но таа да го овозможи истото и на следната генерација, а притоа природата да остане непроменета/неуништена. Но, мерките за одржлив развој во практиката се потешко применливи бидејќи за нив се потребни многу пари. Тоа значи дека посиромашните земји во светот нема да можат да ги применуваат.

„Морате да ги научите своите деца дека тлото под нивните нозе е пепелта на нивните дедовци. За да ја почитуваат земјата кажете им дека земјата е со нас во сродство. Учете ги вашите деца како што правиме ние со нашите, дека земјата е наша мајка. Што и да ја снајде земјата, ќе ги снајде и нејзините синови. Ако човек плукне на земја, плука на самиот себе. Ние го знаеме тоа: земјата не му припаѓа на човекот, туку тој и припаѓа на земјата."

(Од писмото на индијанскиот поглавар упатено до американскиот претседател 1854 год.)

8.3. Урбаниот живот и општествената организација

Човековите населби, односно населени места обично се делат на градски (урбани), селски (рурални) и мешани, во кои спаѓаат приградските населби и поголемите села кои плански се изградени. Во согласност со ваквата поделба на населбите и населението се дели на градско, селско и мешано.

Населбите и населението ги проучуваат повеќе науки: географијата, економијата, културологијата, архитектурата и многу други. Ги проучува и социологијата. Но, неа ја интересира какви типови на општествена организација постојат во населбите, начинот на живот и производство, комуникациите и културните обрасци, групирањето на луѓето и слично.

Во античко време преовладувале селските населби и население кое се занимавало со аграрно производство. Се претпоставува дека

првите градови се појавиле пред пет-шест илјади години на Средниот Исток, покрај бреговите на реките. Не биле големи. Во нив живееле најмногу по пет илјади луѓе. Причина за тоа биле ограниченото производство на храна, несоодветната организација, слабата миграција и честите епидемии на заразни болести. За најстар се смета градот Ур со околу пет илјади жители. Иако мали, овие градови се разликувале од селските населби според составот на населението и организацијата на животот. Во нив постоела поделба на трудот. Живееле од вишокот на храна произведена во селските стопанства која ја разменувале (трампале) за свои производи кои им биле потребни на селата. Карактеристично е што во нив постоела сегрегација (жителите - припадници на една етничка или верска заедница живееле во градски кварт, одвоен со ѕидови од друг градски кварт, во кој живееле припадници на друга етничка/верска заедница) и што користеле при работа „живи“ извори на енергија (човечка и животинска сила).

Првите поголеми градови почнале да се формираат во средниот век, најчесто околу дворците на феудалците, на комуникативните места погодни за развој на занаети, трговија, транспорт, како и на места погодни за заштита и одбрана од непријателите.

Средновековните европски градови во Италија, Франција и Германија, биле типичен пример за организирани урбани центри. Такви биле Венеција, Фиренца, Ценова, потоа Париз и Марсеј, Хамбург и Хановер, Амстердам во Холандија и многу други.

Но, индустријализацијата, развојот на пазарот и пазарната економија, иновациите сè повеќе ја привлекувале работната сила од селата во градовите. На периферијата од градовите забрзано никнувале работнички населби. Порастот на градовите и градското население во голема мера ги промениле условите за живот. Во градовите почнале да се создаваат посебни функционални делови (трговски, финансиски), кои довеле до нова прераспределба на населението според класната припадност и економската моќ. Се зголемила потребата од енергија, се зголемила цената на храната, а со тоа се појавила и сиромаштијата. Интензивното градско живеење ја зголемило и потребата од здравство и образование. За кратко време се зголемил и бројот на вработени во секундарните дејности. Се променила урбаната инфраструктура. Традиционалните односи меѓу луѓето сè повеќе се заменувале со формални. Се создале нови вредности, слабеела улогата на семејството, соседството, роднинството.

Индустријализацијата и урбанизацијата во целост го сменилe начинот на живот на луѓето. Се променила урбаната организација, се создале нови институции и нова социјална стратификација.

Дошло до радикални промени во сферата на културата и општествените односи. Се појавиле социјалната патологија и социјалните движења.

Социолозите Емил Диркем и Фердинанд Тенис се меѓу првите социолози кои го проучувале урбаното општество и урбаниот живот кон крајот на XIX век. Иако имале сличен пристап во проучувањето на урбанизацијата, сознанијата и заклучоците до кои дошле се разликуваат. Тенис разликува два типа општествени групи: **заедница** и **општество**. ***Заедницата*** претставува природен збир на луѓе кој се формира спонтано и стихијно, низ долг временски период. Таа е примитивна. Се базира врз традицијата, обичаите, врз љубовта и довербата меѓу членовите на заедницата и поради тоа на поединците им е скратена слободата и трпат заедничка судбина.

Општеството, пак, е вештачка творба која ја карактеризираат правила и санкции, рационалност, себичност и раздвоеност помеѓу членовите. За разлика од заедницата која е примитивна, општеството е цивилизирано, индустриско, трговско, со малубројни членови во семејствата и најсложен облик на власт - држава. Поединците се самостојни, слободни и сами си ја одредуваат судбината. Тенис сметал дека урбанизацијата е штетна за социјалниот живот бидејќи ги уништува социјалните односи меѓу луѓето.

Диркемовиот концепт се базира на општествената солидарност. Сметал дека солидарноста е обединувачка сила за членовите на општеството. Разликува два типа на општества: општества со механичка и општества со органска солидарност. Првите се хомогени, бидејќи жителите делат исти вредности, обичаи и традиција, имаат развиена колективна свест и механичка солидарност. За него тоа е селото и селскиот живот. Но, со урбанизацијата, механичката солидарност се заменила со органска солидарност што значи, жителите повеќе не ги поврзуваат традицијата и обичаите, туку меѓусебната зависност која произлегува од нивната специјализираност во извршувањето на одредени дејности и услуги како резултат на поделбата на трудот. И Диркем како Тенис, признава дека урбанизацијата целосно го променила општествениот живот, но промената според него не е негативна. Напротив, Диркем смета дека урбанизацијата им овозможила на жителите поголема слобода и можност да ги изразат меѓусебните разлики, што не било можно во селските заедници. Според него урбаните промени не се штетни доколку не се случуваат премногу брзо. Брзите промени предизвикуваат состојба на аномија (хаотична состојба во општеството поради отсуство на норми и вредности). Диркем бил загрижен бидејќи токму тоа и се случило. Брзото темпо на урбанизација предизвикувало аномија

поради која во градовите се зголемил криминалот, алкохолизмот, сиромаштијата, пропаѓањето на семејствата и слично.

Денес, социолошките истражувања на урбаниот живот особено се значајни бидејќи урбанизацијата се одвива со уште поголемо темпо. Денешните градови се големи и густо населени. Социјалните врски меѓу жителите во голема мера се формални, безлични и минливи, базирани на општествени улоги. Индивидуализмот станува стил на живот. Поради недостиг на колективна интеграција, жителите се чувствуваат дезорганизирано. Преовладуваат секундарните врски, слабее општествената улога на семејството, исчезнува соседството и традиционалните односи се заменуваат со современи. Градовите сè повеќе заличуваат на простори во кои се одвиваат процеси на колективна потрошувачка и репродукција на работна сила. Физичкиот изглед на градовите сè почесто е производ на пазарни сили и моќ. Имено, големите корпорации, банки, компании кои се насочени кон профит по секоја цена, ја покажуваат својата моќ и преку планирање и обликување на урбаниот простор, при што се запоставуваат потребите на обичните граѓани. Се создава еден нов тип на урбана култура.

Најголеми критики кои му се упатуваат на модерниот урбанизам е што ги уништува оние простори делови од градот кои во текот на целата историја на градот биле средиште на заедничкиот живот, места за средби и спонтана, природна комуникација, а такви се улиците, плоштадите, слободните простори.

Во 2008 година, 75 % од населението во развиените земји живеело во градовите, а во помалку развиените земји 44 %. Се претпоставува дека до 2050 година, 70 % од светското население ќе живее во градовите. Денес само во дваесетте најголеми градови во светот живеат околу половина милијарда луѓе, а тоа се: Токио со 38.050.000 жители, Џакарта со 32.275.000 жители, Делхи со 27.280.000 жители, Манила со 24.650.000 жители, Сеул со 24.210.000 жители, Шангај со 24.115.000 жители, Мумбај со 23.265.000 жители, Њујорк со 21.575.000 жители, Пекинг со 21.250.000 жители, Сао Пауло со 21.100.000 жители, Мексико Сити со 20.565.000 жители, Гуангжу со 19.965.000 жители, Дака 17.425.000 жители, Осака-Кобе-Кјото со 17.165.000 жители, Москва со 16.855.000 жители, Каиро 16.545.000 жители, Бангког со 15.975.000 жители, Лос Анџелес со 15.620.000 жители, Буенос Аирес со 15.520.000 и Калкута со 15.095.000 жители.

Општествениот и економскиот развој влијаел да се изгубат разликите во условите за живот и начинот на производство помеѓу градот и селото. Земјоделското производство во голема мера е механи-

зирано. Селските населби имаат речиси иста инфраструктура како градските (енергија, водоснабдување, пошта, улици, телекомуникациски и културни установи). Но, социологијата препознава разлики во начинот на живот и општествената организација меѓу селото и градот во демографската репродукција, солидарноста, хомогеноста во семејствата, вработувањето. Во урбаните центри преовладуваат индустриското производство, услугите и трговијата, вработеноста во науката, културата и информатиката. Религијата и традиционалните културни вредности помалку се застапени. Семејствата во урбаните средини се со помал број членови, а кај браковите се забележува повисок процент на разводи.

Провери што си научил/а за темата Населението и екологијата

1. Што е предмет на проучување на социјалната екологија?

2. Кои се носители на активностите за заштита на животната средина?

3. Што треба човекот да преземе за да ја заштити природната средина од загадување?

4.Од кои фактори зависи вкупниот број на населението и неговата структура?

5. Каква е зависноста помеѓу демографскиот и општествено-економскиот развој?

6. Наведи ја глобалната класификација на структурата на населението?

7. Објасни го Малтусовиот вечен закон за развој на населението.

8. Кои се основни карактеристики на живеењето на човекот во урбаните средини?

9. Зошто во селските средини солидарноста и хомогеноста во семејствата е повисока?

10. Напиши есеј на тема „Проблемите на модерниот град“.

9. КОЛЕКТИВНОТО ОДНЕСУВАЊЕ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДВИЖЕЊА

- ***Природата на колективното однесување***
- ***Толпа, организирана група и јавност***
- ***Социјални движења***

9.1. Природата на колективното однесување

Веќе утврдивме дека човекот е едновремено биолошко и општествено суштество што значи дека неговите индивидуални белези (продуктивни, репродуктивни, психички, културни, духовни), секојпат се во некој сооднос со неговата општествена околина. Општествената околина и општествените односи во голема мера влијаат врз индивидуалната положба и улогите на човекот, врз неговата групна припадност, интересите, свеста и врз начинот на неговото однесување.

Во социологијата има голем број теории за колективното однесување и објаснувања како настанува тоа. Социологот Емил Диркем уште пред еден и пол век се занимавал со природата на колективното однесување. Утврдил дека постои колективна свест која се разликува од индивидуалната и има самостојна појавност и изразување.

Францускиот социјален психолог Густав Ле Бон ја проучувал емотивната природа на колективното однесување. Живеел во период кога во Франција се случувале големи општествени промени и толпата, како еден вид на колективно однесување, ја доживувал како закана за општеството. Открил дека во толпата (насобраните луѓе) владее колективен ум кој ги охрабрува луѓето да се однесуваат неразумно и да направат нешта што никогаш не би ги направиле кога се надвор од неа. Според него во толпата луѓето од обични суштества се преобразуваат во чудовишта, во сурови индивидуалци.

За да објасниме како настанува колективното однесување, треба да знаеме што е колективитет.

Колективитетот често се изедначува со социјалната група, што е грешка. **Колективитетот (collectivity) претставува поголем број на луѓе кои се вклучени во ограничена интеракција водена од слаби, однапред неутврдени норми.** Социјалната група е директно

и често вклучена во интеракција, додека интеракцијата во колективитетот е привремена. Членовите на социјалната група имаат заеднички идентитет што произлегува од нивното членство во групата, додека во колективитетот го нема тоа чувство. Во социјалната група постојат норми со кои се регулира однесувањето на поединците, додека нормите според кои се однесува колективитетот се слаби, несигурни и најчесто создадени под притисок и закана од надвор.

Карактеристични примери на колективно однесување се сметаат паниката, стравот, озборувањата, јавното мислење, толпата и слично. Сите овие видови на однесување се јавуваат како реакција на групи од луѓе на одредени промени што се случиле одеднаш. Така, на пример, кога ќе се случи сообраќајна незгода или пожар, луѓето спонтано се собираат. Некои од нив за да помогнат, други за да го гледаат и коментираат настанот, трети да одговорат на прашања како очевидци. Во тој момент тие спонтано воспоставуваат односи кои се недефинирани и несвојствени за секојдневниот живот. Овие односи се краткотрајни. Ќе ги има додека луѓето (колективитетот) не се разотидат. Настанале како реакција на луѓето на ситуацијата во која се затечени (сообраќајната незгода/пожар). Но, треба да се прави разлика помеѓу колективното и конвенционалното однесување. Реакцијата и однесувањето на лекарите, односно пожарникарите не е иста со реакцијата на луѓето кои случајно се затекнале на местото на настанот. Тие се оспособени да реагираат во вакви ситуации (се однесуваат според однапред утврдени правила и норми) и затоа нивното однесување е конвенционално.

Конвенционално однесување

Колективното однесување и обликот во кој ќе се појави, во голема мера зависи од општествената средина во која се создава колективното однесување, од нејзините културни, економски, религиски и политички обележја и институции. Најдобар пример за тоа е однесувањето на навивачите на фудбалските натпревари кое не е секогаш идентично. На некои натпревари тие своето незадоволство од резултатот на натпреварот го искажуваат со агресија, насилство (ги напаѓаат судиите, противничките фудбалери, демолираат излози, палат петарди), а во други околности, иако незадоволни и разочарани мирно го напуштаат стадионот и се разидуваат. Слично однесување манифестираат и работниците во фабриките. Во некои фабрики работниците веднаш започнуваат со штрајк (прекинуваат со работа) штом дознаат дека платата им е намалена за 30 %. Во други фабрики, работниците незадоволството од намалената плата не го изразуваат преку штрајк. Тие продолжуваат да работат, но именуваат синдикален одбор кој е задолжен проблемот околу платата да го реши со директорот на фабриката.

Поројните дождови често предизвикуваат поплави кои предизвикуваат големи материјални штети, па дури и човечки жртви. Жителите од соседните населени места вообичаено се првите кои им помагаат на поплавените. Им донираат храна, градежен и медицински материјал. Но, понекогаш се случува жителите од соседството да не реагираат и да ги остават поплавените сами да се снаоѓаат во несреќата.

Размисли. Од кои причини навивачите, работниците, соседите на поплавените би манифестирале различно колективно однесување во иста или слична ситуација.

Постојат два основни вида на колективно однесување: просторно блиско и дифузно. Првиот вид се случува кога учесниците се во непосредна близина и воспоставуваат непосредна интеракција. Најдобри примери за овој вид колективно однесување се толпата и публиката. Дифузно колективно однесување манифестираат гледачите на фудбалски натпревар на телевизија.

Општ заклучок е дека **колективното однесување претставува реакција на одреден број на луѓе во непредвидливи ситуации.** Основен предуслов да се појави е кога во комуникацијата на луѓето се манифестира незадоволство од некоја состојба, фрустрација која ја насочуваат кон причинителот на таа состојба. Во такви околности се наметнува потреба од водство и поединци кои ќе привлечат во своите редови што поголем број незадоволни за да можат да преземат акција. **Во моментот кога ќе имаат образложение зошто и против кого преземаат акција, колективното однесување прераснува во социјално движење.**

Публиката - пример за колективно однесување

Ова тврдење социолозите го потврдиле со голем број студии и истражувања. Откриле дека најголем број социјални движења, всушност, започнале како колективни однесувања, како непланирани ситуации во кои луѓето се нашле случајно еднаш или повеќе пати и притоа откриле дека во нив има нешто неправедно што треба да се промени. Кога луѓето ќе ја почувствуваат нееднаквоста и неправдата во општеството, нивото на нетрпеливост се зголемува до степен кога реакцијата е неизбежна. Тогаш настануваат социјалните движења.

Доказ за ваквото тврдење е модата. Жените во сите периоди од развојот на модната индустрија ја користеле модата како алатка во борбата за своите права. Успевале со дизајнирање на парче женска облека или со промоција на некој стил во облекувањето да ја променат јавната перцепција за жените, да ги намалат стереотипите и предрасудите поврзани со местото и улогата на жената во општеството и да преземат значајни општествени положби и улоги. Станува збор за феминистички движења во модната индустрија.

Во 2015 година директорот на модната куќа „Шанел“ ги изнел своите манекенки на модна ревија во Париз, облечени во новодизајнирана облека со испишани пароли „Free/ freedom“, „Ladies First“, „Feminism, not Masochism“. Со иста цел директорката на модната куќа „Диор“ снимила серија мини филмови под наслов „The women behind my dress“.

Социјалните движења се сметаат за посебен вид на колективно однесување. Опстојуваат подолго време. Имаат за цел да поттикнуваат општествени промени и имаат добро дефинирана и цврста внатрешна организација.

9.2. Толпа, организирана група и јавност

„Секој од нас барем еднаш бил дел од толпа. Ако некогаш сте присуствувале на рок-концерт или спортски настан тогаш сте биле дел од однесувањето на толпата“- вели социологот Херберт Блумер, кој ја истражувал толпата. Тој идентификувал четири главни видови на толпа: **секојдневна, конвенционална, експресивна и дејствувачка**. **Секојдневната** толпа се формира спонтано околу одреден настан и луѓето многу малку или воопшто не се вклучуваат во интеракција. **Конвенционална** толпа не се формира спонтано. Луѓето се собираат плански, поради некој настан. Типичен пример за ваква толпа се протестите. **Експресивната** толпа се формира поради емотивен настан. Емоциите и возбудата се она што ги привлекува луѓето да бидат заедно, како, на пример, следењето на европското првенство во ракомет на видео-бим, сред плоштад. **Дејствувачката** толпа се карактеризира со многу појаки емоции од конвенционалната поради што во еден момент таа може да биде опасна за околината. Таква е, на пример, толпата која цела ноќ чекала во ред да купи карти за концерт, а во меѓувреме дознава дека концертот е откажан. Некои социолози Блумеровата листа на толпи ја прошируваат и со петти вид - **протестна толпа** која се формира со цел да изрази незадоволство од нешто: политичка одлука, повредени човекови права и слично. Демонстрациите и штрајковите се типични примери за овој вид толпа.

Бидејќи толпата ја сочинуваат привремено собрани луѓе, таа нема некои посебни социјални белези. Карактеристично е дека ја сочинуваат голем број луѓе, најчесто спонтано и дека во неа интеракцијата е сведена на минимум.

Општествените истражувачи и мислители, од Аристотел и Платон па сè до денес го истражувале однесувањето на толпите, бидејќи често биле закана за општествениот поредок и институциите. Но, оправдувањето за таквото однесување/поведение на толпата го наоѓале во непостоењето на демократски средства преку кои граѓаните би го изразувале своето мислење или незадоволство.

Шпанскиот мислител Ортега Гасет, во 1932 година, објавил книга под наслов „Револтот на масите“ во која предупредил дека ако масите не се вклучат во демократскиот поредок, ќе дејствуваат многу деструктивно и разурнувачки во општеството и тогаш нивниот револт ќе прерасне во тиранија.

Од овие причини во социологијата големо внимание се посветува на колективното однесување на организираните групи на луѓе, особено на нивното однесување во општествените и политичките

институции. Меѓу организираните носители на колективното однесување, во сферата на економскиот живот, најпознати се: синдикатите, работничките здруженија, коморите и друштвата на индустријалци, работодавци, занаетчии и трговските асоцијации.

Во политичката сфера, за организирани групи се сметаат **политичките партии и здруженија на граѓани, различните интересни групи и групи за притисок (лоби-групи и лобисти), но и граѓанските движења.**

За разлика од овие групи кои се релативно добро организирани и вклучени во институциите на политичкиот поредок, постојат и групи кои се, повеќе или помалку, спонтани и неорганизирани, а мошне влијателни.

Највлијателна спонтана група е **јавноста** или како што некои автори ја нарекуваат, политичка јавност. **Јавноста е најширокото граѓанство што е свесно за актуелните општествени прашања и за политичките настани во државата, што чита весници, гледа телевизија, следи медиумски иформации, односно јавно комуницира.** Без посебна организација, непосредно или преку медиумите, јавноста ги изразува ставовите на населението за актуелните општествени и политички прашања, зазема позитивно или негативно мислење и на тој начин врши притисок врз власта во насока на нивно подобрување.

Во социологијата јавноста се смета за дел од развиеното граѓанско општество и демократскиот политички поредок. Колку повеќе граѓаните ги следат медиумите и јавните гласила, колку помасовно го изразуваат своето политичко мислење и колку повеќе се влијателни, толку повеќе за едно општество велиме дека е демократско.

Секојдневна толпа на плоштадот во Прага

Една од најголемите туристички атракции во Прага е астрономскиот часовник Орлој, којшто се наоѓа на главниот плоштад во стариот дел од Прага. Неговата специфичност се состои во тоа што тој ги мери часовите, деновите, месеците, месечевите мени, па дури и хороскопот, а неодамна го прослави и својот 605-ти роденден. На секој полн час, отчукува точно време, а за таа пригода се отвораат прозорчиња низ коишто се гледаат фигурите на светските апостоли, но и други статуи коишто ги претставуваат оние работи од коишто најмногу се плашеле луѓето во Прага...Всушност, се работи за вистинска куклена претстава која секојдневно собира стотици луѓе на главниот плоштад во Прага.

Здруженија на граѓани во акција

Денес, во 17 часот, пред бараките на администрацијата на Град Скопје, неколку еколошки организации ќе организираат протест на кој ќе го истакнат револтот од енормното загадување на воздухот.

„Сакаме да го искажеме нашето незадоволство од релаксираноста и од незаинтересираноста на надлежните институции, а од Град Скопје и општините да побараме итни мерки, како и долгорочен план за решавање на оваа еколошка и здравствена катастрофа. Сите досегашни мерки и стратегии понудени од институциите и од Град Скопје не дадоа резултат. Потфрлија и нивните ветувања дека ќе се дознаат загадувачите, ќе се најдат причините, ќе се преземат сите неопходни законски мерки и граѓаните на Скопје ќе бидат поштедени од понатамошно труење. Скопје и понатаму неконтролирано се урбанизира, ...автомобилите имаат првенство пред јавниот превоз, велосипедите и пешаците. Се затвораат очите на надлежните институции пред очигледното и документирано незаконско работење на скопските индустриски објекти, дивите депонии, како и домаќинствата кои во време на економска криза и ниска свест, користат крајно сомнителни суровини за загревање“, велат организаторите на протестот. Протестот го организираат еколошките граѓански иницијативи „Скопје смог аларм“, „Скопје бара чист воздух“, „Ајде Македонија“, „Сакаме Аеродром да дише“, „Но пасаран“ и „Во одбрана на Дебар-маало“

(Автор:Порта3 Категорија:Вести 05/12/2016)

9.3. Социјални движења

Додека јавноста е спонтана и неорганизирана социјална група, партиите, синдикатите, здруженијата, друштвата и другите носители на колективна акција имаат релативно хомогена структура, програми за работа, членство и дисциплина на членството.

Постојат и групирања кои ги немаат овие карактеристики, но се мошне активни и влијателни во општеството. Тие обично се формираат за некои најопшти цели, за разрешување на некои глобални општествени проблеми. Немаат организирано членство, членарина и постојат сè додека не ги исполнат целите, а потоа исчезнуваат. Некои од нив, во некои околности, се претвораат во политички партии и се вклучуваат во државните политички институции: во

парламентот, владата, во синдикалните движења и слично. Во секој случај тие имаат значителна улога во општествениот живот на модерната заедница. Нив ги нарекуваме **социјални движења**.

Како настанува социјално движење?

Причина за создавање на едно социјално движење се неправдите и нееднаквоста. Кога тие ќе се зголемат и стануваат неподносливи за луѓето, тогаш тие почнуваат да реагираат. Така, на пример, ако економските односи произведуваат големи нееднаквости помеѓу луѓето, ако власта ги попречува демократските права и односи во државата, ако неконтролирано се загадува животната средина, луѓето чувствуваат дека нешто не е во ред и покренуваат активности за надминување на овие состојби. Причини за социјални движења можат да бидат и од религиска, етничка, културна природа и од која било област на општественото живеење во која поединците се чувствуваат загрозени.

Кои се причините за незадоволството на овие луѓе?

Значи, основен предуслов за појава на колективно однесување е моментот кога луѓето во комуникацијата манифестираат незадоволство и несогласување поради некоја настаната состојба. Веднаш потоа избираат водачи кои правилно ќе ги насочуваат активностите кон причинителот на нивното незадоволство.

Социолозите идентификувале неколку фази при формирањето на едно социјално движење: **појавување, поставување на цели, институционализација и повлекување.** Во првата фаза се детектира проблемот и луѓето сфаќаат дека проблемот реално постои и не е личен, туку е заеднички. Во втората фаза се донесуваат важни одлуки: како ќе се организира движењето, кои ќе бидат неговите цели и на кој начин ќе се остварат, како ќе се проширува членството и како да се создаде јавна загриженост (и другите да ја сфатат тежината на проблемот). Во третата фаза се развива организациска структура на движењето, се делат улоги, се создаваат авторитети, расте бројот на приврзаниците (волонтери), се бараат извори на финансирање, се насочуваат активностите кон постигнување на целите. Во четвртата фаза најголем број социјални движења се повлекуваат или потполно исчезнуваат. Вообичаено, социјалното движење кога ќе ја постигне целта за која е создадено, станува помалку видливо или целосно исчезнува.

Типични примери за социјални движења се: движењата за граѓански права што настанаа во развиените западни земји во половината на минатиот век, особено во Соединетите Американски Држави, движењата за рамноправност на родовите и за правата на жената (феминистичките движења), еколошките движења и движењата за заштита на човековата средина, движењата за етнички права и за унапредување на положбата на малцинствата, антинуклеарните и мировни движења и слично. Вообичаено, овие движења наоѓаат масовна поддршка меѓу населението. По правило употребуваат ненасилни методи и ги немаат традиционалните белези на политичко дејствување. Меѓутоа, во многу современи земји тие постигнуваат значајни резултати во борбата за правата на човекот, жената и децата, инвалидите и болните, засегнатите од беда и сиромаштија итн.

Доколку се ненасилни, социјалните движења се движечка сила на општествата. Во современите општества тие се неопходност. Придонесуваат властите во државите и политичките партии полесно да ги решаваат општествените проблеми.

Познати личности во светот кои биле на чело на такви движења се: американскиот црнечки лидер Мартин Лутер Кинг, скопјанката Мајка Тереза, индискиот водач Махатма Ганди, јужноафриканскиот претседател Нелсон Мандела, рускиот поет Евгениј Евхушенко, музичарот Боб Гелдорф и многу други.

„Денес сакам да им кажам на сите Американци и на сите луѓе на светот ...Нашето движење нема да го запре никаков бран на расизам... Ние, црните граѓани на Монтгомери одлучивме со ненасилни протести да ја спречиме неправдата која ја доживуваме во автобусите

многу години... Сонувам како моите деца еден ден ќе живеат во земја во која нема да бидат вреднувани според бојата на кожата, туку според индивидуалните вредности“.

Ова е исечок од седумнаесет-минутниот јавен говор на Мартин Лутер Кинг, иницијаторот и водачот на движењето за човекови права на американските Црнци во 60-тите години на минатиот век, кој се смета за клучен момент за отпочнување на американското движење за правата на граѓаните. Движењето траело неколку години и привлекло голем број приврзаници. Целта на движењето била да ја подигне јавната свест за расизмот, запирајќи ја расната дискриминација и сегрегација во Соединетите Американски Држави. Движењето влијаело американскиот Конгрес да го забрза донесувањето на Законот за граѓанските права.

Провери што си научил/а за темата Колективното однесување и општествените движења.

1. Наведи примери на колективно однесување и објасни која е причината за нивното настанување.

2. Кои се карактеристиките на колективното однесување?

3. Кога колективното однесување прераснува во социјално движење?

4. Направи разлика помеѓу толпа и организирана група.

5. Зошто во социологијата повеќе внимание се посветува на колективното однесување на организираните групи?

6. Анализирај ја програмата за работа на едно здружение на граѓани и објасни на кој начин се организирани нивните активности.

7. Што се тоа социјални движења и зошто се формираат?

8. Наведете неколку показатели зошто социјалните движења имаат масовна поддршка меѓу населението.

9. Пронајди на интернет личности во светот кои биле на чело на социјални движења.

10. ОПШТЕСТВЕНА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА И СТРАТИФИКАЦИЈА

- ***Определба на општествената стратификација***
- ***Етнички групи***
- ***Диференцијација по возраст и род***

10.1. Определба на општествената стратификација

Општествената нееднаквост е состојба во која луѓето во едно општество меѓусебно се разликуваат по многу белези. Таа е одлика на сите досегашни човекови општества. Во текот на историскиот развој таа се манифестирала на различни начини, но суштината и била иста. Едни секогаш поседувале поголемо богатство од други, едни биле пообразовани од други, а трети биле неписмени. Едни имале поголема моќ и углед од други, животот на едните бил поразличен од животот на другите. Ваквата нееднаквост била причина за многубројни судири низ историјата.

И во современите општества постои нееднаквост, особено ако се има предвид дека луѓето се групирани во слоеви. Оваа слоевитост во социологијата е позната како **општествена стратификација** (поимот стратификација е преземен од геологијата и е со значење слоевитост на Земјината кора).

Поимот нееднаквост не е ист со поимот стратификација. Стратификацијата (раслојувањето) е посебен вид на нееднаквост која произлегува од хиерархиското групирање на луѓето според количеството на важни ресурси кои ги поседуваат. Таа укажува дека некои поединци имаат повеќе од другите поединци во општеството. А кои се важни ресурси?

Во средниот век важен ресурс бил општествениот углед. Луѓето биле поделени на сталежи. Благородниците и свештениците имале најголем углед. Сите останати биле трет сталеж. Во Индија илјадници години постоел кастински систем во кој најценети биле браманите (свештениците). Иако во современите општества сите луѓе имаат еднакви права, сепак, постојат разлики во начинот на кој го стекнуваат имотот, богатството, моќта, општествениот углед, образованието, што е доказ дека и овие општества се стратифицирани.

Голем број социолози ја проучувале општествената стратификација (нееднаквост). За функционалистите таа е оправдана и неопходна за опстанокот на општеството. Таа ги мотивира поединците да си ги извршуваат задачите. Според нив, во секое општество постојат заеднички вредности. Поединците кои успешно ќе си ги реализираат задачите во согласност со вредностите, ќе бидат подобро наградени од оние кои во тоа ќе бидат помалку успешни. Во воените општества силата и храброста биле највисоки општествени вредности. Најхрабрите поединци стекнувале најголем углед, моќ и богатство. Во индустриските општества, најголема вредност е материјалното богатство, па затоа успешните индустријалци се најценети.

За приврзаниците, пак, на конфликтната теорија во социологијата, општествената стратификација е извор на непријателство и недоверба помеѓу припадниците на различните слоеви.

Најголем дел од современите социолози се согласни дека стратификацијата во модерните општества е неизбежна. Тврдат дека како резултат на поделбата на трудот поединците заземаат различни општествени положби (занимања) и извршуваат различни општествени улоги кои се различно вреднувани на скалата на општествената хиерархија. Поради тоа едни се побогати од други, имаат поголема моќ и општествен углед.

Освен нееднаквостите кои произлегуваат од разликите во богатството, престижот и моќта, социолозите откриле и други нееднаквости меѓу поединците: родови разлики, разлики според возраста, етнички, верски, разлики според индивидуалните способности и слично. **Родовите разлики се базираат на уверувањето дека постојат машки и женски општествени улоги**, па во таа смисла се и тврдењата дека жената не е способна да се занимава со политика, дека нејзина задача е да извршува исклучително домаќински работи (да ги одгледува децата, да готви, да пере, да чисти), за иста работа да добива понизок личен доход од мажите и слично. Но, состојбите во современите општества покажуваат дека сите овие тврдење се неосновани и дека ги создало општеството.

Нееднаквостите според возраста подразбира групирање на луѓето на млади, возрасни и стари. Етнички нееднаквости се оние кои произлегуваат од различното потекло (идентитет) на поединците, разликите во јазикот, културата, традицијата, обичаите. Поделбата на луѓето на христијани, муслимани, будисти, хиндуисти е резултат на разликите според нивната верска припадност.

Општествена подвижност (мобилност)

За да се разберат различните системи на општествената стратификација, потребно е да се објасни и поимот на општествена подвижност (мобилност). **Општествената мобилност претставува движење на поединците и општествените групи по општествената скала**. Во социологијата познати се два вида општествена подвижност: **хоризонтална и вертикална**.

Хоризонталната подвижност се случува кога поединци или групи го менуваат своето занимање/работното место, но тоа се случува во рамките на слојот/класата на која припаѓаат. Ако воспитувачка од една градинка се вработи на исто работно место во друга градинка или училиште, остварила хоризонтална подвижност. Адвокат кој отворил приватна адвокатска канцеларија, а пред тоа работел во општински суд, исто така, остварил хоризонтална подвижност. Промената на работното место и во двата случаја не предизвикала промена на општествената положба, на приходите, општествената моќ и углед.

Вертикалната подвижност може да биде нагорна и надолна. Вертикална нагорна подвижност остварува поединец/група кој ја подобрува својата општествена положба (од понизок преминува во повисок општествен слој/класа). Работник кој во меѓувреме завршил факултет и станал професор, остварил вертикална нагорна подвижност. Но, професор кој поради несовесно извршување на обврските станал домаќин во училиштето или го загубил работното место, остварил вертикална надолна подвижност. Доколку по завршувањето на средното образование одлучиш да се запишеш на факултет, големи ти се можностите да постигнеш подобра општествена положба.

За модерните општества, главна карактеристика е брзо темпо на хоризонтална и вертикална подвижност, особено во периодот на нивната индустријализација и урбанизација.

Општествената подвижност (и хоризонталната и вертикалната) може да биде: **меѓугенерациска и внатрегенерациска**. Меѓугенерациската ги означува сите поместувања во општествената стратификација меѓу припадниците на две или повеќе последователни генерации на едно семејство. Така, на пример, ако твоите родители и родителите на твоите родители биле занаетчии, а ти станеш машински инженер, тогаш се случила меѓугенерациска подвижност. Внатрегенерациската подвижност би се случила ако ти започнеш да работиш како механичар, а во меѓувреме завршиш факултет и станеш стручњак во автомобилската индустрија.

Социолозите ги истражувале начините (каналите) преку кои се остваруваат формите на општествена подвижност и откриле дека тоа се: 1. образованието, кое им овозможува на поединците стекнување на знаења, вештини, квалификации за извршување на одредени престижни занимања, 2. занимавањето со политика, 3. талентот за вршење на одредени специфични занимања и 4. склучување на брак со партнери на високо ценета општествена положба.

Еве еден пример како талентот и образованието може да предизвикаат општествена подвижност.

Од уличар до професионален фудбалер

Мајкл Охер е роден во семејство со 12 деца, мајка наркоманка и татко кој секогаш бил отсутен. Тој постојано менувал училишта и бил сместуван во семејства, но постојано бегал и останувал да живее на улица. Неговиот живот се променил кога почнал да игра фудбал во едно училиште. Се покажало дека е мошне талентиран. Семејството кое го имало посвоено сфатиле дека треба да му помогнат, да го прифатат како нивен член и да го насочат на прав пат. Добар бил и на училиште, па можел да конкурира на Универзитетот во Мисисипи. Подоцна Мајкл станал еден од најдобрите одбранбени играчи во NCAA. На 23 години потпишал петгодишен договор вреден 13.8 милиони долари....

(Текстот е преземен од https://www.crnobelo.com/novosti/svet/28975-inspirativni-prikazni-od-prosjaci-do-uspesni-lugje)

Видови на стратификациски системи

Низ историјата постоеле неколку системи на општествена стратификација, односно системи на слоевитост: **робовладетелскиот, феудалниот (сталешки), кастинскиот и класниот систем.** Некои од овие системи постојат и денес во видоизменет облик.

Робовладетелството претставува екстремна форма на нееднаквост во која некои луѓе (робовите) се поседувани од други (робовладетелите) како нивна сопственост. Овој систем бил воспоставен во многу древни цивилизации. Робови се користеле во Вавилон, Египет, Индија, Кина, но и во античките Грција и Рим. Од поновата историја познат пример е ропството во Соединетите Американски Држави. Робовите ги довезувале од Африка за да работат на плантажите на југот на Америка.

Кастинскиот систем настанал на индискиот полуконтинент пред повеќе од три илјади години. Кастите биле затворени групи,

а припадноста во нив била наследна. Секоја каста имала посебно место во општеството. Животот во нив бил заснован на строги религиски правила и норми. Строго било забрането мешање на припадниците на една, со припадниците на друга каста, особено склопувањето на бракови. Највисока положба во општеството имале браманите (свештениците). Припадниците на оваа каста биле најобразовани. Донесувале закони, ги решавале споровите, подучувале и извршувале религиски обреди. Кшатрите биле воена каста и носители на извршната власт. Вајсиите биле производствена каста. Се занимавале со земјоделство, занаетчиство и трговија. Шудрите како каста извршувале тешка, физичка работа, а париите - најдолната каста ги извршувала најнечистите работи во општеството. Кастинската поделба може да се спореди со човечкото тело на кое главата се браманите, рацете се кшатрите, бедрата се вајсиите и нозете се шудрите. Припадноста на кастата е од раѓање и го одредува животниот пат на поединецот.

Сталешкиот систем бил доминантен во европските општества од средниот век. Секој сталеж имал посебни задолженија, права и норми на однесување. Најпознати сталежи биле свештенството, благородништвото, селанството и граѓанството.

Класниот систем во голема мера се разликува од сите претходни системи на стратификација. Класите не се затворени групи како сталежите и кастите, туку отворени групи, релативно трајни групи со големи можности за општествена подвижност. Во нив не важат верски правила и норми и во нив не се припаѓа од раѓање, туку припадноста се стекнува.

Во социологијата постојат различни критериуми за дефинирање на класите и затоа постојат повеќе дефиниции. Најчести критериуми за определување на класната припадност се занимањето, имотната состојба, начинот на живот, моќта и угледот.

Најголем број социолози при проучување на класите го имаат предвид Марксовиот концепт за класите. Според него, во сите досегашни општества постоеле по две класи: владејачка и потчинета класа.

Маркс открил дека класите немаат подеднаков однос кон средствата за производство. Едните се сопственици, а другите не се. Првите управуваат со производството, ја искористуваат работната сила на вторите и се богатат. Од тие причини настанува класна поделба која предизвикува експлоатација и класни судири. Маркс утврдил дека во сите досегашни општества постоеле по две класи. Во робовладетелскиот систем тоа биле робовладетелите и робовите, во феудализмот - феудалците и кметовите, а во капиталистичкото општество капиталистите и работничката класа. Значи, поединецот се

стекнува со класна положба во зависност од тоа дали поседува сопственост или не и каква економска моќ има.

И за Вебер, поделбата на општеството на класи е условено од економските фактори. Критериум за припадност во класа е големината на имотот и стручноста. Тој ја дефинира класата како група од индивидуи кои имаат слична позиција во пазарната економија.

За социологот Џон Голдторп класната припадност произлегува од местото и положбата на поединецот во процесот на трудот, односно колку неговото занимање е ценето/платено во општеството. Постојат и социолози кои сметаат дека учењето за класите е надминато и дека со него не може да се објасни сложената општествена реалност. Овие социолози припаѓаат на така- наречената постмодернистичка теорија за стратификацијата според која богатството, доходот не се најзначајни критериуми за класната припадност. Тие сметаат дека во современото општество луѓето не се групираат според богатството, туку според стилот на живот, модата, музиката што ја слушаат, заедничките интереси и слично. Од тие причини поединците не се врзуваат трајно за една класа/слој, туку како ги менуваат стиловите на живот така ја менуваат и својата класна, односно слојна припадност. Францускиот социолог Пјер Бурдие оди до таму што тврди дека класната припадност на поединците може да се определи и според културниот капитал што го носат во себе (како го минуваат слободното време, колку се грижат за сопственото здравје и животната средина, колку спортуваат, читаат, одат во музеи и слично).

Слоевите се карактеристични за современите индустриски општества со развиена општествена поделба на трудот. Во нив поединците се занимаваат со различни дејности, извршуваат различни улоги и сето тоа придонесува тие да заземаат различни положби во општеството. Слојот е општествена група што ја сочинуваат поединци со слични општествени белези, со слична општествена положба.

Во современите општества се јавуваат повеќе слоеви: слој на големосопственици, на ситносопственици, слој на интелигенција, различни работнички слоеви, слој на ситни и крупни земјопоседници и слично. Слоевите се отворени општествени групи затоа што поединците можат со менувањето на статусните белези и општествената положба да го променат и општествениот слој.

Стратификација на современите општества

Социолозите општествената стратификацијата ја прикажуваат на стратификациска скала, на која вертикално се подредени слоеви од најнизок до највисок слој. Во социологијата има повеќе такви

скали. Една од поедноставните е онаа на која се поставени три основни слоеви во општеството: висок, среден и низок слој. Но, има и стратификациски скали со повеќе општествени слоеви. Таква е стратификациската скала на американскиот социолог Лојд Ворнер. Тој смета дека во современото општество, секој од трите основни слоеви (висок, среден и низок) може да се расчлени уште на два потслоја и така се добива шестослојна стратификациска скала: повисок висок слој, понизок висок слој, повисок среден и понизок среден слој, повисок низок и понизок низок слој.

Во современите општества припадноста на одредени општествени стратуми се определува според општествените улоги што ги извршуваат поединците, односно според дејноста што ја извршуваат (рудари, работници, земјоделци, наставници, лекари, уметници итн.), но и според некои други улоги како, на пример, улога на родител, сосед, пријател и слично. Секоја од овие улоги во различни општества различно се вреднуваат и рангираат. Рангирањето се врши според хиерархијата на општествените вредности. Врз основа на таквото вреднување на улогите, поединците стекнуваат и определени положби кои различно се наградуваат. На тој начин ја стекнуваат припадноста на одреден општествен слој.

10.2. Етнички групи

Преселбите на народите, војните, печалбарството во минатото биле најчестите причини поради кои луѓето ги напуштале своите и се населувале во други земји. Денес луѓето се иселуваат во побогати и поразвиени земји во потрага за подобра егзистенција. Од овие и од многу други причини, во голем број држави во светот, населението нема единствени културни карактеристики. Во нив живеат категории на население кои од останатите (мнозинското население) се разликуваат по своето потекло, културата, јазикот, религијата, традицијата. Тие себеси се доживуваат како различни од мнозинското население. Овие категории на население во социологијата се нарекуваат етнички групи или етнички заедници (грчки „ethnos“ - народ).

Етничките групи се трајни и повеќефункционални општествени групи кои историски настануваат со заедничкото живеење на културно-историски сродни групи на некоја територија.

Во социологијата постојат повеќе определби на етничките групи. За европските социолози етничноста е многу блиска со националноста. Според нив етничката заедница е нацијата која не е сосема свесна за себеси, односно нема посебни политички граници

(територија) во кои може да ја развива свеста за себе (самосвеста). Американските социолози етничноста ја поврзуваат со културните практики. За нив етничка група е малцинска група со заедничка културна традиција и чувство на идентитет која постои како поткултура во рамките на едно пошироко општество. Припадниците на етничката група се разликуваат од другите членови на општеството според некои културни карактеристики, како, на пример, според расата, религијата, јазикот, националното потекло или некоја комбинација од овие карактеристики.

Современите определби на етничките групи најчесто се комбинација на европските и американските социолошки определби. Тие како критериум за определба на етничките групи ги земаат и територијата и културата, па така етничките групи се дефинираат како културни групи без посебна територија која поставува барања за територија од која или во која се населиле, односно од територијата која е нација.

Припадниците на етничката група немаат биолошко сродство каков што е случајот со семејството. **Тие имаат колективно име, заедничко потекло, заедничка историја, религија, јазик, обичаи, заедничка култура и чувство за припадност во групата и се разликуваат од мнозинското население во земјата**.

Но, постојат и етничките групи кои имаат исти или слични карактеристики со други етнички групи (зборуваат ист или сличен јазик, имаат иста религија и слично). Такви се, на пример, етничките групи во земјите од поранешна Југославија кои меѓусебно се разбираат иако зборуваат српски, хрватски или босански јазик. Германците, Унгарците и Ирците припаѓаат на иста етничка група, но имаат различна верска определба. Еден дел од нив се католици, а еден дел протестанти. Во Латинска Америка најголем дел од луѓето зборуваат шпански јазик, а припаѓаат на различни етнички групи.

Етничката припадност за многу луѓе има големо значење при определувањето на сопствениот идентитет.

Современиот социолошки пристап ги проучува етничките групи преку односите кои се воспоставуваат помеѓу нив и мнозинското население. Тие можат да бидат односи на меѓусебно почитување и блискост, но и односи на меѓусебна нетрпеливост, непочитување на меѓусебните разлики, па дури и отворени конфликти. Етничкото оддалечување (сегрегација), етничките предрасуди, етноцентризмот, етничката дискриминација се резултат на етничка нетрпеливост.

Етнички идентитет, етнички предрасуди, етничка дискриминација етноцентризам

Етнички идентитет е состојба во која претставниците на одредена етничка група се свесни за своето потекло и припадност на дадена заедница, со почит зборуваат за своите предци, себеси се сметаат за одговорни продолжувачи на искуството на предците и се подготвени да споделуваат заедничка судбина. Етничкиот идентитет подразбира и свесност на членовите на етничката заедница за нивната положба во општеството, односно дека се помалубројни во однос на останатите.

Етничкиот идентитет се гради на ист начин како што се гради и личниот идентитет на секој поединец. Се формира во текот на целиот живот, преку процесот на социјализација. Вообичаено припадниците на етничката заедница под влијание на општествената средина, го учат моделот на однесување на мнозинската група. Но, поради притисокот од сопствената група, припадниците на етничката заедница може да не го прифатат доминантниот модел на однесување.

Кога помеѓу припадниците на етничката група и мнозинското население постои отворена или прикриена спротивставеност, тогаш припадниците на етничката група се чувствуваат подредени и загрозени во рамките на мнозинската група. Започнуваат да практикуваат однесување со кое се чувствуваат побезбедни во секојдневниот живот. Со припадниците на својата група воспоставуваат поблиски (деловни, брачни, семејни) односи отколку со припадниците на другите групи. Оваа насоченост кон себе, која делумно се должи на потребата да се споделуваат животните проблеми со оние што се поблиски, а делумно и поради настојувањето на мнозинската група да ги оддалечи од себе, придонесува да се развие чувство на етничка различност. Тие започнуваат да го истакнуваат своето заедничко потекло, ги нагласуваат своите карактеристични обичаи во облекување, исхрана и слично. Создаваат свест за себе како различна, загрозена и подредена група во однос на другите групи во општеството и во тој дух ги воспитуваат и помладите генерации. На тој начин градат чувство за **етничка самосвест или етнички идентитет.**

Често различните етнички или расни групи во една заедница, оддалечени едни од други, градат одредени ставови за себе и за другите со коишто го продлабочуваат меѓусебниот јаз. Такви ставови се **етничките предрасуди. Предрасудите се негативни и искривени слики кои една етничка група ги формира за друга врз база на непроверени и избрзани судови.** Вообичаено се проследени со негативни емоции. Предрасуда е да се мисли дека сите Црнци во Америка се мрзливи и необразовани само затоа што некој Црнец

бил таков. Предрасуда е да се тврди дека луѓето од скандинавските земји се студени и негостопримливи, дека Власите се скржави, Ромите неодговорни затоа што постои претпоставка за тоа.

Кога предрасудите ќе се вкоренат во средината, нетрпението помеѓу етничките групи може да премине во непријателство и дискриминација. **Етничката дискриминација е негативно однесување условено од предрасудите.** На припадниците на одредена етничка група им се забранува да влегуваат на места определени за припадниците на мнозинската група, на огласите за вработување без причина се одбиваат, им се забранува да избираат пријатели и брачни другари од друга етничка група, им се дофрлаат груби и навредливи зборови и се прават шеги на нивна сметка. Дискриминацијата го продлабочува и подгрева непријателството меѓу етничките групи, што може да доведе до отворени и насилни конфликти. Затоа човештвото се бори против предрасудите и дискриминацијата со правни, економски, политички и културни средства.

Мултикултура

Меѓу етничките групи не мора секогаш да се развијат непријателски односи. Во демократски развиените општества се прават обиди да се поттикне соработката и заемното почитување помеѓу различните етнички групи, без да се доведе во прашање опстанокот на посебните карактеристики на нивните култури. Се овозможува секоја група да ги негува своите посебни културни карактеристики со обврска да ги почитува културните карактеристики на другите групи во таа заедница. Ова заемно прифаќање создава мултикултура која претставува културно богатство за заедницата и можност да се изгради една мирна и релаксирана клима за живеење во тоа општество. Значајно е граѓаните во една заедница да уживаат исти граѓански права и социјална положба.

Запомни! Етничката група претставува група со заедничка традиција и чувство на идентитет. Членовите на етничката група се разликуваат по своите културни карактеристики: јазик, религија, обичаи, традиција и др.

Градењето на негативна - искривена слика за припадниците на некоја етничка група, без оглед на нивните карактеристики, се викаат етнички предрасуди.

Практикувањето на некоректни, нефер однесувања кон припадниците на одредена етничка група претставува етничка дискриминација.

Меѓусебното почитување на различните културни карактеристики помеѓу припадниците на одредени етнички групи се вика мултикултура.

10.3. Диференцијација по возраст и род

Освен нееднаквостите кои произлегуваат од разликите во богатството, престижот и моќта, социолозите ги проучуваат и нееднаквостите меѓу поединците во општеството според полот, возраста, бојата на кожата, родовите разлики, етничките, верските, разликите според индивидуалните способности и слично. Од тие причини воочливо е групирањето на поединците на мажи и жени, деца, млади и стари, црни, бели и жолти, успешни и неуспешни и слично. Овие видови на нееднаквости помеѓу поединците се предмет на проучување на многу науки: медицината, педагогијата, правото, демографијата и статистиката, психологијата и, секако, и на социологијата.

Социологијата поаѓа од претпоставката дека сите луѓе се еднакви во општеството. Ниту една општествена заедница не може да се развива урамнотежено, трајно, слободно и демократски ако некои групи на население не се вклучени во општествените и развојните процеси. Доколку некоја расна, етничка, родова или генераciска група е дискриминирана во тие процеси, тоа значи дека општеството е дискриминациско. Биолошките разлики никому не треба да му бидат пречка да даде полн придонес во заедницата, да биде успешен на економски, творечки и културен план. Без разлика дали некој се родил како маж или жена, помалку или повеќе надарен за извршување на одредени занимања, секој треба да ги ужива човековите права и слободи.

Но, во секојдневниот живот се случува спротивното. Во некои општества/ култури сè уште односот кон младите, старите, жените, расните и етничките малцинства е потценувачки, дискриминациски. Како резултат на културните, религиозните, расните предрасуди, на овие категории на луѓе се гледа со недоверба, не се вреднува или се злоупотребува нивниот труд, нивниот интелектуален, културен и творечки потенцијал што во голема мера негативно влијае врз нивната општествена положба. Така, на пример, предрасудите од типот: младите се неискусни, нетрпеливи, некултурни, без работни навики; жените се немоќни, слаби, неспособни, непродуктивни и вешти само за домаќински работи; расните малцинства се помалку интелигентни и помалку продуктивни, можат да бидат причина овие категории на луѓе потешко да се вработуваат, помалку да се платени, да имаат понизок општествен углед, но и да бидат социјално исклучени.

Еден поединец се смета за социјално исклучен кога нема можност да учествува во клучните области на општествениот живот:

кога нема пристап до образованието, кога му се мали можностите за вработување, кога нема можност да се вклучи во донесувањето на одлуки ниту во потесната, ниту во пошироката заедница.

Како настанала родовата нееднаквост

Не е мал бројот на луѓе кои сè уште сметаат дека нееднаквостите помеѓу мажите и жените се сосема природни. Сè уште постои став дека жените се природно незаинтересирани за политика, дека се неспособни да извршуваат „машки“ работи, дека биолошки се предодредени да ги одгледуваат децата, да готват, да чистат во домот и слично. За жал, сè уште постојат убедувања дека поради „мир во куќата“, жената може и физички да се казни. Ваквите сфаќања и однесувања се јавно, но и правно недозволени. Евидентно е дека во многу општества постои поделба на машки и женски улоги. Се поставува прашањето - Која е причината за ваквата поделба?

Во традиционалните општества оваа разлика се објаснува со разликата во физичката градба помеѓу машкото и женското тело, па оттаму заклучокот дека мажите треба да се занимаваат со потешки работи, а жените со полесни.

Полот укажува на видливите физички карактеристики што ги делат мажите од жените.

Родот, пак укажува на постоење на културолошки и социјални разлики помеѓу мажот и жената кои произлегуваат од улогите кои ги извршуваат во општеството.

Поделбата на машки и женски улоги се случило во рана фаза од историјата на човековото општество, со првата (природна) поделба на трудот. Сосема природно било жената да се грижи за домот и за децата, а мажот да работи бидејќи тоа го наметнувале суровите услови за живот. Само затоа што жената раѓала и се припишувале редица други активности кои не се својствени само за неа и за кои не е потребна некоја природна способност. Значи, улогите жена -маж се родови улоги кои им ги доделило општеството на двата пола. Ова го потврдува и социологот Емил Диркем кој вели дека потребата жената да остане дома и да се грижи за семејството не е поради нејзината кревкост и физичка слабост, бидејќи во некои општества жената е главна работна сила и ги извршува најтешките работи. Но, секогаш се настојувало жената да остане приврзана за домот. Дури и на жените од побогатите слоеви, кои немале обврска да се грижат за домот и семејството, бидејќи тоа го правеле нивните слуги, им

било забранувано да извршуваат јавни работи и занимања. Ваквиот третман на жената во подолг временски период ќе доведе и до создавање на матријархатот како општествена заедница во која доминантна улога добива жената.

Родови улоги сè уште постојат, а тоа е евидентно бидејќи во многу општества сè уште жените извршуваат исклучително женски, а мажите исклучително машки работи, а на науката и е тешко да постави граница помеѓу биолошкото и општественото при нивното определување. Но, она во што е сигурна е дека родовите улоги се учат преку процесот на социјализација, и тоа најмногу од родителите.

Претставниците на современите социолошки теории тврдат дека разликите помеѓу мажот и жената, односно помеѓу машките и женските улоги се формираат уште во текот на примарната социјализација. Откриле дека уште во раното детство децата се насочуваат да се облекуваат во „машка“ и „женска“ боја на облека (девојчињата во розова, а момчињата во сина боја). Забележале дека им се купуваат машки и женски играчки (на девојчињата кукли, а на момчињата пушки, автомобили). Забележале дека родителите при вербалната комуникација со своите деца употребуваат изрази со кои се поттикнуваат одредени машки и женски особини како, на пример: „јунак на тато“, „принцезата на мама“ кои се основа за родова идентификација. А од културата и социјализацијата во една општествена заедница зависи дали биолошките и друг вид разлики ќе станат причина за нееднаквост.

Последици од родовата диференцијација

Родовата диференцијација предизвикувала и сè уште предизвикува нееднаквости и дискриминација. Во минатото нееднаквоста се согледувала во нееднаквите можности за образование. Образованието било привилегија на побогатите машки деца кои најчесто ги изучувале природните науки. Мал процент од девојчињата (исто така, од побогатиот слој) на кои им било дозволено да се образуваат во посебни женски училишта, немале голем избор. Учеле домаќинство, грижа за возрасни, верски содржини и токму затоа присуството на жени - научници во минатото е реткост. Жените кои се занимавале со уметност се потпишувале со машки псевдоними за да бидат вреднувани нивните дела. Нееднаквоста се изразувала и при изборот на професијата. Поради немање соодветни квалификации кои се стекнуваат преку образованието, најголем процент од жените биле принудени да се вработуваат во текстилната индустрија каде по правило имале мажи за раководители. Освен тоа, жените помалку заработувале од мажите.

Нееднаквости меѓу мажите и жените постоеле и во политиката. Жените немале право на глас и тоа било причина да не можат да учествуваат во власта, ниту во донесувањето на политички одлуки.

Иако денешните општества настојуваат преку едукативни, правни и културни мерки да ги намалат родовите нееднаквости, тие сѐ уште постојат.

Диференцијација по возраст

Луѓето во текот на животот минуваат низ неколку фази (животни циклуси): детство, младост, зрелост и старост. Во секоја од нив тие формираат групи според возраста наречени генерации, кои имаат исти или слични потреби, интереси, погледи кон животот, искуство и слично. Но, меѓугенерациските разлики често се причина за создавање на меѓугенерациски јазол кој вообичаено ги нарушува меѓугенерациското разбирање и комуникација.

Еве еден пример.

За генерацијата на млади родена помеѓу 80-тите и 90-тите година на XX век, наречена Y генерација или интернет-генерација, карактеристично е што не може да живее без компјутери и мобилни телефони. Таа сака во секое време да и се достапни сите информации. Умее да воспостави рамнотежа помеѓу приватниот живот и работата. Таа не живее за да работи, туку работи за да ужива во животот и работи што таа сака. Младите од оваа генерација не завршуваат факултет кој ќе им го изберат родителите. Не се плашат од промени и затоа сакаат да живеат во динамични општества. За разлика од нив, родителите на оваа Y генерацијата, (позната како беби-бум генерација), кои се на возраст околу 60-тата година од својот живот се раководат според сосема поинакви вредности. За нив е важно да имаат материјална сигурност и да градат кариера и по цена да го жртвуваат слободното време.

Обидете се да ги пронајдете причините поради кои може да настанат нееднаквости предизвикани од генерациските разлики.

Адолесценцијата е период од животниот циклус кога личноста од детство преминува во период на зрелост и може да трае од 15-тата до 27-та година. За време на адолесценцијата девојчињата и момчињата доживуваат големи физиолошки, психолошки и социјални

промени кои можат да предизвикаат кризни состојби кои се манифестираат како постојана потрага по нов идентитет, нови авторитети и слично. Тие ги поседуваат сите телесни и физиолошки особини на жена, односно маж, но личноста им е слаба и кревка, лесно ранлива. Бидејќи адолесценцијата е период во кој личноста преку процесите на социјализација и интеграција се вклучува во општествената заедница и сето тоа може да му предизвика напор и стрес, возрасните треба да бидат многу внимателни. Од тоа ќе зависи каков идентитет ќе изградат, дали ќе станат конформисти или не, какви одлуки ќе донесуваат.

Обиди се да идентификуваш ситуации во кои генерациското искуство и возраста се причина за недоразбирања и нееднаквости.

Провери што си научил/а за темата Општествена диференцијација и стратификација

1. Какви видови на општествена нееднаквост постојат?
2. Што е општествена стратификација?
3. Кои видови на стратификациски системи познаваш?
4. Што е општествена подвижност/мобилност?
5. Наведи примери за вертикална нагорна општествена подвижност.
6. Објасни што се етничките групи и како настануваат?
7. Како настанува етничкиот антагонизам?
8. На кој стратификациски систем припаѓаат сталежите?
9. Колку слоеви содржи стратификациската скала на Лој Вернер?
10. Кои се карактеристиките на етничката група?
11. Што се етнички предрасуди и како се создаваат?

11. ОПШТЕСТВЕНА ПРОМЕНА

- ***Општествена промена од историска перспектива***
- ***Технолошка револуција***

11.1. Општествената промена од историска перспектива

Општеството постојано се менува. Промените можат да бидат мали, незабележителни или многу големи кои од корен го менуваат општеството. Општествена промена е збир од промени кои се случуваат во општеството во одреден период.

Поимот општествени промени треба да се разликува од поимите општествено движење, општествен процес, бидејќи последните два се поапстрактни и пошироки од поимот општествена промена. Секоја промена истовремено е и процес и движење, а секој општествен процес не мора да предизвика промена. **Општествената промена е резултат или последица на некои општествени процеси и движења во општеството предизвикани од луѓето.** Промената може да се случи на макрониво (промена на целокупниот општествен систем) и на микрониво (во некои делови на општествениот систем), во претпријатие, семејство и слично. Според должината (времетраењето), општествената промена може да биде еволутивна (бавна, ненасилна) и револуционерна (брза и насилна). Промените може да бидат предизвикани свесно, намерно, со однапред поставена цел, но можат да бидат и несвесни, ненамерни.

Така, на пример, од историјата дознаваме дека многу битки кои биле започнати со цел да се освои непријателска територија, ненамерно се претвориле во долготрајни, исцрпувачки војни. Со сечењето на шумите луѓето ги зголемувале обработливите површини, но ненамерно предизвикувале ерозија (оголување) на земјиштето. Индустрискиот развој во голема мера го подобрил квалитетот на животот на голем број луѓе на земјава, ама ја загадил животната средина поради што е загрозен опстанокот на живиот свет.

Промените се пропратни појави и манифестации на општествениот развој. Колку е побрз развојот на општеството, толку се побрзи и промените, побројни и поразновидни. Најдобар пример за тоа е семејството. Десетици години наназад се случуваат значајни и брзи промени во структурата на семејството. Бројот на членовите

е намален поради што проширеното семејство е заменето со нуклеарно (исклучени се бабите, дедовците, чичковците, тетките). Патријархалните семејни односи се заменети со демократски (не постои строга послушност на децата кон родителите и на жената кон мажот). Истовремено семејството ја изгубило и производната функција (престанало производството на храна и стоки во семејството).

Откако, пак, образованието станало задолжително, дел од својата социјализаторска улога семејството му препуштило на училиштето.

Промените (општествениот развој), главно, се остваруваат на два начина: преку еволуција и преку револуција.

Еволуциски промени

Според еволуционистичкото сфаќање во социологијата, општествениот развој се одвива праволиниски, во правец на сè поголемо усложнување и приспособување на општеството кон барањата на опкружувањето. Тие промени предизвикуваат напредок на сите полиња од човечкиот живот. Денес еволуционистичкото сфаќање се јавува под името неоеволуционизам и според него општествениот развој не е праволински, туку повеќелиниски. Тоа значи дека одредени фактори (културата, природната средина) можат да влијаат општествениот развој да се одвива на различни начини и дека општествените промени не мора да бидат секогаш прогресивни.

Еволуцијата претставува мирно движење на општеството кое предизвикува постојани промени, постојан развиток. Во областа на производството тоа би значело постојано усовршување на средствата за производство, промени во организацијата на производниот процес, воведување нови технологии на работа. Еволутивни се и промените што се случиле во семејството за кои веќе стана збор, како и постојаните промени во правно-политичкиот систем. Но, сите овие промени не ја менуваат суштината на општествено-економскиот поредок. Затоа, еволутивното движење не предизвикува остри судири и социјални борби. Има мирен карактер. Еволуцијата предизвикува само квантитативни промени во општествената структура.

Циклични промени

Цикличните промени се спротивни на еволутивните промени. Приврзаниците на циклизмот сметаат дека промените се одвиваат во циклични кругови во кои постои повремено повторување и враќање наназад. Ова сфаќање било застапено меѓу античките филозофи. Платон, на пример, тврдел дека аристократијата, олигархијата, демократијата, тиранијата како државни уредувања ци-

клично се менуваат. Некои социолози тврдат дека секоја култура поминува низ циклични промени што подразбираат период на создавање (раѓање), развој, назадување и исчезнување.

Революционерни промени

Револуцијата е таков вид движење на општеството кое настанува како резултат на судирот помеѓу развиените производни сили и застарените производни односи. Во моментот кога производствените односи ќе го закочат развојот на производните сили, настанува радикална промена во целата општествена структура: во економската сфера, правно-политичката сфера, во културата, уметноста, науката. Се менува класно-социјалната структура на населението, настануваат промени во правото, политиката. **Револуционерните промени целосно ја менуваат општествената заедница.**

Револуцинерните промени се манифестираат и реализираат преку отворени судири помеѓу различни општествени групи.

Најостар вид на револуционерни промени низ историјата на општествата е класната борба со употреба на сила, при што, еден поредок се урива и се воспоставува нов. Таа најчесто се водела поради политичка превласт. Владејачката класа настојувала да ги задржи веќе воспоставените општествени односи, да ја зачува својата доминантна позиција и да го спречи понатамошниот развој на општеството.

Во определени општествени услови, револуцијата може да се остварува и по мирен пат. Тоа е случај кога низ еволутивна промена на производните сили, постепено се менуваат и општествените односи.

Модерни и современи општествени промени

Социологијата постигнала голем успех во проучувањето на модерните општествени промени. Така, на пример, американскиот социолог Питер Бергер наведува листа на општествени промени кои се случиле во модерното општество: исчезнале малите традиционални заедници во кои се одвивал целокупниот живот на луѓето, се појавил индивидуализмот (убедување дека човекот сам влијае врз својата судбина, а не натприродна сила), се зголемиле општествените различности, се создале нови форми на организација, нова свест кај луѓето како да го организираат животот, слободното време и наместо кон традицијата, ориентирани се кон иднината.

Најчести причини за општествени промени социолозите ги сметаат индустријализацијата, урбанизацијата, капиталистичката организација на производството, демократијата и слично.

Современото општество во кое живееме, со себе носи драматични промени. Не случајно социолозите го нарекуваат и информациско, вмрежено, па дури и ризично општество. Животот во него е организиран на високо ниво. Брзиот развој на науката и техниката постојано го подобруваат животот на луѓето. Медиумската распространетост на луѓето им овозможува брз и лесен пристап до информации, но им нуди и поинаква претстава за светот во кој живеат.

11.2. Технолошка револуција

Техничките пронајдоци отсекогаш поттикнувале промени во начинот на производство и им претходеле на општествените промени. До сега се случиле три големи индустриски револуции. Првата започнала во средината на XVII век, втората во втората половина на XIX век, а третата во педесеттите години на XX век. Секоја од нив е поврзана со нов технички изум, нова индустрија и нови општествено- економски и политички промени.

Според технолошките критериуми, **целокупниот историски развој на општеството може да се подели на три периоди: прединдустриски (аграрен), индустриски и постиндустриски.**

Во првиот (прединдустрискиот) период луѓето најмногу се занимавале со земјоделството како основна стопанска дејност, позната како примарен сектор. Работата во земјоделството се базирала на физичка работа на човекот и влечната сила на животните. Постоела развиена (природна) поделба на трудот помеѓу семејните групи, натурален карактер на производството и општествен живот во мали затворени и изолирани селски заедници. Занаетите, манифактурното производство и едноставната селска индустрија, која ја покренува воденото тркало или ветерницата, се најголем стопански дострел на тоа време.

Во вториот (индустрискиот) период поголем број на луѓе работно се ангажирале во преработувачкото производство (индустријата). Оваа стопанска гранка на производството е позната како секундарно производство. Во оваа фаза од технолошкиот развој се појавува механизацијата која била овозможена со појавата на парната машина од страна на ирскиот пронаоѓач Џемс Ват. Физичката работна сила на човекот била заменета со машини. **Оваа замена се смета за почеток на првата индустриска револуција**. Започнала во Англија, во памучната индустрија, а потоа се проширила и во другите земји.

Кон крајот на XIX век дошло до нови револуционерни технички откритија кои предизвикувале нови општествени, економски и политички промени.

Втората техничка револуција се поврзува со пронајдокот на моторот со внатрешно согорување и електромоторот. Со овие технички пронајдоци бил поставен камен-темелникот на градската индустрија. Новата погонска сила овозможила зголемување на работната сила, која најмногу била од редовите на селаните. Се зголемила и продуктивноста во производството. Луѓето почнале да се специјализираат за работа на посебни машини. Се трошеле големи количества енергија, суровини за масовно сериско производство. Започнала акумулација (натрупување) на капиталот, ширење на пазарите, концентрација на луѓето во големите градови и концентрација на власта во рацете на бирократијата. Новонастанатите услови довеле до отуѓување на човек од човек и општеството од природата.

Постиндустрискиот период се врзува за најновите промени во индустриската цивилизација кои настануваат во втората половина на XX век, под влијание на третата технолошка револуција. Некои мислители третата технолошка револуција ја нарекуваат и информатичка револуција, а постиндустриското општество - информатичко општество.

Сите ние сме сведоци на промените кои ги донесе оваа револуција: нови производствени сили, нови технологии, нови начини на производство, појава на нови струки и занимања, поинаков однос кон работата, нов квалитет на животот. Новата технолошка фаза е обележана со употреба на атомска, термонуклеарна и соларна енергија. Електрониката, микрочиповите и на нив заснованата вештачка интелигенција, информатиката и роботиката, овозможија висок степен на автоматизација на производството и создадоа технички предуслови за ослободување на човекот од монотонијата и тешката физичка работа. Се појавија нови високо-научни технологии: ласерска, генетски инженеринг (биотехнологија) кои служат за подигање на продуктивноста во производството на храна.

Ефектите од нив се видливи во сите сфери на општествениот живот: минималното трошење на енергија и суровини во производството, низок степен на загадување на природната средина, обезбедувањето на квалитетни научни знаења и нивната примена во производството и развојот на општеството, вертикалната општествена подвижност на групите и поединците, промената на професионалната структура на општеството. Треба да се напомни дека и интересот на луѓето за вработување се помести од примарните и секундарните дејности кон терцијарните и кварталните (давање на интелектуални и информациски услуги и слично).

Но, справувањето со новите технологии, бара високо образована работна сила, самостојни, креативни и претприемачки ориентирани професионалци. Затоа во постиндустрискиот период постојано расте интересот за образование и усовршување.

На глобален општествен план, исто така, се случуваат значајни промени кои ги овозможува новата технологија. Се потиснува влијанието на големите и строго хиерархиски организирани управувачки системи во кои владеат надворешни авторитети и идеологии. Застарува демократијата заснована на формални авторитети и претставнички систем. Расте значењето на стручните и самостојни поединци и групи, таканаречени експерти кои добиваат улога на советници и ја преземаат извршната функција во власта. Протокот на информациите се зголемува, а тие забрзано се пренесуваат меѓу луѓето. Секој момент секој поединец може да знае каде и што се случува во светот.

За најразвиените западни земји во светот како, на пример, Јапонија, Соединетите Американски Држави , Канада, Белгија и другі, промените кои ги направија технолошките револуции се „веќе започната иднина“. За помалку развиените земји, тие се „брза иднина“, додека за многу земји во светот тие се „далечна иднина“.

Провери што си научил/а за темата Општествените промени

1. Како доаѓа до промени во општеството?

2. Зошто научно-технолошката револуција е универзален општествен процес?

3. Кои се основните карактеристики на постиндустрискиот период наречен трета технолошка револуција?

4. Кој технички пронајдок (изум) ја предизвикал првата индустриска револуција?

5. Објасни ја поврзаноста на научно-технолошките револуции и техничките изуми.

6. На кои начини можат да се остварат промените во општеството?

7. Кои се најчестите причини за општествени промени?

8. Наведи неколку промени на глобално ниво?

9. Какви промени предизвикува револуцијата, а какви еволуцијата?

12. ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ

- ***Поим за глобализација***
- ***Формирање на нациите, колонијализмот и разликите помеѓу богатите и сиромашните***
- ***Производство на храна и екологија***
- ***Корпорациите, транснационалните корпорации и нивната моќ***
- ***Меѓународна економска интеграција***
- ***Обединетите нации и други интернационални организации***
- ***Заканите на глобалната средина***
- ***Глобализација на медиумите***

12.1. Поим за глобализација

Секое општество, во социолошка смисла, е глобална општествена заедница. Тоа значи дека во општеството се одвиваат мноштво процеси кои придонесуваат животот на луѓето да биде организиран според потребите на луѓето и тоа е главната карактеристика на глобалните општествени групи. Такви процеси се: производството, потрошувачката, репродукцијата на населението, управувањето со државата (власта), културното и духовното творештво, сообраќајот, комуникацијата и слично.

Но, кога ќе се рече дека општеството се глобализира, тоа има поинакво значење.

Поимот глобализација доаѓа од зборот *глобал* што значи целокупен, вкупен, а глобализацијата е начин на гледање на сè она што се случува во глобала, на целата Земјина топка, во светски рамки.

Социолозите под глобализација подразбираат поврзување на општествата на светско (глобално) ниво и еве како би можеле да го објасниме тоа.

Откако во светот постојат нации, тие меѓусебно се поврзуваат и соработуваат. Во почетокот се поврзувале за да ја зачуваат територијата од нападите на непријателите, а подоцна поради трговија. Поврзувањето на земјите и народите предизвикало многу промени: бришење на границите, намалување на разликите помеѓу културите и слично. Денес кога се зборува за глобализацијата, се мисли, пред сè, на развојни промени кои се случиле неодамна, а кои придонеле за ново преструктуирање на светот.

Глобализацијата која денес се случува пред нашите очи започнала во 80-тите години на XX век. Една од причините за нејзиното појавување е економијата, односно трговијата и отстранувањето на пречките за слободно и поедноставно одвивање на прометот на стоки и услуги, намалувањето на трошоците за превоз, полесна комуникација.

За Ентони Гиденс глобализацијата претставува интензивирање на општествените односи на светски план. Таа ги поврзува оддалечените места на тој начин што локалните случувања (она што се случува во државите) се обликувани од настани што се случиле со километри оддалечени и обратно. Со други зборови, промените кои се случуваат во еден дел од светот влијаат на случувањата во други делови од светот. Настани што се случуваат на локално ниво добиваат глобално значење и обратно и сето тоа благодарение на медиумите и информатичката технологија.

Еве неколку примери за тоа.

Корејската песна/ спот Гангнам стајл на пејачот Саја, на 15 јули 2012 година се искачи на врвот на националната топ листа на Јужна Кореја. На 21 декември неа ја слушаа/гледаа на Јутјуб (YouTube) три милијарди луѓе, а веднаш потоа двојно повеќе танцуваа со истата кореографија. Ова е доказ дека и културата/ уметноста се глобализира.

На 11 септември 2001 година, целиот свет имаше можност на директен ТВ- пренос да го види рушењето на „кулите близначки“ во Њујорк како последица од терористички напад. Овој настан земјите во светот го сфатија како предупредување дека тероризмот е глобален проблем и закана за целиот свет и дека државите мора да преземат мерки за негово спречување на глобално ниво.

Поради убиството на Афроамериканецот Ерик Гарнер, во Њујорк, во 2014 година, протестите против расизмот од американскиот, се проширија на европскиот континент. Десетици илјади граѓани ширум Германија, Англија и Франција протестираа против расизмот и насилството. И како што вели Гиденс, настанот (убиството) се случил на американскиот континент, а предизвикал нови случувања (протести) на европскиот континент кои се на километри оддалечени еден од друг.

Во 2008 година светот го зафати финансиска криза од глобални размери. Причина беше падот на пазарот на хипотеки (заложување на недвижности за земен заем) во Соединетите Американски Држави, но, последиците од тоа ги почувствуваа многу земји во светот.

Глобализацијата ги зафати сите области на општествениот живот: политичкиот, економскиот, културниот.

Политичка глобализација

Глобализацијата го преструктуира светот. Светот веќе не е збир од повеќе територијални целини, таканаречени национални држави, туку глобално село, отворена арена на која се одвива општествениот живот. Некои социолози сметаат дека на овој начин е доведен во прашање опстанокот на нациите. Како? Глобализацијата создава моќни меѓународни организации, институции, сојузи кои се поставуваат над националните власти и интереси. Пример за наднационален сојуз е Европската Унија.

Економска глобализација

Ако некогаш си нарачал очила за сонце, маска за телефон, патики од некој омилен бренд на сајтот www. aliexpress преку интернет и си ги платил со кредитна картичка, ти како потрошувач си учествувал во процес на економска глобализација. Економската глобализација се однесува на сите промени кои се случиле во економијата (во производството, потрошувачката и финансирањето).

Културна глобализација

Културната глобализација некои социолози ја нарекуваат и вестернизација (доминација на западната култура врз сите останати). Се смета дека индустриските општества на Запад постигнале побрз културен развој и успеале да ги наметнат своите културни вредности на незападните општества. Во тоа голема улога одиграле масовните медиуми, сервисните компании за интернет од типот Гугл (Google), Јаху (Yahoo), (Microsoft), како и социјалните мрежи Фејсбук (Facebook), Твитер (Twitter), Вајбер (Viber) и други. Една од последиците на културната глобализација е создавањето на хомогени култури, што во секојдневниот живот би значело сите луѓе да возат исти автомобили, да читаат ист жанр книги, да гледаат исти ТВ-серии, да слушаат иста музика и слично.

Глобализација - основни дилеми

Со оглед на тоа дека постојат различни сфаќања и толкувања на глобализацијата, не е необично што постојат и голем број прашања и дилеми поврзани со неа. Едно од нив е - на кое ниво е постигната глобализацијата на светот ако се знае дека на шест континенти живеат повеќе од 7 милијарди луѓе, на различен степен од културниот развој, во независни и зависни држави, во кои се зборуваат околу 5000 јазици? Второ - како ќе се одвива понатамошната глобализација ако се знае дека сè уште постојат разлики во технологијата и

начинот на производство меѓу земјите во светот.? Во едни сè уште постои таканареченото ловно и собирачко стопанство и обработка на земјата со плуг и рало како пред две-три илјади години, а во други високо-автоматизирано производство, дигитална и информатичка технологија. Трето - Дали глобализацијата придонесува за правда и еднаквост или создава нови неправди и нееднаквост?

Општ заклучок е дека во современиот свет се одвиваат два паралелни процеса: диференцијација, во кој доаѓаат до израз особеностите и разликите помеѓу народите и државите во светот и глобализацијата, во која светот се поврзува економски, културно и политички.

12.1. Формирање на нациите, колонијализмот и разликите меѓу богатите и сиромашните

Во светот постојат 192 признаени држави, членки на Организацијата на Обединетите нации. Најголем број од нив се национални држави или нации-држави. Во современиот свет, нацијата, националната припадност, националната свест, националната култура и национализмот, се мошне значајни карактеристики на општествениот живот. Тие се поврзани и со други општествени групи и појави како, на пример, етничките групи и народ, со колективните права на човекот, граѓанските слободи, со меѓунационалните конфликти и слично.

Британскиот социолог Хараламбос тврди дека наспроти комуникациското, економското, политичкото и културното глобализирање (поврзување) на деловите на светот во една целина, се одвиваат и процеси на разединување и тоа на национална и националистичка основа. Од тие причини социолозите посветуваат посебно внимание на проучувањата на нацијата и нејзиното појавување.

Нацијата е општествена група чии припадници чувствуваат, дури и кога не се познаваат меѓусебно, јазично, културно, економско и духовно заедништво. Појавата на нацијата како општествена група е тесно поврзана со појавата на модерната држава, во Европа, во доцниот среден век. Имено, откако се појавила државата како територијално-политичка заедница, во голема мера ги изедначила условите за живот, сообраќајот, производството и пазарот на своето население. Мошне влијаела населението да се хомогенизира како нација (во неа да живеат што помалку различни народи или етнички групи). На овој начин државата станала национална држава. Како политичка заедница, државата ги

востановувала, развивала и изедначувала правата и положбата на граѓаните без разлика на припадноста. На овој начин дури и граѓаните од различно расно, етничко потекло и со поинаква народност се чувствувале како припадници на државата.

Типичен пример за ваков историски развој на нацијата и граѓанската држава се Соединетите Американски Држави. Сите Американци се чувствуваат еднакви и рамноправни граѓани на својата држава и нација, без оглед на тоа што потекнуваат од различни расни, етнички, јазично-културни и народности или национални групи.

Помеѓу поимите нација, раса, народ и етничка заедница постојат разлики. За социологот Имануел Валерштајн расата е генетска категорија која има видлива физичка форма. Народот е социополитичка категорија, поврзана со стварните или потенцијалните граници на државата. Етничката заедница е културна категорија која не е поврзана со државни граници и има определено однесување кое се пренесува од генерација на генерација.

Националните држави настанале во средниот век во Европа, кога започнала големата поделба на територии помеѓу силните феудални владетели (британските, шпанските, португалските, француските, руските и слиќчно). Тие ја поделиле Европа на свои суверени територии/држави и постојано војувале за да ги задржат. По пат на **колонизација** освојувале нови. Тоа било возможно бидејќи бил откриен поморскиот пат преку рогот на Африка за Индија, била откриена и Америка, а Кристофер Колумбо допловил до Куба. Моќните европски, поморски сили започнале да го освојуваат светот, да создаваат свои колонии и од нив да црпат богатства: руди, минерали, храна, текстил и евтина работна сила, робови. Така се колонизирани Јужна и Северна Америка, Африка, Австралија и дел од Азија (Индија, Пакистан, Индонезија, Виетнам).

Колонијализмот се развил во светски поредок. Од Европа се извезувале религиски, јазични, културни „продукти“, а се увезувале евтини природни минерални, прехранбени, текстилни производи, рудни богатства и работна рака. Колонијализмот траел со векови и речиси сите континенти биле поделени под управа на големите европски сили: Британија, Франција, Германија, Шпанија, Русија, Италија, Турција и др. И Првата светска војна се водела поради нови освојувања или прераспределба на колониите.

Меѓутоа, населението и народите на колонизираните земји се бореле за еманципација и осамостојување. Првата голема земја која се деколонизирала биле Соединетите Американски Држави. Тој бран продолжил сè до Втората светска војна. Веднаш по неа самостојност

избориле Индија, Пакистан, Египет и многу други земји. Процесот на деколонизација завршил околу 70-тите години на минатиот век.

Но, колонијализмот оставил длабоки траги врз човештвото. Влијаел светот да се подели на **богати и сиромашни**, на развиени и неразвиени земји. Некои научници таа поделба ја нарекуваат и поделба на светот на Север (развиен) и Југ (неразвиен). Бидејќи новоосамостоените земји формирале и свои нации/ држави, поделбата ги изразувала и нивните различни интереси поради кои често доаѓало до судири.

По Втората светска војна и поразот над фашизмот, Меѓународната заедница, преку Организацијата на Обединетите нации, започна да гради нов светски поредок. Тоа значи деколонијализација и признавање на сите новоослободени и нововостановени држави, почитување на правата на сите социјални групи на граѓани, мерки за помош на неразвиените и сиромашните земји за побрз социјален и економски развој. За таа цел, формирани се и многу меѓународни организации: Светската трговска организација и Светската здравствена организација, Светската банка, агенциите на Организацијата на Обединетите нации за индустриски развој, за помош на децата, за образование, наука, култура и слично.

Развиените земји (западните и северните), започнаа да доделуваат помош на африканските и азиските неразвиени и сиромашни земји за нивен забрзан развој и за искоренување на гладот, болестите, неписменоста и сиромаштијата.

Денес, на почетокот на третиот милениум, во некои делови и региони во светот сè уште постојат разлики во поглед на животниот стандард на населението, производството, образованието, науката, здравјето, исхраната, смртноста. Според статистичките податоци на Обединетите нации од 2001 година, во најразвиените земји на светот (повеќето европски земји, Канада, Јапонија), нема социјални групи кои живеат под црвената линија на сиромаштво. Меѓутоа, во средноразвиените земји, помеѓу 15 и 50 % од населението живее со стандард под таа линија. Во нискоразвиените земји (Замбија, Мадагаскар, Еритреја, Авганистан) така живеат 86 % од населението.

Постојат разлики и во должината на животниот век на населението. Ако во Јапонија, Исланд, Шведска, Норвешка, Австралија животниот век на населението е до 80-тата година, во неразвиените земји (Сиера Леоне, Малави, Руанда), животниот век на населението е краток (38-40 години).

И разликата во стапките на писменост на населението е евидентна. Во високоразвиените земји варира помеѓу 98 - 99%, а во

нискоразвиените земји таа се движи помеѓу 30-32 %. Најилустративен податок за постоење на разлики во развиеноста на земјите во светот е општествениот бруто-производ по жител.

Во табелата е прикажан бруто-производ по жител во некои земји членки на Организацијата на Обединетите нации, за 2001 година, во американски долари.

Норвешка	28.433 $
Австралија	24.574 $
САД	31.872 $
Македонија	4.651 $
Албанија	3.189 $
Етиопија	628 $
Танзанија	501 $
Сиера Леоне	448 $

12.2. Производството на храна и гладот во светот

Репродукцијата на светското население во голема мера зависи од природните услови на планетата, но и од производството на храна.

Се смета дека производството на храна во најголем број земји во Европа, Северна Америка, Австралија и делумно во Јужна Америка, уште во половината на XIX век, ги задоволувало масовните потреби на населението. Во некои од нив се јавувале и пазарни вишоци на прехранбени производи. Повремено доаѓало и до недостаток на храна како последица на големите суши, поплави и природни катастрофи. Но, во густо населените региони на Африка и Азија, особено во оние со висока стапка на наталитет, недостатокот на храна бил проблем.

И денес состојбата е слична. Од земја до земја постојат разлики во површината на обработливото земјиште, искористеноста на ресурсите, разликите во технологијата за производството, примената на ѓубрива, пестициди и биогенетски методи во аграрното стопанство и слично.

Во развиените земји, пред сè, во Соединетите Американски Држави, Австралија, Франција, Германија, со аграрно производство се занимава од 3 до 8 % од населението, но тоа обезбедува од 30 до 40 % од општествениот бруто- производ. Според податоците на Организација за храна и земјоделство, развиените земји користат помеѓу

250 и 400 кг ѓубриво на хектар обработливо земјиште, а во неразвиените земји таа количина е просечно помеѓу 15 и 30 кг. Развиените земји употребуваат помеѓу 200 и 300 трактори на 1.000 хектари обработлива површина, а неразвиените од 10 до 15 трактори.

Според некои процени за да се прехранат луѓето на Земјината топка потребно е производството на храна да се зголеми за 60 %. Во 1900 година еден земјоделец прехранувал 4 лица, а во 2012 година 129 лица. Како денес да се произведе доволно храна за сите е глобално прашање што си го поставуваат експертите од оваа област секој 16. октомври кога се одбележува светскиот ден на храната, а притоа поради урбанизацијата, ерозијата на земјиштето, ширењето на пустините и климатските промени, обемот на обработливите површини постојано се намалува. До 2050 година се очекува светската популација да достигне раст од дополнителни три милијарди, а обработливата површина дополнително да се намали за 17 % по глава на жител. Тоа значи дека ќе мора да произведуваме многу повеќе храна од онаа што моментално ја произведуваме.

Разлики во производство на храна во светот

И, додека се подготвуваат стратегии како да се надмине проблемот со недостаток на храна, во некои делови на светот се фрла храна во големи количини. Се проценува дека годишно, една третина од произведената храна на светско ниво се фрла во текот на производството или завршува во кантите за отпадок, а со неа би можеле да се прехранат три милијарди луѓе. Денес состојбата со гладот во светот е алармантна. Според светската развојна статистика, во првите педесет развиени земји во светот нема недоволно нахрането население. Во следните 50 земји, недоволно исхрането население опфаќа од 5 % до 28 % од населението, додека во последните 62 земји достигнува дури до 68 %.

Во април месец 2020 година, на интернет-порталот „Свет“ беше објавена информација од Обединетите нации со наслов „На светот му се заканува глад од библиски размери“. Во информацијата шефот на Светската програма за храна Дејвид Бесли изјави дека се потребни итни активности за да се избегне катастрофа. Се проценува дека бројот на луѓето кои гладуваат може да се дуплира од 135 на повеќе од 250 милиони. Најлоша е состојбата во десет земји во кои има воени судири, економска криза и климатски промени. Земји кои можат да бидат сериозно погодени од глад се: Јемен, Демократска Република Конго, Авганистан, Венецуела, Етиопија, Јужен Судан, Сирија, Нигерија и Хаити.

Меѓународната заедница подолго време се обидува да најде решение како да се прехрани светската популација, притоа, без да го наруши екосистемот на нашата планета. Уште во 2001 година, Генералното собрание на Обединетите нации ја усвои светската Милениумска декларација за развој и отстранување на сиромаштијата до 2015 година. Нејзини цели се:

- да се преполови бројот на населението во светот што живее со помалку од еден долар дневно,
- да се преполови бројот од 900 милиони луѓе во светот кои живеат во крајна беда и глад,
- да се преполови милијардата луѓе во светот кои немаат пристап до пивка вода,
- за две третини да се смали смртноста кај мајките што се пораѓаат,
- за две третини да се смали смртноста кај децата до пет години и посебно кај доенчињата,
- на сите деца во светот да им се обезбеди запишување и завршување на основното училиште,
- да се запре болеста СИДА,
- здравствена контрацепција да им се обезбеди на сите кои ја бараат.

Експертите велат дека гладот може целосно да се искорени доколку земјите почнат да го применуваат принципот на одржлив развој при производство на храна. На пример, Холандија, после Соединетите Американски Држави е втор голем производител и извозник на храна во светот. Важи за мала земја која го храни целиот свет. Успехот се должи на примена на технологија со која може однапред да се предвиди количината на произведеното. Уште пред две децении Холандија се одлучила на одржлив развој во земјоделството, што значи двојно повеќе храна со искористување на двојно помалку

ресурси. На овој начин земјоделците во Холандија успеале за неполни 20 години да ја намалат потрошувачката на вода за наводнување за 90 %, речиси целосно ја исфрлиле употребата на хемиски пестициди на билките кои ги одгледувале во стаклени градини, а за неполни 10 години сточарите и живинарите успеале да ја намалат употребата на антибиотици за 60 %.

12.3. Производството на храна и екологијата

Десетици илјади години човекот не ја менувал природата. Сè што му било потребно за живот го наоѓал во природата. Денес не само што ја приспособува природата кон своите потреби, туку почнува да и ја менува и генетската структура. Доказ за тоа е генетски модифицираната храна, клонираната овца Доли и слично. Сево ова ја актуализира моралната димензија на човековиот однос кон животот, кон животните и растенијата. Од тие причини, во последно време сè почести се кампањите за подигање на свеста на луѓето за потребата од производство на еколошка храна.

Екологијата е наука која го проучува односот помеѓу живите битија во средината која ги опкружува. Нејзина посебна гранка е humanata екологија која е особено значајна за социологијата бидејќи го проучува односот на човекот кон природата, местото на човекот во екосистемот и нивниот заемен однос.

Еколошкото производство на храна има двојна улога. Од една страна, ги задоволува потребите на купувачите со еколошки производи за поздрав живот, а, од друга страна, придонесува за заштита на околината.

Еколошкото производство подразбира посебен начин на организирање и управување со стопанството кое опфаќа одгледување на билки и животни, производство на храна, преработка на суровини и примарни производи според еколошките принципи. Ги вклучува сите еколошки, општествено-оправдани и производно-технички методи и активности со кои најповолно се искористуваат плодноста на почвата, водата и другите ресурси. Во ова производство, предност им се дава на природните својства на билките. Се зголемува нивната отпорност и плодност со помош на природните сили и законитости. Така, на пример, еколошки производ би бил оној кој е произведен во согласност со принципите на еколошкото производство. Тој мора да биде препознатлив од другите нееколошки производи. Употребата на ГМО (генетски модифицирана храна) во еколошкото производство е забрането. Карактеристично е што

производителите на еколошките производи вложуваат големи напори во развојот на нови семиња и нови сорти на растителни билки.

Најважна цел на еколошкото производство е заштитата на здравјето на луѓето како и заштитата на целокупната природа и околина.

Проблемите со бедата, гладот и исхраната на населението во светот, научниците го поврзуваат со неправилното и неурамнотежено управување на природните, човечките и технолошките ресурси и извори. Според меѓународната статистика, за да се обезбеди храна потребна за преживување на еден човек на Земјината топка, потребни се приноси добиени од 2,3 хектари обработлива површина и лесно може да се пресмета колку приноси и колку хектари обработлива површина се потребни за 7 милијарди луѓе. Но, проблемот е во тоа што таа површина не е подеднакво распоредена низ земјите во светот. Во некои земји ја има повеќе отколку што треба, а во други недостасува. И нескладноста и несоодветната распореденост на производството низ земјите во светот, употребата на хемијата, генетиката, ласерите, информатичката и дигиталната технологија во аграрното и агроиндустриското производство уште повеќе ја усложнуваат состојбата.

И еколошките проблеми, исто така, се последица од егзистенцијалните проблеми на човекот и човештвото. Никој не оспорува дека цивилизацискиот и стопанскиот развој биле неопходни за опстанокот на човештвото и дека треба да се искористуваат соларните, водните, минералните, рудните и вегетациските богатства на планетата. Но, спорно е како тие се употребуваат, заштитуваат и обновуваат. И покрај обидите за смислено, плански и рационално користење на овие богатства, тие побрзо се уништуваат отколку што се обновуваат. Масовното индустриско производство, урбанизацијата, употребата и злоупотребата на необновливите природни извори, ги влошуваат условите за живот на планетата. Стручњаците велат дека во следните триесет години повеќе од 70 % од површината на Земјата ќе се претвори во асфалт, патишта, градови, железнички пруги, комунална инфраструктура, а недостигот на вода ќе предизвика еколошка криза. Индустријата сè повеќе емитува опасни и отровни гасови, особено јаглен диоксид, сулфур диоксид, метан кои ја загадуваат атмосферата и озонската обвивка на Земјата. Од ден на ден сè повеќе се зголемува количеството на амбалажен отпад на кој му требаат десетици и стотици години за да се распадне. Пресметано е дека за распаѓање на само една лименка кока-кола, која секојдневно ја консумираме, потребни се 500 години.

Состојбата дополнително ќе ја влошуваат природните катастрофи (поплавите, земјотресите, циклоните, лавините, природната деградација на почвите, сушите). Стручњаците на Организацијата на Обединетите нации пресметале дека годишно околу 210 милиони луѓе на планетава се погодени од природни катастрофи предизвикани од временските неприлики, а најголем процент од луѓето што умираат, не умираат од природна смрт и болести туку се жртви на поплави, земјотреси, циклони, студови и жештини. Годишните материјални штети од природните непогоди се проценуваат на над 10 милијарди американски долари.

Овие природни непогоди се дополнително сврзани со појавата на заразни болести, посебно хепатитис, маларија, туберкулоза итн. Има податоци дека околу 15 % од тлото на земјата е веќе индустриски загадено и деградирано, а истото се однесува и на 50 % од речните извори и текови на планетата Земја.

ЕМИСИЈА НА ЈАГЛЕРОД ДИОКСИД (CO_2) НА КОНТИНЕНТИТЕ ВО 2001

Европа	1.677 милиони тони
Азија и Пацифик	2.167 милиони тони
Северна Америка	1.614 милиони тони
Латинска Америка и Карибите	365 милиони тони
Африка	223 милиони тони
Западна Азија	187 милиони тони

Прашањето на еколошката заштита и унапредувањето на животната средина е прашање кое треба да си го постави секоја држава, влада, индустрија, град, село, граѓанин. Од нивното поединечно однесување кон природата, од степенот на развој на нивната еколошка свест ќе зависи опстанокот на човечкиот род.

Според УНЕП (Програма за животна средина на Обединетите нации), на светот му се потребни усогласени активности и напори во производството, таканаречени зелени (еко) планови кои ќе придонесат за: спречување на натамошното климатско затоплување на Земјата и ширењето на дупките во нејзината озонска обвивка, намалување на емисиите на непожелните гасови од индустријата, запирање на деградирањето на тлото од хемиското и агрохемиското производство, реализација на проекти за употреба на чисти и обновливи извори на енергија. Колку побргу почнеме да ги преработуваме (рециклираме) лименките, старото железо, хартијата,

пластичните шишиња и колку побргу ја сфатиме користа од тоа, толку побргу ќе овозможиме услови за **одржлив развој**. Кога секој граѓанин на планетата Земја ќе сфати дека со преработка на еден тон алуминиумски лименки се заштедува дури 90 % електрична енергија, споредено со нејзиното добивање од природна суровина, кога би знаел секој од нас дека 1 тон рециклирано железо заменува 1,2 тони рудно богатство и дека натрупувањето на пластичните шишиња ни го намалуваат животниот простор за 35 %, зелените (еко) планови би почнале да се применуваат веднаш. Но, за тоа треба редовна едукација и подигање на еколошката свест.

12.4. Корпорациите, транснационалните корпорации и нивната моќ

Во процесот на глобализација, значајна улога имаат корпорациите, особено оние што имаат транснационален карактер (кои ги има во различни делови од светот). Корпорациите се големи стопански организации, што обично имаат концентрирано многу капитал, вработуваат многу работници (работна сила), поседуваат средства за производство во една или повеќе стопански гранки и остваруваат голем профит (екстра заработувачка). Од тие причини тие имаат голема производна, финансиска и политичка моќ.

„Мајкрософт“, „ИБМ“ (информатичката индустрија), „Џенерал моторс“, „Мицубуши“, „Фолксфаген“ (автомобилската индустрија), „Нестле“, „Кока-кола“ и „Келог“ (прехранбената индустрија), „Хилтон“, „Холидеј-ин“ и „Мекдоналдс“ во хотелиерството и угостителството се корпорации. Сопствениците, главните акционери и менаџерите на овие корпорации, спаѓаат меѓу најбогатите и најмоќните луѓе. Овие корпорации вработуваат повеќе стотици илјади работници, нивниот годишен профит изнесува неколку милијарди долари и поради тоа се моќни на светскиот пазар. Некои корпорации се чисто национални (произведуваат и продаваат во една држава), но можат и да бидат транснационални (да имаат свои претставништва, фабрики) во повеќе земји.

Така, на пример, „Мекдоналдс“ (McDonald’s) е американска компанијата за брза храна, основана во 1940 година, како ресторан, од страна на двајцата браќа Мек Доналдс. Во 2018 година бројот на вработени изнесувал 210.000, а денес е многу поголем. Во 2018 година имало 37. 855 Мекдоналдс ресторани на различни локации низ целиот свет, со годишна заработувачка помеѓу 6 и 9 билиони долари.

Една компанија станува транснационална кога својот вишок на капитал го вложува во други земји каде што трошоците за производство и цената на работната сила се ниски, а профитот повисок. Голем број компании понекогаш се принудени да го преселат својот капитал во други држави бидејќи се преголеми, односно пазарот во државата во која се наоѓаат им е претесен. Тие на домашниот пазар имаат монопол (ги диктираат пазарните цени, правила), а бидејќи не им се дозволува да работат како монополисти мораат да го селат производството во странство и стануваат транснационални корпорации.

Корпорациите акумулираат голем капитал/профит и го вложуваат за развојни цели и истражувања, во науката, иновациите, во усовршување на нови производи, материјали и технологии. Затоа некои социолози корпорациите ги нарекуваат генератори на напредокот, иновациите и модернизмот. Често корпорациите вложуваат големи средства за подигање на образовното, културното ниво на вработените како и за подобрување и создавање на **корпорациска култура**. Неа најмногу ја истражувале социолозите Дил и Кенеди. Тие утврдиле дека во големите фирми, односите помеѓу вработените се уредуваат според посебни вредности и норми на однесување, кои се карактеристични за таканаречената корпорациска култура. Корпорациската култура има големо влијание врз целокупната корпорациска организација, па дури и врз приватниот живот на вработените. Таа наметнува правила на кој начин ќе се донесуваат одлуки во фирмата, според кои критериуми ќе се наградуваат вработените, како ќе се облекуваат (дрес код) и со кои спортови ќе се занимаваат. Дил и Кенеди дошле до заклучок дека успешните фирми се тоа што се, благодарение на оваа култура.

Корпорациите, особено транснационалните се главни актери во процесот на економската глобализација. Во светот без граници (глобално село) кој го создава глобализацијата, на овие јаки фирми (корпорации) полесно им е да стекнат монопол (доминација) на светскиот пазар отколку на националните пазари. Својот капитал го **вложуваат** во други земји (обично во неразвиените) на тој начин што во нив отвораат нови фирми, вработуваат илјадници работници кои работат за ниски плати. Развиените телекомуникациски врски им овозможуваат да го организираат, раководат и рекламираат бизнисот на далечина преку интернет-мрежите, да ги наплатуваат своите производи на брз и едноставен начин (преку платежни картички) и преку кибер-технологијата да ги добиваат сите информации точно и на време. Моќта на мултинационалните корпорации се огледа во тоа што тие произведуваат дури една тре-

тина од индустриските производи во светот и остваруваат најголем процент од светската трговија. Многу од нив даваат хуманитарна помош на сиромашните земји.

Но, на мултинационалните компании им се упатуваат големи критики. Им се забележува дека тие во голема мера ги исцрпуваат природните и човечките ресурси на земјите во развој, дека прават големи профити продавајќи скапи производи ширум светот и дека со својата политичка моќ влијаат во малите, сиромашни земји на власт да дојдат корумпирани (поткупливи) и ненародни влади. Се смета дека од нивните редови се издвојува нова капиталистичка (транснационална) класа која создава должнички односи помеѓу сиромашните и богатите во светот.

Научи повеќе

Во согласност со бруто-домашниот производ на земјите, куповната моќ, инвестициите и трговијата, направено е рангирање на 10-те најбогати држави во светот. На кое место се наоѓаат Соединетите Американски Држави, а на кое Ирска? Резултатите ќе ве изненадат. Соединетите Американски Држави се на десетто место на ранг-листата, а пред нив се Швајцарија, Кувајт, Обединетите Арапски Емирати, Норвешка, Ирска, Брунеј, Сингапур, Луксембург и на врвот на листата, за најбогата земја се смета Катар.

(извор: www. crnobelo.com)

12.5. Меѓународна економска интеграција

Цел на Меѓународната заедница и на Организацијата на Обединетите нации (ООН) како универзална светска организација е светот и човештвото да се развиваат ускладено, забрзано и урамнотежено. Тоа значи постапно да се надминуваат разликите меѓу развиените и неразвиените, меѓу богатите и сиромашните земји, а истовремено во светот да се надмине технолошкиот, научнообразовниот и културноцивилизацискиот јаз меѓу народите, државите, регионите и континентите. Бидејќи добар дел од тие разлики не се општествени и економски, туку се природно условени (земјите имаат специфична клима, хидрографија, вегетација, земјишни богатства), потребни се и дополнителни мерки за надминување на разликите. Има научници кои сметаат дека, доколку разликите во бруто-производствата на земјите во светот имаат сооднос од 15:1 или 18:1, тогаш барем една половина од тие разлики треба да се припишат на разликите во природните, климатските, хидро и вегетациските

услови. Меѓутоа, остатокот од разликите треба да се бараат во политичките, социјалните, државните и историските поделби на светот.

Од тие причини Меѓународната заедница активно го поттикнува ускладениот развој на земјите, регионите и континентите на светот, пред сè, преку политики за економска интеграција. Оваа политика подразбира обезбедување на што полесен, непречен и слободен тек на стоките, капиталот и работната сила помеѓу државите и регионите во светот. Тоа значи дека со ваквата политика се настојува да се смалат царинските стапки, да се заштити трговијата, да се изедначат колку што е можно цените на основните суровини и енергија, да се вложува поголем капитал во земјите во развој, да се намалат каматите за кредити во тие земји со што ќе се овозможи развој на трговијата и слободниот пазар.

Постојат повеќе светски и меѓународни организации и агенции што го насочуваат овој процес. Најважни организации што ја поттикнуваат регионалната и светската економска интеграција се: Светската трговска организација (СТО), Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Светската банка (СБ) и Европската банка за обнова и развој (ЕБРД).

Основните проблеми со кои се соочува процесот на економска интеграција во светот се: презадолженоста и ниската куповна и производна моќ на земјите во развој, големите разлики во цената на трудот меѓу различни земји, демографскиот бум (пораст на населението), високите стапки на наталитет во одделни земји и региони.

Како и да е, економската интеграција во светот се одвива забрзано и тоа во рамките на регионите и континентите. Веќе се создадени заеднички пазари или економски обединувања какви што се: НАФТА (Северно-американската организација за слободна трговија), Европската Унија, ЦЕФТА (Средно-европската организација за слободна трговија), ОАЕ (Организацијата на африканското единство) кои реализираат многу економски интеграциски проекти.

Типична асоцијација која има за цел економски, политички, правно, социјално и културно да го здружи (интегрира) европскиот континент е **Европската Унија**.

Идејата за европската интеграција настанала веднаш по Втората светска војна со цел спречување на понатамошни воени судири, зачувување на мирот и стабилноста на стариот континент. Во 1950 година, најпрво, се здружиле земјите на Западна Европа. Денес, Европската Унија има 28 членки и 5 земји со статус на кандидатки за членство, меѓу кои е и Република Северна Македонија. Самиот

факт дека таа постојано се проширува со нови земји членки е доказ дека 50 години успешно обезбедува стабилност и просперитет на Европа.

Европската Унија функционира како држава. Европскиот парламент е највисокиот законодавен орган, Европската комисија извршува улога на влада, а Европскиот суд е највисок судски орган. Повеќето членки на Европската Унија веќе усвоија заедничка валута - еврото, имаат единствен бесцарински пазар, заедничка надворешна политика ускладена со Соединетите Американски Држави и одбранбена политика (НАТО). Унијата има и свое знаме и своја химна. Таа се развива во насока на создавање на Европска Федерација. И не само на полето на политиката и економијата, туку Унијата ги проширува своите надлежности и во областа на образованието, науката и културата.

Но, европската интеграција не подразбира само членство во Унијата. Многу е поважно како општеството на земја членка ќе се здружи со останатите. Интеграцијата им овозможува на земјите членки, дел од своите проблеми да ги решаваат преку институциите на Унијата, да ја водат политиката во своите држави според европски стандарди, да го подобрат квалитетот на животот на граѓаните и животниот стандард и слично.

Кога Република Северна Македонија ќе стане членка на Европската Унија тогаш таа ќе креира европска политика заедно со останатите земји и ќе влијае врз донесувањето на одлуките. Ќе бира свои претставници во Европскиот парламент. Министрите и шефот на државата ќе присуствуваат на заседанијата на Европскиот совет и Советот на министри и ќе учествуваат во работата на сите тела на Унијата.

Членството во Унијата ќе придонесе стабилизација на општеството, а бројните промени во политиката и економијата позитивно ќе влијаат врз животот на граѓаните во Република Северна Македонија (подобра здравствена заштита, подобра заштита на животната средина, смалување на нивото на корупција и безбедност на работните места, соодветна заштита на потрошувачите, рамноправно учество на европскиот пазар и контрола на сè што се произведува). Финансиската помош што ќе ја добие од Унијата ќе и овозможи на Република Северна Македонија регионален развој во земјоделството, стопанството, индустријата и зајакнување и проширување на бизнисите. Граѓаните ќе можат слободно да патуваат, младите да студираат на европските универзитети и да се вработуваат насекаде низ Европа. Европската Унија е единствен наднационален

сојуз на европски демократски земји кои заеднички работат за да го подобрат животот на своите граѓани.

Светската трговска организација (СТО) е меѓународна организација која има за цел да ги надгледува трговските договори кои меѓусебно ги склучуваат нејзините земји членки, поточно проверува дали при нивното склучување се почитуваат трговските правила. Тоа го прави преку свои органи и има двојна улога. Првата улога е да ги засили правилата кои важат во меѓународната трговија, а втората улога е да ја овозможи либерализацијата на трговијата што подразбира укинување на ограничувањата во меѓународната трговија и можност за развој на послабо развиените земји.

Светска трговска организација со седиште во Женева

Организацијата на африканското единство е основана со цел да поттикне економска соработка (економска интеграција) помеѓу африканските земји и создавање на единствен африкански пазар.

Светската банка (World Bank) е меѓународна организација која е одговорна за обезбедување на финансии (кредити) и давање на совети на земјите со цел да се зголеми економскиот развој и да се намали сиромаштијата Седиштето и е во Вашингтон, а локални канцеларии има во 124 земји и во Република Северна Македонија.

Првата задача по основањето и била да помогне во обновувањето на Европа по нејзиното уништување во Втората светска војна. По обновата на Европа, работела на поттикнување на развој на неразвиените земји.

Во поново време, Светската банка им помага на земјите во јакнењето на нивниот законодавен и судски систем за да ги охрабрува инвеститорите да почнат бизниси, како да се почитуваат договорите и нуди решенија за заштита на сопственичките права.

12.6. Обединетите нации и други интернационални организации

Колку повеќе светот се глобализира и станува меѓузависен, толку повеќе Меѓународната заедница има потреба од организации кои ќе го насочуваат овој процес. За таа цел, Заедницата создала и сè уште создава многубројни меѓудржавни, недржавни, стручни, хуманитарни и други организации и здруженија. Нивната задача е да го ускладуваат развојот на земјите и регионите во светот, но и да ги спречуваат и разрешуваат несогласувањата и конфликтите помеѓу нив, кои најчесто настануваат поради различни и често спротивставени интереси (национални, етнички, верски), кои понекогаш доведуваат до воени судири. Војните биле и сè уште се најголем проблем за човештвото кои не може да го надмине ни современиот свет.

Денес, светот не е поделен на сојузи, блокови кои имаат различни економски, територијални, идеолошки интереси како што било пред еден век, па затоа и опасностите од војни од светски размери се помали. Помали се и изгледите за масовни нуклеарни, биолошки или хемиски катастрофи предизвикани од војни. Но, Меѓународната заедница се соочува со нови опасности и закани: тероризам, природни и еколошки катастрофи, епидемии и болести.

Светската организација која дејствува во насока на спречување на несогласувањата, конфликтите помеѓу државите и се залага светот да се развива поусогласено и урамнотежено е **Организацијата на Обединетите нации (ООН)**. Формирана е во 1945 година во Сан Франциско. Дејствува преку свои органи и тела. Организацијата има на располагање многу средства како да го заштити мирот во светот, вклучувајќи ги и меѓународните мировни сили.

Обединетите нации имаат и Економско-социјален совет, специјализирани агенции и организации за помош на земјите во развој. Такви се Организацијата за храна и земјоделство (ФАО), Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (УНЕСКО), Организацијата на Обединетите нации за индустриски развој (УНИДО) и слично.

Обединетите нации, исто така, ја насочуваат и дејноста на Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд. Банката и Фондот им даваат на земјите во развој заеми за проекти под поволни услови за да го унапредат сопственото стопанство, како би можеле побрзо да се поврзат со светското стопанство. Многу е важно населението да биде вклучено во овие проекти, да учествува во заедничките активности насочени кон миротворни, хуманитарни и развојни цели

како би можело да се создаде јавно мислење. Важно е, исто така, сите држави во светот да ја следат политиката на Обединетите нации за спречување на војните, политиката за разоружување и уништување на нуклеарното и другите видови оружје за масовно разурнување. Освен тоа, за светот како целина, од судбинско значење е да има што помалку разлики во нивоата на економскиот развој, сите земји да водат порамномерна популациска политика и да ги чуваат и негуваат природните и еколошките извори за живот на планетата.

ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Според членот број 1 од Повелбата на Обединетите нации, од 1945 година целите на Обединетите нации се:

- Да го одржуваат меѓународниот мир и безбедност, и за таа цел: да преземаат ефикасни колективни мерки за спречување и отстранување на заканите по мирот и поради спречување на акти на агресија или други нарушувања на мирот, да постигнат, со мирни средства и во согласност со начелата на правдата и меѓународното право регулирање и решавање на меѓународните спорови или ситуации што би можеле да доведат до нарушување на мирот.
- Да развиваат пријателски односи меѓу нациите, засновани врз почитување на начелата на рамноправност и самоопределување на народите, како и да преземаат други соодветни мерки со цел да се зацврсти мирот во светот.
- Да остваруваат меѓународна соработка при решавањето на меѓународните проблеми од економски, социјален, културен или хуманитарен карактер, како и да поттикнуваат почитување на човековите права и основни слободи за сите, без оглед на расата, полот, јазикот или верата.
- Да бидат центар во којшто ќе се усогласуваат постапките на нациите насочени кон постигнување на овие заеднички цели.



Организацијата на обединетите нации (ООН) со седиште во Њујорк

Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ) е регионална организација под закрила на Обединетите нации. Формирана е за да создаде безбедност и регионална стабилност со помош на демократски средства и демократско владеење. Врши контролата врз наоружувањето, човековите права и слободните избори. Беше задолжена да ги следи парламентарните избори во 2016 година во Република Северна Македонија.

Советот на Европа е најстара европска меѓународна политичка организација, формирана 1949 година. Во неа членуваат 47 земји меѓу кои е и Република Северна Македонија. Основна задача е и создавање на единствена Европа која се заснова на слободата, демократијата, заштитата на човековите права и владеењето на правото. Седиштето на организацијата е во Стразбур, Франција. Советот на Европа не треба да се меша со Европската Унија. Тоа се две различни организации иако имаат исто знаме. Едно од најголемите достигнувања на Советот на Европа е изработката и потпишувањето на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи.

НАТО (Атланска алијанса) е меѓународна организација задолжена да се грижи за мирот и безбедноста на земјите членки. Формирана е со потпишувањето на Северноатлантскиот договор, а седиштето и е во Брисел (Белгија). Со земјите членки развива систем на колективна одбрана што подразбира обврска заеднички да се одбрани секоја земја членка, доколку биде нападната од надворешни непријатели. Република Северна Македонија е членка на НАТО од 27 март 2020 година..

12.7. Заканите на глобалната средина

Глобализацијата на животната средина е најстара и најприсутна димензија на процесот на глобализација која може да се сретне на секој чекор. Се дефинира како мрежа од меѓузависности во која се емитуваат штетни (патогени) материи кои го загрозуваат здравјето на луѓето. Со други зборови, **станува збор за загадувањето на животната средина на глобално ниво и последиците од тоа.**

Прашањата поврзани со загрозувањето и заштитата на животната средина во последно време се клучни прашања во владините политики ширум светот. Во центарот на внимание се алармантните податоци во врска со необновливите природни богатства, нарушената биолошка разновидност, појавата на озонските дупки, негативното влијание на сончевите зраци, глобалното затоплување и

климатските промени, појавата на нови болести (ширењето на вирусите ХИВ и САРС) и слично.

Несфатливо е зошто човекот сè уште произведува и развива технологија за себеуништување. Зошто создава хемиско, биолошко и нуклеарно оружје. Во многу земји средствата вложени во воената индустрија и во наоружувањето ги надминуваат средствата вложени во образованието, науката, здравството и културата.

Глобализацијата на светот придонесе сите овие еколошки закани потешко да се контролираат, но еколошките прашања сè уште имаат иста тежина како и економските, безбедносните и социјалните прашања. Сведоци сме дека Меѓународната заедница со свесни и насочени политики се обидува да ги ублажи последиците од загадувањето на природата од нуклеарниот отпад и да ја намали хемиската и биолошката деградација на воздухот, земјиштето, шумското, енергетското и водното богатство. Но, се чини дека во тоа потешко успева, а луѓето и понатаму продолжуваат да се однесуваат кон природата несовесното и нехумано уништувајќи ги нејзините природни ресурси.

Природните ресурси, се основа на секоја економија. Некои од нив се обновливи, некои не. Обновливи се оние кои со помош на нашиот труд одново се создаваат, додека необновливите се дадени од природата во ограничени количини. Обновливи се, на пример, шумите, сончевата енергија, енергијата на ветерот. Земјоделското земјиште, водата и воздухот се делумно обновливи, а во групата необновливи ресурси спаѓаат минералните богатства (рудите, нафтата, природниот гас).

Недостигот на ресурси најчесто е причина за судири помеѓу народите, а се предизвикани од климатските промени за чие настанување е виновен човекот. Употребата и согорувањето на јагленот, нафтата и нафтените деривати во индустријата, сообраќајот, домаќинството, со децении наназад, доведе до зголемување на концентрацијата на гасови кои го предизвикаа ефектот на стаклена градина во атмосферата поради што се смени климата на нашата планета.

Закани од климатските промени. Се претпоставува дека влијанието на човекот на климатскиот систем ќе предизвика далекусежни последици во наредните триесет години кога се очекуваат поинтензивни поплави, суши, топлотни бранови и обилни дождови. Тие би можеле да ги прекинат транспортните и трговските патишта какви што се Панамскиот и Суецкиот канал, а тоа би се одразило на глобалниот пазар и синџирот на снабдување со стоки. Ќе се зголеми потрагата по храна и вода, а тоа би довело до миграции

и судири меѓу луѓето. Зголемувањето на нивото на морињата и океаните, поради поинтензивното топење на глечерите на Гренланд и интензивните дождови, ќе го зголемат ризикот од поплави од кои може да настрада половина од населението во светот.

Поплавите, пак, предизвикуваат ерозија (уништување) на плодното земјиште и секогаш се придружувани со епидемии и заразни болести. Силните бури, порастот на нивото на морињата и океаните во подолг временски период би го нарушиле бродскиот сообраќај кој е важен за трговијата и туризмот. Голема е веројатноста да се зголеми бројот на авионските, автомобилските и железничките несреќи поради зголемените турбуленции во воздухот, топењето на асфалтот и деформацијата на железничките пруги.

Влијанието на климатските промени врз економијата

Екстремните климатски промени кои ги предвидуваат експертите ќе предизвикаат и промени во економијата, особено во економиите на неразвиените земји. Недостатокот од плодно земјиште предизвикан од ерозиите, смалувањето на приносите во земјоделството, смалувањето на продуктивноста, загубите во трговијата, туризмот, се само дел од штетите кои се очекуваат. Колкав би бил домашниот бруто-производ (БДП - е мерка за сѐ она што е произведено во една земја), ако се намалат земјоделските приноси и продуктивноста на трудот?

Резултатите од едно истражување кое го спровела Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), во рамките на еден проект покажале дека климатските промени ќе предизвикаат значително намалување на глобалниот бруто-производ за околу 1 % на годишно ниво, а негативните последици ќе ги почувствуваат околу 25 региони во светот од кои најмногу се во Африка и Азија. Поразвиените земји ќе можат подобро да се справат со последиците од „климатските шокови“ отколку неразвиените. Затоа секој регион треба да ги предвиди последиците од климатските промени.

Недостаток на вода

Околу 2,5 милијарди луѓе во светот немаат доволно вода за да ги задоволат своите дневни потреби или немаат пристап до чиста вода за пиење, а околу 4,5 милијарди луѓе немаат соодветни санитарни услови за живот. Се проценува дека до 2050 година побарувачката за вода во светот ќе биде за 20 до 30 % поголема од сегашната побарувачка. Експертите пресметале дека на Меѓународната заедница, за да ги задоволи своите годишни потреби, ќе и бидат потребни преку пет милиони кубни километри вода што е податок што загрижува.

Ќе се зголеми и потребата од вода за наводнување во земјоделството. Иако повеќето од земјите во светот располагаат со доволно водни ресурси, нерационалното користење може да предизвика криза за вода. Искористувањето на подземните води може да биде решение за надминување на водната криза, но, експертите велат дека дополнителен проблем претставува загаденоста на почвата која ја загадува и подземната вода. Од овие причини некои региони во светот би можеле да останат без вода за пиење. Така, на пример, во Бангладеш, држава во Азија, 85 % од подземната вода е загадена, а од 1990 година наваму водата е загадена и во повеќето реки во Африка, Азија и Латинска Америка. Ако продолжи загадувањето, се очекува овие бројки значително да се зголемат, а тоа би значело дека најголем дел од светската популација нема да има пристап до чиста вода. Неквалитетната вода е честа причина за епидемии на заразни болести.

Недостатокот на вода е сериозна глобална закана, велат експертите.

Загадување на воздухот

Загадувањето на воздухот е еден од најсериозните еколошки проблеми. Една студија во која се истражувале болестите на глобално ниво покажала дека во 2013 година, загадениот воздух предизвикал предвремена смрт кај 5,5 милиони луѓе. Загадениот воздухот предизвикува далекусежни последици по здравјето на луѓето (белодробни и срцеви заболувања). Болестите ги зголемуваат трошоците за здравствена заштита, ја намалуваат работоспособноста на луѓето, а како краен резултат се јавува слабеење на економијата.

Светската банка предупредува: доколку веднаш не се преземат мерки, климатските промени до 2030 година би можеле да турнат во сиромаштво 100 милиони луѓе.

12.8. Глобализацијата на медиумите

Во моментот кога ликот на Нелсон Мандела (првиот црн претседател на Северна Африка) ќе ни стане попознат од ликот на нашиот прв сосед, тоа е знак дека нешто се променило во природата на нашето секојдневно искуство. Ова се зборови на социологот В. Павичевиќ со кои се обидува да ја објасни глобализацијата на медиумите. Тие во голема мера ги менуваат нашите животи. Ни овозможуваат од дома, преку ТВ-екраните и интернет-сервисните канали од типот на YouTube, да ги следиме Летните олимписки игри во Токио, концертите на Лејди Гага, погребот на принцезата Дајана, посетите на папата низ светот, цунамито во Јапонија, терористичкиот напад врз Светскиот трговски центар во Њујорк и слично. Ни ги направија достапни њујоршкиот весник „Хералд Трибјун“ (Herald Tribune), јапонскиот „Асахи Шимбун“ (Asahi Shimbun), руските „Правда“ или „Монд“, кои се печатат во милионски тиражи и се читаат низ многу земји и реги-

они. Сателитскиот ГСМ систем на мобилна телефонија денес го користат повеќе од 800 милиони претплатници во светот. Оптичкиот телефонски кабел Фибер е поставен во должина од 40 милиони километри низ целата планетата. Секој вод од тој кабел може да пренесува 8.000 телефонски разговори. Овие примери потврдуваат дека технологијата, технологизираните медиуми, јавните гласила ширум светот, го поврзуваат човештвото и го создаваат светското јавно мислење.

Глобализација на медиуми - поим и значење

Постојат тврдења според кои процесот на глобализација бил поттикнат од хуманистичкиот идеал за создавање на единствена заедница на луѓе, идеи, искуства, знаења кои ќе тежнеат кон напредок на човештвото. Во економска смисла тоа значи стекнување и зголемување на богатство, создавање на заеднички пазар, слободен проток на стоки и слично. Во техничка смисла, глобализацијата е условена од развојот на телекомуникациските технологии (телеграф, телефон, телевизија, мобилна телефонија, интернет) кои ги поврзуваат и најоддалечените делови од планетата, овозможуваат слободен проток на информации и поттикнуваат создавање на глобален медиумски пазар. На овој начин и културата започнува да се глобализира, а медиумите стануваат основни креатори на општествената реалност. Освен што ги пренесуваат на нов начин постојните норми на однесување и размислување, медиумите ги пренесуваат и наметнуваат размислувањата од Запад (Западната култура) како единствено исправни и пожелни начини на размислување. Ова се случува бидејќи медиумскиот пазар е поделен помеѓу најголемите транснационални медиумски компании кои го контролираат медиумското дејствување. Поделбата е направена врз база на жанрот на медиумското дејствување па во таа смисла постојат водечки канали за спорт, како, на пример: ESPN (Entertainment and Sports Programming Network), во сопственост на американската компанија Дизни (Disney), MTV, VH1 во сопственост на компанијата VIAKOM international, информативен канал во сопственост на Си-ен-ен (CNN) и многу други. Паралелно со телевизиските канали, транснационалните компании имаат во сопственост и веб-портали, весници, списанија, социјални мрежи, филмски и музички студија и продуцентски куќи. Ваквата структура на компаниите по моделот на олигополи (мал број произведувачи меѓусебно си конкурираат произведувајќи исти или слични производи), ја оневозможува демократичноста, слободата на медиумите и јавното мислење.

Во вакви услови медиумите ја губат својата основна функција. Наместо преносители на демократската комуникација, стануваат преносители на информации во еден правец (од глобалните медиуми на западните општества кон незападните). Фактот дека со целокупниот медиумски пазар на забава, вести, телевизија и филм владее група од неколку медиумски компании, како, на пример: AT&T, Sony, AOL/Time Warner, Bertlesmann, LibertyMedia, Vivendi Universal, General Electric, Viacom, Walt Disney Company, News Corporation, укажува дека процесите на економската и медиумска глобализација се тесно поврзани. Прашањата поврзани со глобалните медиуми не можат да се анализираат ако не се спомнат малиот број компании кои се вклучени во распределбата на богатството кое им го обезбедува медиумскиот пазар. Со тоа може да се прифати како точно тврдењето на професорот по глобални медиуми, Рантанен, кога вели дека медиумите и глобализацијата се како коњ и кочија. Нема глобализација без медиуми.

Се смета дека глобализацијата на медиумите започнала во оној момент кога големите новински агенции почнале да го употребуваат телеграфот како средство за комуникација. Тогаш телеграфот се сметал за интернет на XIX век.

Пионери во процесот на медиумската глобализација биле светски медиумски куќи, кои преку емитување на вести ги поврзувале луѓето со различни култури.

Како резултат на тоа денес речиси дека и не постојат разлики помеѓу младите во Европа, Америка, Азија. Сите се облекуваат во џинс-облека, патики, маици, сите слушаат иста музика, независно дали се Данци, Кинези, Корејци, Американци и слично. Социолозите сметаат дека медиумското влијание било пресудно за промените во облекувањето на младите во Кина. Под влијание на телевизијата и интернетот, кинеските власти сфатиле дека не можат да се спротивстават на желбата на младите Кинези да личат на своите врсници ширум светот и им дозволиле покрај традиционалната, да носат и џинс- облека. Ова е само еден од многуте примери на големото влијание на медиумите врз идентитетот на луѓето во сите области од општественот живот (во политиката, уметноста, културата, економијата, и во екологијата. „Мисли глобално, дејствувај локално“ е слоган кој го користат медиумите во зајакнувањето на еколошката свест).

Ништо повеќе од медиумите, особено најновите кои дигитално пренесуваат разни датотеки преку јазична комуникација, текст, аудио, видеоелементи, не придонесува за развој на светот во правец на глобалното село. Модерната мас-медиумска технологија им овозможува на фирмите и компаниите да го водат бизнисот преку бизнис-комуникација заснована на интернет-апликации и платформи,

мејлови при што во голема мера се намалуваат трошоците при работа. Комуникациската технологија се користи и во производството. Со нејзина помош се следи продуктивноста, продажбата, потрошувачката, резервите, се рекламираат нови производи, се планираат идните вложувања на капитал, се бараат нови пазари и слично.

Денес, мобилните телефони се помагало за пренос на информации и остварување на комуникации. Бројот на корисници на мобилни телефони во светот поминува 5 милијарди.

Развојот на информатичката, телекомуникациската и дигиталната технологија придонесе за мрежно поврзување на светот, или како што вели социологот Меклуан придонесоа светот да стане „глобално село". Светот го зближуваат комуникациски и информатички мрежи кои ги надминуваат расните, етничките, јазичните, културните препреки, а како резултат на тоа светската јавност стекнува исти вредности, ставови, стилови на живот, политичкокултурни насоки и станува критична, свесна за сѐ она што се случува во светот. А за тоа најголема заслуга имаат глобализираните медиуми.

Негативни последици од глобализацијата

Голем број социолози глобализацијата ја сметаат за последица на модерното кое го карактеризираат брзи и дифузни промени што подразбира брзо ширење на западните институции ширум светот, а слабеење на локалните култури. Во основа глобализацијата е процес на нееднаков развој кој создава нови облици на меѓузависност во светот. Самиот факт дека неразвиените земји тешко се развиваат, со глобализацијата нивната зависност станува уште поголема од развиените земји. А тоа значи дека развиените земји ќе ја имаат контролата над природните ресурси во неразвиените земји. Капиталот кој ќе го вложуваат развиените земји во економијата на неразвиените земји не е за да го помогнат нивниот економски развој, туку поради експлоатација и контрола во политиката и во сите други области на животот. Глобализацијата поттикна создавање на нова транснационална капиталистичка класа на која поле за репродукција е целата планета. Нејзин појавен облик се мултинационалните компании на кои им припаѓа една третина од светското производство. Светот денес, без сомнение, е побогат од пред стотина години, но сиромаштијата не само што не е намалена туку е со тенденција да се зголемува. Светските статистики покажуваат дека во последните неколку децении сиромаштијата се зголемила за нови 100 милиони луѓе.

Провери што си научил/а за темата Глобализација на општествениот живот

1. Осознај го значењето на екологијата за животот на човекот.
2. Кои се основните фактори за еколошката заштита на животната средина?
3. Обиди се да изработиш твој личен екоплан за заштита на животната средина. Кои активности би ги преземал/а ?
4. Пронајди на интернет информации за најмоќните корпорации во светот и открии што ги прави толку моќни.
5. Објасни ги позитивните и негативните влијанија на мултинационалните компании и на кој начин тие можат да го обликуваат животот на луѓето во светот.
6. Што се подразбира под меѓународна економска интеграција?
7. Кои се најважните организации што ја поддржуваат економската интеграција во светот?
8. Зошто на Меѓународната заедница и се потребни меѓународните организации? Која е нивната улога?
9. Прочитај за опасностите со кои се соочува модерното општество и дали општествата можат сами да се справат со нив.
10. Објасни ги причините за појава на глобализацијата.
11. Која е улогата на наднационалните институции/ организации во процесот на глобализација?
12. Дознај која е улогата на Европската Унија и зошто се смета за наднационална творба?
13. Обиди се од историја да дознаеш повеќе за колонизацијата и начинот на живот во колонизираните земји.
14. Што е нацијата како социолошка категорија и како се формира?
15. Објасни го значењето на производството на храна во светот.
16. Како глобализацијата влијае врз зголемување на нееднаквостите во светот?
17. Кои се основните фактори за нерамномерната распределба на храната во светот?
18. Кои се основните закони на глобалната средина?
19. Осознај некои фактори кои се значајни за настанување на конфликтните ситуации во светот: локални, регионални и глобални.
20. Кои се најголемите загадувачи на твојата најблиска околина?
21. Која е функцијата на глобализацијата на медиумите?
22. Кој е придонесот на информатичката, телекомуникациската и дигиталната технологија за глобализацијата на медиумите.
23. Како се создава светско јавно мислење?

РЕЧНИК НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ (АЗБУЧНИК)

Апстиненција - неучество, пасивност, отсуство

Апсолутизам - неограничена власт и влијание на поединецот или група врз некоја заедница, општество или држава; систем на недемократска власт

Асоцијација - здружување, здружение, организација

Автономија- самостојност

Автентичност - веродостоен, оригинален

Автоматизација - облик на организација на трудот во услови на развиени производни сили (замена на човекот со автоматизирани машини)

Авторитет – углед, влијание што некоја личност, установа, ги има врз друга личност/установа.

Анархија – безвластие.

Аристократија – политичко уредување на чие чело стои слој на богати луѓе(благородници).

Аномија – состојба на дезорганизација во општеството, отсуство на норми за регулација.

База - основа, подлога, темел

Борд - управен, извршен, владејачки орган, одбор, совет и слично

Бирократија - слој на луѓе кои извршуваат посебни функции во сложената поделба на трудот.

Власт - појава во политиката која означува право на управување, поседување на клучна политичка, правна или економска моќ.

Влада - највисок извршен управен орган на една држава во парламентарните системи на власт, како и во автократските политички режими. Во поширока смисла - сите органи што се вршители на власта во државата

Воена диктатура - државно уредување во кое власта во државата ја имаат воени лица или воени органи.

Граѓанин - човек кој има одредени слободи, права и должности во заедницата во која живее (припадник на една држава).

Граѓанско општество - општество засновано на приватна сопственост над средствата за производство и правна еднаквост на граѓаните.

Граѓанство - збир на луѓе кои населуваат одредена територија и имаат одредени слободи, права и должности кон заедницата

Геноцид - акција за уништување на некоја национална, етничка, расна или верска група (сеубивање).

Граѓанско општество - општество засновано на приватна сопственост над средствата за производство и правна еднаквост.

Групирање - поврзување на луѓето.

Демос - народ.

Дезинтеграција - распаѓање на некоја општествена целина (група, институција)

Демократија - власт на народот, еднаквост и право на секој граѓанин да учествува во одлучувањето во јавните и државните работи.

Демократска власт - власт што ја врши народот.

Декларација - официјална изјава на една (повеќе) држава дека ќе го почитува договорот склучен на меѓународен план.

Деликвенција - свесно и сакано поведение кое е спротивно на општествените правила.

Етничка група - група луѓе кои живеат на заедничка територија, имаат заедничко потекло, заеднички јазик, религија, традиција, обичаи и култура.

Егзистенција - човеково постоење.

Еколошка криза - нарушување на рамнотежата помеѓу природните ресурси и потребите на човекот.

Елита - одбрано малцинство во кое влегуваат најспособните, најдобрите, најзначајните претставници на општеството.

Емиграција - физичко движење на поединци и групи во географски простор.

Експлоатација - искористување на подредени групи и класи од страна на надредените за постигнување на материјална придобивка.

Јавност - група граѓани кои релативно трајно учествуваат во општественополитичкиот живот на едно општество каде активно ги искажуваат своите политички ставови.

Институција – организирана и регулирана форма на сложени и многубројни односи на луѓето вршејќи определена општествена активност.

Интеграција - општествен процес на поврзување.

Интеракција - меѓусебно дејствување.

Јавен интерес - интерес значаен за целокупната општествена заедница.

Јавно мислење - мислење (став) на една општествена група или глобална заедница кое се формира во врска со прашања од интерес на целото општеството.

Јавна власт - државна власт.

Конфликт - судир на интереси, сфаќања и идеи.**Компромис** - спогодба, усогласување на ставови.

Конвенција - меѓународен договор со кој се регулираат некој вид односи.

Класи - поделба на луѓето според сопственичките односи.

Колонија - земја економски и политички зависна од некоја империјалистичка држава.

Монархија - **кралство** - наследен суверен на некоја држава што е според обликот - кралство

Морална норма - непишано правило со кое се утврдува што е лошо, а што добро во поведението на човекот.

Монопол - исклучително право на некого да го контролира туѓиот труд и донесување на одлуки.

Моќ - способност на поединец/група да влијае врз некои аспекти на општествениот живот.

Протест - енергичен приговор против нечие дејствување кое се смета за неправилно.

Политички права - права кои на граѓаните им овозможуваат учество во политиката на земјата (да избираат, да се здружуваат, слобода на зборот итн.).

Повелба - свечена писмена изјава која содржи основни начела на меѓународната политика (Повелба на Обединетите нации)

Пратеник - избран или именуван претставник, ополномоштен од некој колектив, избирачко тело или државата со цел да ги застапува

Премиер - прв министер, претседател на Министерски совет, претседател на влада

Претставничка демократија - политички режим во кој управуваат претставници на народот избрани по волја на народот

Пуч - ненадејна и насилна промена на власта во државата

Расна дискриминација - ограничување на правата на одредени народи поради расна припадност

Република - државно уредување најчесто со парламентарна владејачка и со шеф на извршната власт - претседател на Републиката

Референдум - начин на директно изјаснување на сите лица што имаат право на глас за секој законски предлог или важно прашање за државата.

Собрание/парламент - највисокиот претставнички и законодавен орган на една држава

Слобода на печат - уставно право на граѓаните јавно да го изразат своето мислење преку печатот и другите медиуми.

Социетас - латински израз за општество

Устав - највисок правен акт на една држава кој ги содржи основните правила за нејзиното уредување.

Стратум - слој, ниво.

Тиранија - владеење на поединец или група без прописи, закони и избори а со целосна контрола врз народот.

Филателија - собирање на поштенски и други марки.

КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

1. Петроска, Б., 1998, Социологија, Скопје: Студентски збор;
2. Георгиевски, П., 1999, Социологија на образованието, Скопје: НИП Студентски збор;
3. Корубин, Ј., Ацески, И., 1995, Социолошки терминолошки речник, Скопје: Филозофски факултет и МАНУ;
4. Haralambos, M.,Heald, R., 1989, Uvod u sociologiju, Zagreb: Globus;
5. Мирчев, Д., 2002, Граѓанско образование за средни стручни училишта. Скопје: Биро за развој на образованието;
6. Станојевиќ, М., 2016, Социологија, Белград: Нови Логос;
7. Вулетиќ, В., 2017, Социологија, Београд: Klett;
8. Мирчев, Д., Ташева, М., Корубин, Ј., Стојановски, Н., 1994. Социологија; Скопје: Просветно дело;
9. Хараламбос, М.,Холборн, М.,1999, Социологија, Теме ин погледи. Љубљана: ДЗС;
10. Crompton, R., 1993. Klase i slojevitost, Oxford: Blazknell;
11. Јамбрек, П. 1990. Социологија. Љубљана: ЗПС.
12. Море, С., 1994. Социологија, Кључни поими ин дејства, Љубљана: ЗПС.
13. Флере, С., Марјановиќ, М.,1990, Увод у социологију, Београд: Научна књига.
14. Митровиќ, М., Петровиќ, С., 1992 , Социологија, Београд: Завод за учбенике и наставна средства;
15. Lunds, K., Jarme, B., 1988 Sociology, Nelson, Kanada.
16. Кралев, Т., 2004 Криминологија, - Преглед на основните поими, Скопје;
17. Ташева, М., 2003, Социологија, Скопје: 2. Август С Штип;
18. Moore, S., Chapman, S., Aiken, D., 2001, Sociology for AS-Level, London:Collins Educational;
19. Gidens, A., 1993, Sociology, London: Cambridge;
20. Gidens ,E., Posledice modernosti, Beograd: Filip Visnjic;
21. Општествена транзиција и образование, 1998, Зборник, Скопје:Институт за педагогија, Институт за социологија;
22. Гиденс, Е., 2003, Забеган свет, Скопје,Филозофски факултет,
23. Golubovic, Z., 1973, Covek I njegov svet, Beograd, Prosveta;
24. Mills, W.,1964, Elita vlasti, Beograd: Kultura;
25. Ташева, М., 1999, Социолошки теории, Скопје: УКИМ;
26. Вебер, М., 1976, Привреда и друштво, I,II, Београд: Просвета;
27. Goffman, E., 1959, Presentation of Self in Everyday Life, Garden City, N.Y.:Anchor;
28. Radic, N., Stevanovic, M., Radic, V., 2020, Ecologija, VOL.27,No 97
29. Милашиновиќ, С., 2009, Еколошке димензије глобализације, ЕКОЛОГИЈА, 16 број 54;
30. https://mk.rbth.com/arts/2016/05/26/kako-vo-rusija-se-neguva-slovenskata-tradicija_597415, автор, Иван Морозов, 26 мај 2016
31. https://sr.wikipedia.org/wiki/ModaPrimeri_modnih_akcija_kao_promocije_feminizm
32. Rantanen, T., 2005, The Media and Globalization, London: Sage.

СОДРЖИНА

1. ШТО Е СОЦИОЛОГИЈАТА? 5
1.1. Предмет на проучување 5
1.2. Основачи на социологијата 8
1.3. Современи ориентации/теории во социологијата 16
1. 4. Социолошки методи и техники 18

2. КУЛТУРА 24
2.1. Определување на културата 24
2.2. Човековата природа и културата 26
2.3. Културата како механизам за приспособување 29
2.4. Симболичка заснованост на културата (јазикот) 32
2.5. Културни сличности и културни разлики 34
2.6. Културен идентитет и етноцентризам 37
2.7. Културен релативизам 41
2.8. Поткултура (супкултура) и противкултура 43

3. СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА 47
3.1. Определба на социјализацијата 47
3.2. Човековото однесување е општествено однесување 50
3.3. Животен циклус (детство, младост, зрелост и старост) 52
3.4. Фактори на социјализацијата 54
3.5. Социјализација и индивидуална слобода (Конформизам - неконформизам) 57

4. ОПШТЕСТВЕНА ИНТЕРАКЦИЈА 61
4.1. Процес и видови на општествена интеракција 61
4.2. Општествени улоги 65

5. КОНФОРМИЗАМ И ОПШТЕСТВЕНА ДЕВИЈАЦИЈА 69
5.1. Вредности, норми и санкции 69
5.2. Определба на конформизмот и на општествената девијација 72
5.3. Криминал 75
5.4. Општествена девијација и општествениот поредок 79

6. ОПШТЕСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА 83
6.1. Определба и видови на општествена организација 83
6.2. Општествени групи 85
6.3. Формални организации 89

7. ОПШТЕСТВЕНИ ИНСТИТУЦИИ.....93
7.1. Семејство.....93
7.2. Религија.....97
7.3. Политиката, власта и државата.....103
7.4. Економија.....107
7.5. Образование.....111

8. НАСЕЛЕНИЕ И ЕКОЛОГИЈА.....118
8.1. Демографска структура.....118
8.2. Социјална екологија.....122
8.3. Урбаниот живот и општествената организација.....123

9. КОЛЕКТИВНОТО ОДНЕСУВАЊЕ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДВИЖЕЊА.....128
9.1. Природата на колективното однесување.....128
9.2. Толпа, организирана група и јавност.....132
9.3. Социјални движења.....134

10. ОПШТЕСТВЕНА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА И СТРАТИФИКАЦИЈА.....138
10.1. Определба на општествената стратификација.....138
10.2. Етнички групи.....144
10.3. Диференцијација по возраст и род.....148

11. ОПШТЕСТВЕНА ПРОМЕНА.....153
11.1. Општествената промена од историска перспектива.....153
11.2. Технолошка револуција.....156

12. ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ.....159
12.1. Поим за глобализација.....159
12.1. Формирање на нациите, колонијализмот и разликите меѓу богатите и сиромашните.....162
12.2. Производството на храна и гладот во светот.....165
12.3. Производството на храна и екологијата.....168
12.4. Корпорациите, транснационалните корпорации и нивната моќ.....171
12.5. Меѓународна економска интеграција.....173
12.6. Обединетите нации и други интернационални организации.....177
12.7. Заканите на глобалната средина.....179
12.8. Глобализацијата на медиумите.....182

Издавач:
„МАКЕДОНСКА ИСКРА“ Скопје
Бул. “Кочо Рацин“ бр. 10/4
Тел: 070 349 457 и 070 381 779
www.makedonskaiskra.com.mk

СОЦИОЛОГИЈА ЗА II ГОДИНА
реформирано гимназиско образование
(дополнето издание)

Автори:
Гордана Трајкова – Костовска
академик Димитар Мирчев

За издавачот:
Драган Поповски

Главен и одговорен уредник:
Славе Катин

Уредници:
Марјан Поповски
Славе Катин

Лектура:
Елена Тошева

Ликовно и графичко обликување
КОНТУРА - Скопје

Печат: **ЛИДЕА-ШТИП**

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

316(075.3)

ТРАЈКОВСКА-Костова, Гордана Социологија : за II година на реформираното гимназиско образование /
Гордана Трајкова-Костова, Димитар Мирчев. - Скопје :
Македонска искра, 2002. – 178 (194) стр. : илустр. илустр во бои ; 25 см

ISBN 9989-831-52-1

1. Мирчев, Димитар. - I. Костова,
Гордана Трајковска - види Трајковска-Костова, Гордана

COBISS-ID 50009866